PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere и Company

Отстранете ја шипката за мерење (A) и дневно проверувајте го нивото на масло. Нивото на масло треба да биде меѓу “ADD” и врвот на накрсно изрежаната област на шипката за мерење. Ако нивото на масло е под ознаката "ADD", додајте масло колку што е потребно. Погледнете во делот за горива и подмачкувачи за препораки во врска со маслото.


Внимавајте од истекувања. Не работете со моторот кога нивото на маслото е под ознаката "ADD" на шипката за мерење.

Конечно ниво 4/фаза V




H95306—UN—11FEB10

Стил A



H95396—UN—17FEB10

Стил B



H113142—UN—11MAR15

A—Шипка за мерење
B—ADD Ознака (за додавање)
C—FULL Ознака (за полно)

Новите мотори се наполнети во фабриката со моторно масло John Deere Break-In Plus™. За време на периодот на разработување, додајте моторно масло Break-In Plus™ по потреба, за да се одржи наведеното ниво на масло.

Работете со моторот во разновидни услови, особено под тешки оптоварувања со минимален празен од, за да остварите соодветно разработување на деловите на моторот.

Во текот на почетното работење на нов или обновен мотор, сменете го маслото и филтерот најмногу на секои 100 часа и најмалку на одредениот интервал за John Deere Plus-50™ II маслото. Погледнете во делот за горива и подмачкувачи за препораки во врска со маслото.

Променете го маслото и филтерот помеѓу 100 часови и 400 часови во текот на почетното работење на новиот или обновениот мотор.

ВАЖНО: НЕ додавајте дополнително масло се додека нивото на маслото не е ПОД ознаката ADD (B) на шипката за мерење. Маслото John Deere Break-In Plus™ треба да се користи за надоместување на кое било масло истрошено за време на овој период.

НЕ користете Plus-50™ или Plus-50™ II моторно масло во текот на периодот на разработка на нов мотор или на мотор кој имал голем ремонт. Овие масла нема да дозволат нов или ремонтиран мотор правилно да се разработи за време на овој период на разработување.

Често проверувајте го нивото на моторното масло во текот на периодот на разработка на моторот. Ако за време на овој период мора да се додаде масло, се препорачува масло John Deere Break-In Plus™.

ВАЖНО: НЕ полнете над ознаката FULL (C). Нивоата на масло во рамки на накрсно-изрежаната област на шипката за мерење се сметаат за прифатлив работен опсег.

Ако моторното масло John Deere Break-In Plus™ не е достапно, употребете масло за дизел мотори со степен на вискозност SAE 10W-30 кое задоволува едно од наведеното:

- API сервисна класификација CK-4
- API сервисна класификација CJ-4
- ACEA редослед на маслото E9
- ACEA редослед на маслото E6

Ако едно од овие масла се користи при почетното работење на нов или ремонтиран мотор, променете

Break-In Plus е регистриран заштитен знак на Deere & Company
PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere и Company

го маслото и филтерот помеѓу најмалку 100 часови и најмногу 250 часови.

ЗАБЕЛЕШКА: Одредено зголемување на потрошувачката на масло може да се очекува кога се користат масла со низок вискозитет. Почесто проверувајте ги нивоата на масло.

Избегнувајте продолжени период на работење на моторот во празен од или продолжена работа под максимално оптоварување. Ако моторот работи во лер подолго од 5 минути, изгасете го моторот.

После периодот на разработување, променете го моторното масло и заменете го филтерот на моторното масло. Наполнете го картерот со John Deere Plus-50™ II или друго моторно масло за дизел мотор. Погледнете во делот за горива и подмачкувачи за препораки во врска со маслото.

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека шипката за мерење е целосно завртена во куќиштето пред да ја отстранувате за да го проверите нивото на масло.

Отстранете ја шипката за мерење (A) и дневно проверувајте го нивото на масло. Нивото на масло треба да биде меѓу “ADD” и врвот на накрсно изрежаната област на шипката за мерење. Ако нивото на масло е под ознаката "ADD", додајте масло колку што е потребно. Погледнете во делот за горива и подмачкувачи за препораки во врска со маслото.

Внимавајте од истекувања. Не работете со моторот кога нивото на маслото е под ознаката "ADD" на шипката за мерење.

Сите машини



H117823—UN—22DEC16


Индикатор за температура

Ако темпрературата на воздухот е под -10°C (14°F) вклучете го грејачот на моторниот блок (ако има во опрема).

При нормална работа показателот за температура треба да биде во зелената зона.

ВАЖНО: Спречете можно оштетување на моторот. Не ИСКЛУЧУВАЈТЕ го моторот ако предупредувачкото светло за температура е ВКЛУЧЕНО или ако лентите се во црвената зона. ИСКЛУЧУВАЊЕТО на моторот предизвикува температурата на разладното средство уште повеќе да се зголеми, што доведува до оштетување на машината. Намалете го оптоварувањето и нека моторот работи на пониска брзина за да се намали температурата на разладното средство. Ако температурата не се намали брзо, исклучете го моторот и одредете ја причината пред да продолжите со работењето.

Внимателно набљудувајте го мерачот на температурата. Ако мерачот се помести во црвената зона, намалете го оптоварувањето на машината и утврдете ја причината пред да продолжите со работа.



H105922—UN—05OCT12

A—Капак на напливниот резервоар
B—Линија Max Cold (макс. ладно)

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч. Внимавајте да не бидете попарени кога го отворате капачето на експанзиониот резервоар. Никогаш не отворајте го капачето кога моторот е жежок. Полека отворете го капачето за да го ослободите притисокот.

Проверувајте го нивото на разладното средство периодично и проверувајте дали има знаци на протекување. Отстранете го капачето на компензациониот сад (A), потоа ставете разладно средство во компензациониот сад и наполнете до линијата "Max Cold" (B).

PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere и Company

ЗАБЕЛЕШКА: Нивото на разладното средство мора да биде помеѓу линиите “Max Cold” и “Min Cold”. Додадете од разладното средство според потребното ако разладното средство е под “Min Cold” линијата.

OUO6075,0004D8A-A8-18FEB20

Нагодување на ременските погони - првите 50 работни часови

ВНИМАНИЕ: Никогаш не ги проверувајте или нагодувајте ременските погони во текот на работата на моторот. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Проверете ги сите нагодувања на затезната навртка на пружина по првите 50 работни часови. Повеќето оптегнувања на ременот се случуваат во првите работни часови.

По првите нагодувања, проверете го нагодувањето на ременот по потреба. Подлошката на загегнубвачот на пружината треба да е во положбата мешу крајот на мерачот и дното на скалата.

OUO6075,000056C-A8-14JAN10

Проверка при разработување пред првите 100 часа

Правете дневен сервис или сервис на 10 работни часа. Видете во одделот Подмачкување и одржување.

Погледнете ги дијагностичките кодови на грешка за температура на моторот и притисокот на моторното масло. За повеќе информации, видете Апликации за преглед на комбајнот или Помош за операторската станица.


Често проверувајте го нивото на моторното масло (доколку е потребно, додадете John Deere Break-In™ масло) и нивото на разладното средство и погледнете да не има знаци на истекување.

Проверете ја затегнатоста на сите црева и стегачи на системот за влез на воздух во моторот.


OUO6075,0004DAB-A8-18FEB20

Break-In е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Сервисирање во периодот на разработување после 100 работни часови (Tier 2/Stage II)




H81205—UN—15JUN04



H95377—UN—16FEB10

Стил А



H95420—UN—09MAR10

Стил В

А—Одвод
В—Филтер за маслото

Испуштете го картерот за масло преку отворање на одводот (А) и затворете го одводот откако маслото ќе биде испуштено.

Отстранете и задржете го капачето и одложете го филтерот за масло (В) правилно.


Поставете го филтерот за масло и затегнете го со капакот.

Наполнете го картерот со пропишано количество на


моторно масло. Погледнете во делот за горива и подмачкувачи за препораки во врска со маслото. Погледнете го делот со спецификациите за капацитетот на масло.

OUO6075,00044D4-A8-19DEC16

Сервисирање во периодот на разработување после 400 работни часови (Конечно ниво 4/фаза V)




H81205—UN—15JUN04



H95310—UN—11FEB10

Стил А



H95397—UN—17FEB10

Стил В

А—Одвод
В—Филтер на маслото

Испуштете го картерот за масло преку отворање на одводот (А) и затворете го одводот откако маслото ќе биде испуштено.


Отстранете и задржете го капачето и одложете го филтерот за масло (В) правилно.

Поставете го филтерот за масло и затегнете го со капакот.

Наполнете го картерот со пропишано количество на моторно масло. Погледнете во делот за горива и подмачкувачи за препораки во врска со маслото. Погледнете го делот со спецификациите за капацитетот на масло.


OUO6075,00047D7-A8-10NOV17

Ниво на масло во моторот




H95375—UN—16FEB10

Ниво 2/фаза II (Стил A)




H95419—UN—19FEB10

Ниво 2/фаза II (Стил B)




H95306—UN—11FEB10

Конечно ниво 4/Фаза V (Стил A)




H95396—UN—17FEB10

Конечно ниво 4/Фаза V (Стил B)



H112961—UN—17FEB15

Ниво 2/фаза II



H113142—UN—11MAR15

Конечно ниво 4/Фаза V

A—Шипка за мерење
B—ADD Ознака (за додавање)
C—FULL Ознака (за полно)

ВАЖНО: Од суштинско значење е да го одржувате пропишаното ниво на моторно масло за да обезбедите долг сервисен век. Проверете го нивото на моторното масло кога машината е паркирана на рамна површина.


ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека шипката за мерење е завртена или притисната целосно во куќиштето пред да ја отстранувате за да го проверите нивото на масло.

Дневно проверувајте го нивото на масло во моторот со шипката за мерење (A). Не работете со моторот кога нивото на маслото е под ознаката "ADD" (ДА СЕ ДОДАДЕ) на шипката за мерење.

Извадете ја шипката за мерење и проверете го нивото на маслото. Нивото на маслото треба да биде помеѓу ознаката "ADD" (ДА СЕ ДОДАДЕ) и врвот на штрафираното подрачје на шипката за мерење. Ако нивото на масло е под ознаката ”ADD”, додадете масло колку што е потребно. Погледнете во делот за горива и подмачкувачи за препораки во врска со маслото.


OUO6075,00047DB-A8-13NOV17

Ниво на хидростатичкото/хидрауличното масло



H97523—UN—04AUG10

Стил A




H106938—UN—14FEB13

Стил B


A—Окно за проверка

Проверете го нивото на хидростатичкото/ хидрауличното масло додека хедерот е на земјата и сите цилиндри се вовлечени. Нивото на масло мора да биде на врвот на окното за проверка (A) со целосно спуштено куќиште за достава. Додајте масло по потреба, но не пренаполнувајте.



H135702—UN—03JUN22

Ниво на хидраулично масло (моторно погонско куќиште)



BML020460—UN—28SEP20


A—Шипка за мерење

1. Изгасете го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч пред да го проверите хидрауличното масло во моторното погонско куќиште.
2. Завртете ја шипката за мерење (A) спротивно од стрелките на часовникот за да се вовлече продолжетокот.
3. Извадете ја шипката за мерење и проверете го нивото на маслото.
4. Нивото на маслото не смее да биде под ознаката "ADD" на шипката за мерење.
5. Вметнете ја шипката за мерење и завртете ја во насока на стрелките на часовникот за соодветно издолжување и запечатување.

ЗАБЕЛЕШКА: Кај машините со ProDrive пренос, оставете го моторот да работи неколку минути при мали брзини пред проверка на нивото на маслото.

ouo6075,1654290732011-A8-09JUN22

Ниво на разладното средство



H105923—UN—05OCT12

A—Линија Max Cold (макс. ладно)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот. Внимавајте да не бидете попарени кога го отворате капакот на напливниот резервоар. Никогаш не отворајте го капакот кога моторот е жежок. Полека отворете го капачето за да го ослободите притисокот.


ВАЖНО: На напливниот резервоар се користи специјален капак. Ако капакот е оштетен или недостига, мора да биде заменет со еквивалентен капак.

Дозволете моторот да се олади. Нивото на разладното средство во садот за компензација треба да биде на линијата ”Max Cold” (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Нивото на разладното средство мора да биде помеѓу линиите "Max Cold" (макс. ладно) и "Min Cold" (мин. ладно). Ако разладното средство е под линијата "Min Cold" (мин. ладно), додајте разладно средство по потреба.

OUO6075,00041CB-A8-11APR16

Систем за гориво



H98377—UN—30SEP10

Сад за предчистачот на гориво

A—Сад на предчистачот


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да извршувате работи за одржување на филтрите за гориво.

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека садот на предчистачот е целосно поставен за да се спречи навлегување на воздух во системот за гориво.

Затворете го вентилот за запирање на гориво на резервоарот за гориво.


Отстранете го садот на предчистачот (A) и исчистете ја преградата ако е користено нечисто гориво.

Ниво 2/фаза II



H104937—UN—28FEB12

Стил A



H104938—UN—28FEB12

Стил B


A—Одвод
B—Главен филтер за гориво
C—Одвод
D—Второстепен филтер за гориво

Отворете го вентилот (A) за да го проверите системот за гориво дали има вода во примарниот филтер (B).

Само Стил A: Отворете го вентилот (C) за да го проверите системот за гориво дали има вода во секундарниот филтер (D).


Ако проблемот останува, сменете ги филтерите за гориво. Погледнете одржување—Според потребното, за повеќе информаци делот за течности кај моторот и филтери.

Конечно ниво 4/фаза V



H104939—UN—28FEB12

Стил A



H104940—UN—28FEB12

Стил B


A—Одвод
B—Главен филтер за гориво

Отворете го вентилот (A) за да го проверите системот за гориво дали има вода во примарниот филтер (B).

Ако проблемот останува, сменете ги филтерите за гориво. Погледнете одржување—Според потребното, за повеќе информаци делот за течности кај моторот и филтери.

OUO6075,00047DC-A8-13NOV17

Одушник на резервоарот за гориво




H125427—UN—04DEC18

A—Одушник на резервоарот за гориво

Визуелно проверувајте го еднаш неделно одушникот на резервоарот за гориво (A). Не дозволувајте зголемени количини плева или остатоци да се собираат во одушникот. Ако одушникот е покриен со отпадоци, тоа не дозволува резервоарот за гориво да оддишува. Извадете го одушникот на резервоарот за гориво од цревото и исчистете го.

OUO6075,0004A5B-A8-04DEC18

Оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF) (конечно ниво 4/фаза V)




H125428—UN—04DEC18

A—Оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF)

Визуелно проверувајте го оддишникот на резервоарот (A) на течноста за издув на дизел моторот (DEF), седмично. Не дозволувајте зголемени количини плева или остатоци да се собираат во одушникот. Доколку оддишникот е покриен со нечистотија, тоа не му дозволува на резервоарот да диши. Отстранете го оддишникот од цревото и исчистете.

OUO6075,0004A5C-A8-04DEC18

Положби на лопатката за воздух на моторот



H114497—UN—10JUN15

A—Клин за блокирање
1—Положба за транспорт
2—Положба за стандардна теренска работа
3—Положба за продолжена теренска работа

ЗАБЕЛЕШКА: Пред работа во поле, проверете го лостот за воздух на моторот да е поставен во избраната положба за работа во поле.

Отстранете го заклучувачкиот клин (A) и завртете го делот за вшмукување на воздух во моторот во посакуваната положба.

Положба за транспорт:

ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за транспорт кога за тоа важат локалните сообраќајни прописи. Почитувајте ги локалните прописи кои важат во вашата држава.

Осигурете дека лопатката за воздух на моторот е поместена во положба за транспорт (1) кога машината мора да биде транспортирана.

За понатамошни информации, погледнете во Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за транспорт) во ова поглавје.

Положба за стандардна теренска работа:

ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за стандардна теренска работа кога се врши жнеење за да се спречи прегревање на моторот.

Осигурете дека лопатката за воздух на моторот е во положба за стандардна теренска работа (2) кога работите во нормални теренски услови.

За понатамошни информации, погледнете во Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за стандардна теренска работа) во ова поглавје.

Положба за продолжена теренска работа:

ВАЖНО: За да се спречи прегревање на моторот, лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за продолжена теренска работа кога се врши жнеење во услови на висока надворешна температура и/или на површини со голема надморска висина.


Осигурете дека лопатката за воздух на моторот е во положба за продолжена теренска работа (3) за зголемен капацитет на ладење кога вршите жнеење во услови на висока надворешна температура и/или на површини со голема надморска висина.

За понатамошни информации, погледнете во Позиционирање на лопатката за воздух на моторот


(положба за продолжена теренска работа) во ова поглавје.

SS43267,000061F-A8-10JUN15

Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за стандардна теренска работа)



H114498—UN—10JUN15




H111378—UN—06JUN14

Положба за транспорт


A—Клин за блокирање
B—Отвори
C—Навртки, M8 (употребени се 2)
D—Носач

ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за стандардна теренска работа кога се врши жнеење за да се спречи прегревање на моторот.

1. Отстранете го заклучувачкиот клин (A) и поместете го делот за вшмукување на воздух во моторот на надвор за отворите (B) да се порамнат.
2. Инсталирајте го претходно отстранетиот заклучувачки клин.
3. Отстранете ги навртките (C) и држачот (D).
4. Поставете ги претходно отстранетите навртки назад на завртките со глава.



H111392—UN—06JUN14



H111393—UN—06JUN14

Положба за стандардна теренска работа

A—Завртка со глава, M8 x 40
B—Носач
C—Носач
D—Навртки, M8 (употребени се 2)


5. Поместете го лостот за воздух нанадвор и поставете ја завртката со глава (A) низ држачот (B) како што е прикажано.
6. Поставете го држачот (C) како што е прикажано и прицврстете со навртките (D).

SS43267,0000620-A8-10JUN15

Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за продолжена теренска работа)



H114499—UN—10JUN15




H111386—UN—06JUN14

Положба за транспорт

A—Клин за блокирање
B—Отвори
C—Завртки со глава, M8 x 25 (употребени се 3)
D—Плоча
E—Навртка, M8 (употребени се 2)
F—Носач


ВАЖНО: За да се спречи прегревање на моторот, лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за продолжена теренска работа кога се врши жнеење во услови на висока надворешна температура и/или на површини со голема надморска висина.

1. Отстранете го заклучувачкиот клин (A) и поместете го делот за вшмукување на воздух во моторот на надвор за отворот (B) да се порамни.
2. Инсталирајте го претходно отстранетиот заклучувачки клин.
3. Отстранете ги и сочувајте ги завртките со глава (C) од панелот (D).
4. Отстранете ги навртките (E) и носачот (F).



H111394—UN—06JUN14


Положба за продолжена теренска работа



H111395—UN—06JUN14

A—Навртки, M8 (употребени се 2)
B—Завртки со глава, M8 x 40 (употребени се 2)
C—Носач
D—Носач
E—Навртки, M8 (употребени се 2)

5. Поставете ги претходно отстранетите навртки (A) назад на завртките со глава.
6. Поместете го лостот за воздух нанадвор и поставете ја завртката со глава (B) низ држачот (C) како што е прикажано.
7. Поставете го држачот (D) како што е прикажано и прицврстете со навртките (E).



H111396—UN—06JUN14

A—Плоча
B—Завртки со глава, M8 x 25 (употребени се 3)


8. Поставете го претходно отстранетиот панел (A) и прицврстете со завртките со глава (B).

SS43267,0000621-A8-10JUN15

Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за транспорт)



H114500—UN—10JUN15




H111374—UN—06JUN14
Положба за стандардна теренска работа

A—Клин за блокирање
B—Отвори
C—Завртки со глава, M8 x 40 и навртки, M8 (употребени се 2)
D—Носач


ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за транспорт кога за тоа важат локалните сообраќајни прописи. Почитувајте ги локалните прописи кои важат во вашата држава.

ЗАБЕЛЕШКА: Пред да работите на терен, лопатката за воздух на моторот мора да биде поместена во избраната положба за теренска работа.

1. Отстранете го заклучувачкиот клин (A) и поместете го делот за вшмукување на воздух во моторот на внатре за отворите (B) да се порамнат.
2. Инсталирајте го претходно отстранетиот заклучувачки клин.
3. Отстранете ги и сочувајте ги завртките со глава и навртките (C) и држачот (D).



H111390—UN—06JUN14



H111391—UN—06JUN14


Положба за транспорт

A—Носач
B—Завртка со глава, M8 x 40
C—Навртка, M8
D—Носач
E—Навртки, M8 (употребени се 2)
F—Завртка со глава, M8 x 40 и навртка, M8

4. Поместете го лостот за воздух навнатре и поставете ја завртката со глава низ држачот (A) како што е прикажано и прицврстете со навртка (C).
5. Поставете го претходно отстранетиот држач (D) и прицврстете со навртките (E).
6. Поставете ја претходно отстранетата завртка со глава и навртка (F) на држачот како што е прикажано.

SS43267,0000622-A8-10JUN15

Чистење на одделот за мотор



H95319—UN—11FEB10


ВНИМАНИЕ: Не чистете го моторот или оддел за моторот додека моторот работи. Нечистота, масло, плева и отпад од култура во оддел за моторот и на моторот може да предизвикат пожар. Насока на ветер, вид на култура и содржината на влага од содржина може да имаат влијание врз тоа каде и колку многу се наталожуваат отпад и плева. Почесто го преверувајте и чистете ова пордачје.

OUO6075,0000575-A8-17MAR10


Безбедно чистење на филтерот за издувни гасови



TS227—UN—15APR13



TS271—UN—23AUG88



TS1693—UN—09DEC09

За време на чистењето на филтерот на издувните гасови, моторот може да работи со зголемен празен од и да постигне високи темеператури за продолжен временски период. Издувните гасови и компонентите на филтерот на издувните гасови се загреваат до температура што може да ги изгори луѓето, како и да ги запали или растопи најчестите материјали.

Држете ја машината подалеку од луѓе, животни или структури кое може да бидат оштетени од жешките издувни гасови или компонентите. Избегнувајте потенцијални пожари или опасности од експлозии од запаливи материјали и пареа од издувните гасови. Држете го отворот за издувни гасови подалеку од луѓе и од работи кои можат да се стопат, запалат или експлодираат.

Набљудувајте ја машината и околниот простор за отпадок од тлеење за време на и по завршувањето на чистењето на филтерот на издувните гасови.

Додавањето на гориво додека работи моторот може да предизвика пожат или опасност од експлозија. Секогаш исклучете го моторот пред полнење на машината со гориво и исчистете го истуреното гориво.

Секогаш осигурете се дека моторот е исклучен кога ја влечете машината на камион или приколка.

Допирот со компонентите на издувниот систем додека е жешок може да предизвика сериозни лични повреди.

Избегнувајте контакт со овие компоненти додека тие се изладат на безбедна температура.

Ако постапката за сервисирање има потреба од моторот да работи:

- Вклучете ги само оние погонски делови кои се наведени во постапката за сервисирање
- Осигурете се дека нема други лица во близина на платформата на возачот и машината


Држете ги рацете, стапалата и облеката далеку од погонските делови.

Секогаш оневозможете го движењето (неутрална положба), вклучете ја сопирачката или механизмот за паркирање и исклучете го напонот кон приклучните уреди или алатките пред да ја напуштите платформата на возачот.

Исклучете го моторот и извадете го клучот (ако постои) пред да ја оставете машината без надзор.

OUO6075,0000E81-A8-07FEB12

Избегнувајте ги врелите издувни гасови



RG17488—UN—21AUG09

Сервисирање на машината или на приклучните уреди додека работи моторот може да предизвика сериозни лични повреди. Избегнувајте изложување и допир на кожата со врелите издувни гасови и компоненти.

Деловите на издувните гасови и самите гасови постануваат врели во текот на работењето. Издувните гасови и делови се загреваат до температура што може да ги изгори луѓето, како и да ги запали или растопи најчестите материјали.


DX,EXHAUST-A8-20AUG09

Преглед на индикаторите на дополнителната обработка




RG22487—UN—21AUG13

Индикатор за течноста за дизел издувни гасови




RG22488—UN—21AUG13

Индикатор за температурата на емисиите на моторот




RG22489—UN—21AUG13

Индикатор за филтерот за издувни гасови



RG22490—UN—21AUG13

Индикатор за исклучено автоматско чистење



RG22491—UN—21AUG13

Индикатор за дефект на системот за емисии на моторот



RG22492—UN—21AUG13

Предупредувачки индикатор



RG22493—UN—21AUG13

Индикатор за запрен мотор

ВАЖНО: Операторот ќе биде информиран од системот за предупредување на оператор кога контролниот систем на емисија на издувни гасови не функционира правилно и/или е откриен дефект на моторот од страна на контролната единица за моторот. Игнорирањето на предупредувачките сигнали за операторот ќе доведе до намалување на емисијата на издувни гасови, што резултира со ефективно онеспособување на работата со мобилни машини што не се движат по пат.

Од суштинско значење е да се превземе брза акција за да се поправи секое неправилно работење, користење или одржување на контролниот систем за емисија на издувните гасови во согласност со мерките за исправка, наведени со предупредувањата наведени подолу.

Индикаторот за течноста за дизел издувни гасови (DEF) засветлува кога течноста за DEF е ниска. Наполнете го резервоарот за течноста за ДИГ.

Кога индикаторот за DEF е комбиниран со индикаторот за предупредување или индикаторот за запирање на моторот тогаш моторните перформанси се намалени од страна на моторната контролна единица (ECU) бидејќи нивото на DEF е под мерливото ниво. Наполнете го резервоарот за течноста за ДИГ.

Кога светли индикаторот за температурата на емисијата на моторот, температурата на издувниот гас е висока, зголемениот празен од е активен или е во процес на чистење на филтерот за издувни гасови. Со машината може да се управува на нормален начин, освен ако возачот утврди дека машината не е на безбедно место поради високите температури на издувните гасови и оневозможи автоматско чистење.

Кога индикаторот за температурата на емисионите гасови е комбиниран со индикаторот за

предупредување или индикаторот за запирање на моторот тогаш моторните перформанси се намалени од страна на ECU бидејќи температурата на издувните гасови е повисока од очекуваната. Следете ја постапката за тој дијагностички код за грешка или посетете овластен сервисен дистрибутер.

Кога ќе засветли индикаторот за филтерот за издувни гасови, во тек е чистење на филтерот за издувни гасови, системот за дополнителна обработка има грешка или филтерот за издувни гасови треба да се исчисти, а возачот го исклучил автоматското чистење на филтерот за издувни гасови. Ако условите се безбедни, возачот треба да ја вклучи опцијата за автоматско чистење на филтерот за издувни гасови или да изврши рачна сервисна регенерација или да ја следи постапката за дијагностички код за грешка.

Кога индикаторот за филтерот за издувни гасови светли заедно со предупредувачкиот индикатор, перформансите на моторот се намалени од страна на управувачката единица на моторот затоа што постои дефект на системот за дополнителна обработка или нивото на саѓи на филтерот за издувните гасови е умерено високо. Ако условите се безбедни, возачот треба да ја вклучи функцијата за автоматско чистење на филтерот за издувни гасови. Ако условите не се безбедни, возачот треба да ја премести машината на безбедно место и да го вклучи режимот на работа со автоматско чистење на филтерот за издувни гасови. Извршите рачна сервисна регенерација или следете ја постапката за дијагностички код за грешка.

Кога индикаторот за издувниот филтер е комбиниран со индикаторот за запирање на моторот тогаш моторните перформанси се дополнително намалени од страна на ECU бидејќи постои дефект кај системот за дополнителна обработка или нивото на саѓи во издувниот филтер е екстремно големо. Ако е присутна оваа комбинација, посетете го овластениот сервисен дистрибутер.

Индикаторот за исклучено автоматското чистење светли кога возачот побарал исклучување на функцијата за автоматско чистење на филтерот за издувни гасови. Оваа икона останува да свети се додека операторот повторно ќе го вклучи автоматското прочистување на издувниот филтер преку дијагностичкиот мерач. Оневозможување на автоматскиот режим не се препорачува во било каков случај освен ако е поврзано со безбедноста или недостасува гориво во резервоарот за да се заврши процесот за прочистување.


Индикаторот за дефект на системот за емисии на моторот светли кога емисиите на моторот се вон нормалното работно подрачје или во случај на грешка на системот за емисии на моторот. Следете ја постапката DTC или видете го вашиот овластен сервисер.

Кога индикаторот за дефект на системот за емисии на моторот светли заедно со предупредувачкиот индикатор, перформансите на моторот се намалени од страна на управувачката единица на моторот затоа што емисиите на моторот се вон нормалното работно подрачје или постои грешка на системот за емисии на моторот. Следете ја постапката DTC или видете го вашиот овластен сервисер.

DX,AFTRTREAT,INDCATRS-A8-12FEB18

Предупредување за потребно запирање на машина

Случај на мандатно запирање на машина



RG22491—UN—21AUG13


ВАЖНО: Во некои ситуации, силата на машинскиот мотор може да биде намалена како што е опишано. При известување, веднаш поставете ја машината во безбедна состојба и или преместете ја на безбедно место. Мандатното запирање на машината може да биде отстрането единствено од страна на сервисен техничар.

Индикаторот за неисправност на системот за емисија на издувни гасови на моторот свети кога ќе се случи грешка што е поврзан со емисијата на издувните гасови.



RG22492—UN—21AUG13


Индикаторот за предупредување свети во ситуација кога е потребно дејство од страна на операторот.



RG22493—UN—21AUG13

Индикаторот за запрен мотор свети во ситуација кога е потребно неодложно дејство од страна на операторот и сервисирање.


Настаната системска грешка кај емисијата на издувни гасови



RG26361—UN—04SEP14

Преостануваат 30 минути, индикаторите за неисправност на системот за емисија на издувни гасови кај моторот и индикаторите за предупредување светат и алармот се огласува за да го предупредат операторот за грешка поврзана со емисијата на издувни гасови. Се прикажува “Помалку од 30 минути до рестрикција на силата” кај машините со екран.


- Моторната сила е нормална.
- Работењето на машината е нормално.
- Поставете ја машината во безбедносна состојба.
- Контактирајте ја сервисната услуга.



RG26972—UN—26MAR15

Преостануваат 20 минути, индикаторите за неисправност на системот за емисија на издувни гасови кај моторот и индикаторите за запирање на моторот светат и алармот се огласува за да го предупредат операторот за грешка поврзана со емисијата на издувни гасови. Се прикажува “Помалку од 20 минути до рестрикција на силата” кај машините со екрани.

- Моторната сила и вртливиот момент се намалени.
- Вклучен клуч - исклучен клуч привремено ќе обезбедат целосна сила.
- Поставете ја машината во безбедносна состојба.
- Контактирајте ја сервисната услуга.




RG26972—UN—26MAR15

Преостануваат 2 минути или помалку, индикаторите за неисправност на системот за емисија на издувни гасови кај моторот и индикаторите за запирање на моторот светат и алармот се огласува за да го предупредат операторот за грешката поврзана со емисијата на издувни гасови која не е поправена. Се прикажува “Рестрикција на силата” кај машините со екрани.

- Моторната сила е само во празен од.
- Поставете ја машината во безбедносна состојба.
- Контактирајте ја сервисната услуга.

DX,MACHSTOPWARN,AG-A8-02OCT15

Сензор за препознавање на предмети (конечно ниво 4/фаза V)



H106571—UN—16JAN13

A—Сензор

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека сензорот не е попречен и не е покриен со кал или отпадоци од посевот.

Сензорот (A) кој се наоѓа на задната композитна плоча потврдува дека предметите се оддалечени повеќе од 2 m (6.5 ft.) од издувната пареа (покачени температури на издувните гасови) за време на процесот на чистење на филтерот на издувни гасови. Ако сензорот детектира дека има предмети поблиску од 2 m (6.5 ft.), системот ќе го прекине процесот на чистење на филтерот на издувни гасови.

OUO6075,00047DD-A8-13NOV17

Стартување на моторот



H119917—UN—02NOV16


A—Повеќенаменска рачка
B—Прекинувач за вклучување на хедерот
C—Прекинувач за вклучување на сепараторот

ВНИМАНИЕ: Пред стартувањето на моторот погрижете се да нема никого во близина на машината. Озвучете ја сирената за да ги предупредите другите лица.

Издувните гасови може да предизвикаат болест или смрт. Ако е потребно машината да работи во затворен простор, тогаш отстранете ги издувните гасови од тој простор со продолжена цевка што се поставува на издувната цевка.

Ако немате продолжена издувна цевка, тогаш отворете ги вратите за да влезе воздух од надвор.

1. Поместете ја повеќенаменската рачка (A) во неутрална положба.
2. Проверете дали прекинувачот за вклучување на хедерот (B) и на сепараторот (C) се исклучени (OFF).



H95321—UN—02NOV10

A—Контактен клуч

ВНИМАНИЕ: Свирнете со сирената пред стартувањето на моторот за да ги предупредите другите да се оддалечат од машината.

За да ја избегнете можноста од телесни повреди или смрт, стартувајте го моторот САМО од операторското седиште. Не го стартувајте моторот со краток спој на клемите на стартерот. Машината ќе стартува и ќе се задвижи во брзина ако има премостување.

ВАЖНО: За да не го оштетите стартерот, не работете со него подолго од 30 секунди при секој обид. Ако моторот не се стартува, почекајте најмалку две минути пред да се обидете повторно.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако температурата е под -5 °C (23 °F) можеби ќе биде потребно да се користи помош при стартување во ладни временски услови. Видете за помош при стартување во ладни временски услови во делот за ракување со мотор во прирачникот за работа.

Кога контактниот клуч е завртен на СТАРТ, ќе се случи задоцнување од неколку секунди. Ова овозможува контролните единици да се напојат, релеите да се затворат и соленоидот на стартерот да добие напон.

Лепенката под капакот на кутијата за складирање на наслонот за рака ги покажува информациите за стартување на моторот.

3. Свирнете со сирената и завртете го контакт клучот (A) на управувачкиот столб во позиција за СТАРТ.

   Положбите на клучот се:


Прва положба	Дополнителна опрема
Втора положба	ИСКЛУЧЕНО
Трета положба	Run (работи)
Четврта положба	Start (стартување)

ЗАБЕЛЕШКА: Се прикажува дијагностички код на грешка (DTC), ако се појави код за запрен мотор на екранот. Екранот ги запира нормалните функции, посочувајќи го проблемот што бара машината да се запре и проблемот веднаш да се реши. Кодовите ќе се прикажуваат сè до решавањето на проблемот. Ако проблемот не може да биде решен, посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

4. Ослободете го клучот после стартувањето на моторот и дозволете му на моторот да работи на мали брзини 5 минути за да се загрее маслото.

OUO6075,0004930-A8-07JUN18

Исклучување на моторот



H119918—UN—02NOV16

A—Повеќенаменска рачка
B—Прекинувач за мала брзина на моторот
C—Прекинувач за вклучување на хедерот
D—Прекинувач за вклучување на сепараторот

1. Спуштете го хедерот или намотката целосно до земја.
2. Поместете ја повеќенаменската рачка (A) во неутрална положба.
3. Притиснете го прекинувачот за ниска моторна брзина (B).
4. ИЗГАСНЕТЕ го прекинувачот за активирање на хедерот (C) и прекинувачот за активирање на одделувачот (D).

ВАЖНО: Разладувањето на турбокомпресорот и некои делови од моторот е овозможено од маслото на моторот. Сопирањето со врел мотор може да предизвика оштетување на тие делови.

5. Пред запирање на мотор кој што работел под оптоварување, моторот нека работи во лер 2—3 минути за да дозволите турбополначот да олади.

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја паркирната сопирачка и извадете го клучот пред да ја напуштите машината.

6. Завртете го клучот за стартување во положба "OFF" (исклучено).

ВАЖНО: Конечно ниво 4/фаза V: Акумулаторот не треба да го исклучувате најмалку 90 секунди откако ќе ја ИСКЛУЧИТЕ машината. За тоа време катализаторскиот систем за селективно намалување (SCR) автоматски ги прочистува цевките од течноста за издув на дизел мотор (DEF), веднаш по ИСКЛУЧУВАЊЕТО на машината. Ако нема доволно време тогаш не е дозволено линиите да се прочистуваат, било која течност што останува во линиите може да кристализира и да ги запуши линиите. Во екстремно студено време, течноста се замрзнува и вероватно ќе ги пукне линиите.

OUO6075,0004931-A8-07JUN18

Управување со брзината на моторот (машини ProDrive™)

ЗАБЕЛЕШКА: Управувањето со брзината на моторот е контролирана од старна на софтвер и тоа се активира со прекинувачот што го исклучува патниот превоз.

Управувањето со брзината на моторот ја намалува потрошувачката на гориво и ја зголемува ефикасноста на горивото.

- Потрошувачката на гориво е намалена во услови на ниско оптоварување со намалување на брзината на моторот.
- Одржувајте голема способност за оптоварување со динамичко зголемување на брзината на моторот кога е потребно.
- Теренската брзина се одржува за време на промените на брзината на моторот преку различни хидростатички преместувања.
- Брзината на моторот останува на долен празен од кога машината не се движи.
- Брзината на моторот е приближно 1600 вртежи/мин. кога машината е на рамен терен или со мала теренска брзина.
- Брзината на моторот се менува помеѓу приближно 1600 вртежи/мин. и максимален брз празен од, зависно од оптоварувањето на моторот.

- Мала брзина на моторот - брзината на моторот останува на 1200 вртежи/мин. (rpm).
- Средна брзина на моторот - брзината на моторот нема да премине 1690 вртежи/мин. (rpm).
- Голема брзина на моторот - брзината на моторот се менува помеѓу приближно 1600 вртежи/мин. (rpm) и максимален брз празен од.

OUO6075,00046F3-A8-30MAR17

Безбедно ракување со течност за стартување



TS1356—UN—18MAR92

ВНИМАНИЕ: Течноста за стартување е лесно запалива. НЕ КОРИСТЕТЕ ја во близина на оган, искри или пламен. Прочитајте ги ПРЕДУРПЕДУВАЊА на контејнерот. Заштитете го контејнерот од оштетување. НЕ носете дополнителни или празни резервоари во кабината.


Ако течноста за стартување не се користи неколку дена, отстранете го резервоарот. Проверете ја течноста и работата на вентил со одново инсталирање и притискање прскалката. Ако течноста не се емитира, користете нов резервоар.

За да избегнете случајно испарување кога го складирате садот под висок притисок, држете го капакот на садот. Складирајте во ладна, зашитиена локација.

Не палете или пробивајте сад за течност за стартување.Не палете или пробивајте сад за течност за стартување.

OUO6075,0000585-A8-17MAY10

Помошни средства за стартување во ладни временски услови (ако е вградено)



H96387—UN—02NOV10

A—Контактен клуч
B—Копче за помош при стартување

ВНИМАНИЕ: Избегнете телесни повреди и оштетување на моторот. Вбризгува течност само кога моторот врти.

Помошта при стартување единствено функционира во позициите "Run" (контакт) или "Старт" (стартувај).

Свртете го клучот (A) за стратување на машината. Кога моторот започне да се завртува, притиснете го копчето за помош при стартување (B).


Кога моторот ќе се стартува, ослободете го клучот и копчето за помош при стартување.

Ако температурата е под -5°C (23°F), задржете го копчето за помош при стартување притиснато 2—3 секунди откако моторот стартува. Повтортувајте ја ова процедура додека моторот работи без прекин.

ВАЖНО: За да се осигурате дека има правилно подмачкување, моторот нека работи без оптоварување 1—2 минути при ниски вртежи. Овој период продолжете го на 2—4 минути кога работите на температури под точката на мрзнење.

OUO6075,0004932-A8-07JUN18

Грејач на разладното средство




H95379—UN—16FEB10

Ниво 2/фаза II (стил A) (предна страна)




H71689—UN—18APR02

Ниво 2/Фаза II (Стил B) (задна страна)



H95324—UN—11FEB10

Конечно ниво 4/Фаза V (Стил А) (предна страна)



H95424—UN—19FEB10

Конечно ниво 4/Фаза V (Стил В) (задна страна)



TS210—UN—23AUG88

A—Грејач на разладното средство

ВНИМАНИЕ: За да избегнете струен удар или опасно работење, секогаш користете електричен кабел со три жици наменет за тешки работни услови (минимален пресек на 10 AWG и не подолг од 7.6 m (25 ft)) опремен со три конектори. Ако се употребува адаптер за приклучување од два на три контакти за sиден приклучок, секогаш зелената жица поврзете ја за добро заземјување.

Пред да го поврзувате грејачот со извор на напојување, осигурете дека елементот е потопен во разладно средство. НИКОГАШ не го вклучувајте грејачот кога е во воздух. На тој начин може обвивката на грејачот да предизвика пукање и тоа да предизвика телесна повреда.

Грејачот (А) на разладното средство се поставува во отворот на приклучокот за ладење (предната страна или задната страна на машината). Со загревање на разладното средство на моторот, грејачот го намалува отпорот на маслото, го олеснува стартувањето и го намалува време потребно за загревање.

Видови грејачи на разладно средство

- 1000 W (110 V)
- 1000 W (220 V) (машини за извоз)

OUO6075,00047E0-A8-13NOV17

Информации за дисплејот CommandCenter™

Дисплеи Generation 4 и G5

За дополнителни информации во врска со функционалноста на хардверот и софтверот на дисплејот, видете го прирачникот за работа на дисплејот во апликацијата Центар за помош на дисплејот. За да добиете копија од прирачникот за работа, контактирајте со вашиот трговец, користете ја апликацијата Центар за помош од дисплејот или одете на techpubs.deere.com.

DX,PC,DISPLAY,REFERENCE-A8-23JUN23

Апликации на дисплејот CommandCenter

Следните информации содржат помош на екранот за секоја апликација специфична за оваа машина. Оваа информација е достапна и на дисплејот.

VM03385,0000137-A8-04AUG22

Апликација Поставување контроли

Пристап до поставките за контролите

Апликација за пристап преку екран:



H113668—UN—22OCT15

Мени

1. Мени



N119118—UN—23SEP16

Поставки на машината

2. Таб за машински поставки



H118152—UN—20JAN17

Конфигурација на командите

3. Контролни поставки

Апликација за пристап преку лентата за навигација:



H118151—UN—20JAN17


Копче за апликацијата за контролни поставки

Притиснете го копчето за контролни поставки на лентата за навигација под екранот.

PR79369,00003A3-A8-01FEB21

Преглед на контролни поставки

ЗАБЕЛЕШКА:



H119897—UN—20JAN17

Конфигурација на командите

Подвлечениот текст покажува дека дополнителните информации се достапни во овој дел или во друг дел од оваа публикација.

Главната страна е орикажана само за пример. Вашата главна страна може да се разликува зависно од опциите или приклучената опрема.

Поставувањето контроли ви овозможува да ги користите копчињата може да се конфигурираат за да ја персонализирате вашата машина машината и да ги изведувате задачите брзо со притискање на некое копче. Може да правите нови назначувања или да пристапите до претходно поставените функции што сте ги конфигурирале на рачката со повеќе функции или на CommandARM.

ЗАБЕЛЕШКА: CommandARM нема стандардни назначувања. Повеќефункционалната рачка и CommandARM се ресетираат на заклучена состојба до цикличното исклучување и вклучување на контактниот клуч.

Достапни ставки во апликацијата за поставување на контролите:



H118141—UN—20JAN17

Таб за повеќефункционална рачка

Повеќефункционална рачка — изберете за да пристапите до претходно поставените функции на повеќефункционалната рачка.



H118139—UN—20JAN17

Таб за CommandARM

CommandARM — изберете за да пристапите до претходно поставените функции на CommandARM™.



H118169—UN—20JAN17

Нагласен таб

ЗАБЕЛЕШКА: Нагласениот таб означува кој сет на претходно поставени функции е избран.



H132595—UN—21JUN22

Назначувања

Назначувања — ви овозможува да назначите функции од вашата претпочитана апликација на избраната позиција за назначување.



H132597—UN—21JUN22

Индикатори за статус

Индикатори за статус — ви го прикажува статусот на секое назначување на функција од апликација.



H118140—UN—20JAN17

Индикатор за заклучено

Индикатор за заклучено — притиснете го копчето во близина на повеќефункционалната рачка за да го заклучите/отклучите поставувањето на контролите. Осветленото копче и иконата на екранот покажуваат дека поставувањето на контролите е заклучено. Копчето за заклучување на групата контроли мора да биде отклучено за да се прават назначувања.

ЗАБЕЛЕШКА: Постојат две копчиња за заклучување на група контроли. Едното копче за заклучување на групата контроли е за повеќефункционалната рачка, а другото за CommandARM. Дисплејот CommandCenter мора да се вклучи за да може да го исклучите заклучувањето на групата контроли за назначување функции. Групата контроли се однесува на копчињата што може да се конфигурираат на повеќефункционалната рачка и CommandARM.



H116648—UN—19DEC16

Затвори

Затвори — изберете за да ја затворите апликацијата за поставување контроли.

mm95366,1655240945326-A8-27JUN22

Поставување контроли | Назначувања

Поставување контроли | Назначувања се користат за назначување Назначувања функции од апликација на копчињата на повеќефункционалната рачка и CommandARM.

Назначувања на поставувањето контроли:



H118141—UN—20JAN17

Назначувања на повеќефункционалната рачка

Назначувања на повеќефункционалната рачка — ви овозможува да правите назначувања на копчињата на повеќефункционалната рачка.



H118143—UN—20JAN17



H118147—UN—20JAN17



H118149—UN—20JAN17

Копчиња А, Б и Е

- **Копчиња А, В и Е** — ви овозможуваат да правите Назначувања со една позиција.



H118144—UN—20JAN17



H118148—UN—20JAN17

Копчиња С и D

- **Копчиња С и D** — ви овозможуваат да правите Назначувања со двојна позиција.



H118145—UN—20JAN17

Тркалце за лизгање



H118146—UN—20JAN17

Копче за лизгање

- Тркалцето за лизгање и копчето за лизгање — ви овозможуваат да правите Назначувања со една позиција на копчето за лизгање Назначувања со двојна позиција на тркалцето за лизгање.



H118139—UN—20JAN17

Назначувања на CommandARM

Назначувања на CommandARM — ви овозможува да правите назначувања на копчињата на CommandARM.



H118159—UN—20JAN17



H118161—UN—20JAN17

Копчиња 1 и 2

- **Копчиња 1 и 2** — ви овозможуваат да правите Назначувања со двојна позиција.



H118160—UN—20JAN17



H118162—UN—20JAN17

Копчиња 3 и 4

- **Копчиња 3 и 4** — ви овозможуваат да правите Назначувања со една позиција.

mm95366,1655295355910-A8-27JUN22

Поставување контроли | Индикатори за статус

Поставување контроли | Индикатори за статус ви го прикажува статусот на секое назначување на функција од апликација.

Достапни индикатори за статус во апликацијата за поставување контроли:



H132597—UN—21JUN22

Овзноможено (зелено)

Овозможено (зелено) — означува дека назначувањето е активно. Предусловите се исполнети и приклучниот уред е прикачен (ако е применливо).



H132599—UN—21JUN22

Заклучено (портокалово)

Заклучено (портокалово) — означува дека назначувањето е заклучено. Предусловите се исполнети и приклучниот уред е прикачен (ако е применливо).



H132596—UN—21JUN22

Оневозможено (сиво)

Оневозможено (сиво) — покажува дека нема назначена функција, не се исполнети предусловите или дека приклучниот уред не е прикачен (ако е применливо).

mm95366,1655330885086-A8-27JUN22

Повеќефункционална рачка — поставување контроли

Поставувањето контроли на повеќефункционалната рачка се користи за назначување на апликации и функции на копчињата на повеќефункционалната рачка.

Достапни ставки на страната за контролните поставки за повеќе функционална рачка:



H118141—UN—20JAN17

Повеќефункционална рачка

Повеќефункционална рачка — изберете за да направите назначувања на копчињата на повеќефункционалната рачка.



H118140—UN—20JAN17

Индикатор за заклучено

Индикатор за заклучено — притиснете го копчето во близина на повеќефункционалната рачка за да го заклучите/отклучите поставувањето на контролите. Осветленото копче и иконата покажуваат дека поставувањето на контролите е заклучено. Копчето за заклучување на групата контроли мора да биде отклучено за да се прават назначувања.

ЗАБЕЛЕШКА: Индикаторот за заклучување е присутен на екранот секогаш кога прикажаната група контроли е заклучена со копчето за заклучување на група контроли на CommandARM. Заклучувањата на групата контроли повторно се активираат кога се исклучува и пак вклучува контактниот клуч.



H118143—UN—20JAN17



H118147—UN—20JAN17



H118149—UN—20JAN17

Програмабилни копчиња

Копчиња A, B и E — се користат за апликации што бараат назначување со една позиција, што ви овозможува да изберете од назначувањата со една функција или да префрлате помеѓу две состојби.



H118144—UN—20JAN17



H118148—UN—20JAN17

Програмабилни копчиња

Копчиња C и D— се користат за апликации што бараат Назначувања со двојна позиција што ви овозможува да изберете од назначувања со повеќе позиции, да зголемите или намалите вредност или да направите нагодување лево или десно.



H118145—UN—20JAN17

Тркалце за лизгање

Копче за лизгање — се користи за да се изберат назначувања на функции, зголемување или намалување на вредност или да направите нагодување лево или десно.



H118146—UN—20JAN17

Копче за лизгање

ЗАБЕЛЕШКА: Назначувањето функции на копче за лизгање кое се "тркала" или "притиска" работи исто како и кај другите назначувања.

Постапка за измена:



H118141—UN—20JAN17

Повеќенаменска рачка

1. Изберете го табот Назначувања на повеќефункционалната рачка.



H117027—UN—28MAR16

Програмабилно заклучување на кратенки

2. Изберете го копчето за програмабилно заклучување на кратенки најблиску до повеќефункционалната рачка.



H114656—UN—05JAN17

Активна состојба



H118140—UN—20JAN17

Индикатор за заклучено

ЗАБЕЛЕШКА: Кога ќе го изберете копчето за заклучување на групата контроли, сите претходно назначени кориснички контроли се осветлени "зелено" за да ја покажат нивната активна состојба и индикаторот за заклучување на екранот е сокриен.


Ако нема присутни кориснички назначувања, апликацијата не се отвара до отклучувањето на групата контроли.



H118144—UN—20JAN17

Програмабилно копче

3. Изберете го програмабилното копче за кое сакате да ја промените апликацијата и функцијата.



H118512—UN—20JAN17

Апликација

Подигнете го долниот дел на седиштето за да го отворите горниот поклопец на фрижидерот. Предниот поклопец на фрижидерот може исто така да се отвори без да се подигне долниот дел на седиштето.

Завртете го копчето за контролирање на температурата во насока на стрелките на часовникот за да ја намалите температурата или спротивно за да ја зголемите температурата.

PR79369,00003EB-A8-08MAR21

Контроли над главата



H118064—UN—22DEC16

Микрофон

Микрофон (опционално) - ви овозможува да комуницирате без користење на раце со помош на Bluetooth® мобилен телефон. (Bluetooth™ мора да биде овозможен.)

ЗАБЕЛЕШКА: Контактниот клуч мора да биде во Run позиција, т.е. работна позиција.




H118065—UN—22DEC16

Копче за греачот на ретровизор

Копче за греачот на ретровизор— го вклучува греачот на ретровизорот за да се отсрани мразот и замаглувањето.

- Притиснете го горниот дел на прекинувачот за да го активирате греењето на ретровизорот.
- Притиснете го долниот дел на прекинувачот за да го исклучите греењето на ретровизорот.

ЗАБЕЛЕШКА: Контактниот клуч мора да биде во Run позиција, т.е. работна позиција.



H118066—UN—15APR16

Копчиња за управување со ретротвизор

Копчиња за управување со ретротвизор— ви овозможуваат да изберете и прилагодите или десните ретровизори или левите ретровизори на кабината.

- Изберете ретровизор за да го прилагодите користејќи го горното копче.
- Избраниот ретровизор може да биде придвижуван нагоре или надолу или лево или десно користејќи го долното копче. Поместете го копчето во насока која посакувате ретровизорот да се помести.

Bluetooth е регистриран заштитен знак на Bluetooth SIG

ЗАБЕЛЕШКА: Контактниот клуч мора да биде во Run позиција, т.е. работна позиција.

PR79369,00003EC-A8-08MAR21

Контроли на седиште

Операторско седиште ComfortCommand™ (основно седиште)

Операторско седиште ComfortCommand™ (седиште со премиум материјал)

Операторско седиште ComfortCommand™ (кожно седиште Ultimate)

Сигурносни појаси

Инструкторското седиште

ComfortCommand е регистриран заштитен знак на Deere & Company

PR79369,00003ED-A8-08MAR21

Контактниот клуч

ВНИМАНИЕ: Свирнете со сирената пред да го стартувате моторот за да им предочите на луѓето да бидат настрана од машината.

За да ја избегнете можноста од телесни повреди или смрт, стартувајте САМО од операторското седиште. НЕ стартувајте го моторот преку кратко спојување на контактните терминали на стартерот. Машината ќе стартува и ќе се задвижи во брзина ако нормалното електрично коло е премостено.



H118582—UN—22DEC16

Контактен клуч

Контактниот клуч е од десна страна на управувачкиот столб и има четири позиции:



H117799—UN—15APR16

Додатна опрема

Дополнителна опрема— на дополнителната опрема како што е радиото и брисачот на ветробранското стакло да работат без да работи моторот.



H117800—UN—28MAR16

Стоп

Stop (стоп)— го ИСКЛУЧУВА моторот и сите дополнителни функции.



H117801—UN—28MAR16

Контакт (Run)

Run (работи)— овозможува сите дополнителни елементи да работат и моторот да работи што тој биде стартуван.



H117802—UN—28MAR16

Start (стартување)

Start (стартување)— моментална позиција на прекинувачот која го заверглува моторот. Веднаш штом моторот стартува и клучот се ослободи, тој се враќа во позицијата “Run”.

PR79369,00003EE-A8-08MAR21

Прилагодување на волан




H117796—UN—28MAR16

Телескоп

Телескоп— завртете го копчето спротивно од

насоката на стрелките на часовникот за да ја ослободите блокадата. Издолжете го или вовлечете го воланот до посакуваната положба. Завртете го копчето во насока на стрелките на часовникот за да заклучите.



H117797—UN—28MAR16

Навалување

Навалување— повлечете нагоре на рачката и поместете го управувачкиот столб во посакуваната положба. Ослободете ја рачката за да заклучите.



H117798—UN—28MAR16

Меморија

Меморија— притиснете надолу на на ножната педала на подот на кабината да дозволите управувачкиот столб да се помести нагоре и тргна настрана за полесно да влегувате и излегувате. Притиснете надолу на ножната педала и повлечете надолу на воланот за да го вратите управувачкиот столб на претходните поставки.

PR79369,00003EF-A8-08MAR21

Работни светла

ВНИМАНИЕ: Судар со други возила во несреќни случаи може да предизвикаат вие или другите учесници да добијат сериозни повреди или смрт. Секогаш почитувајте ги сообраќајните прописи кога ја возите машината на пат. Пригушете ги предните светла на кратки светла за пресретнувачките возила. За да избегнете забуна кај возачот, кога превезувате на јавни патишта не ги вклучувајте работните светла.



H117803—UN—28MAR16

Прекинувач

Прекинувач— изберете работен режим за светла.



H117809—UN—28MAR16

O

ИСКЛУЧЕНО - изберете за да го ИСКЛУЧИТЕ сето надворешно осветлување.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако прекинувачот за предупредувачките светла е ВКЛУЧЕН, тогаш предупредувачките светла остануваат ВКЛУЧЕНИ.



H119796—UN—07JUN18

Светла за паркирање

Паркирни светла - изберете за да ги вклучите позиционите светла.



H117808—UN—28MAR16

Светла за возење по пат

Светла за возење по пат - изберете да ги вклучите предните светла и позиционите светла.



N123280—UN—16MAY16

Работни светла

Работни светла - изберете за да ги вклучите работните светла на избраната меморирана поставка.

PR79369,00003F0-A8-08MAR21

Ракување со трепкачи, сирена и долги и кратки светла



H117803—UN—28MAR16

Трепкачи

Трепкачи— турнете ја рачката нагоре за вртење во десно, или повлечете надолу за вртење во лево. Вратете ја рачката во средна положба после завршување со вртење.



H117804—UN—28MAR16

Десно вртење

Десно вртење— турнете ја рачката нагоре вртење во десно.



H117805—UN—28MAR16

Лево вртење

Лево вртење— повлечете ја рачката надолу за вртење во лево.



H117806—UN—28MAR16

Сирена

Сирена— притиснете на внатре на крајот од рачката за да свирнете.



H117048—UN—22DEC16

Долги светла

Долги светла - турнете ја рачката напред за да ги вклучите долгите предни светла. Повлечете ја рачката кон вас и ослободете ја за да блендирате со долгите светла.



H117808—UN—28MAR16

Кратки светла

Средни светла - повлечете ја рачката во средна положба за работа на средните светла.



H117886—UN—29MAR16

Меморирана поставка за работни светла 1

Меморирана поставка за работни светла 1 - притиснете за да ја изберете меморираната поставка за работни светла 1.



H117887—UN—29MAR16

Меморирана поставка за работни светла 2

Меморирана поставка за работни светла 2 - притиснете за да ја изберете меморираната поставка за работни светла 2.

PR79369,00003F1-A8-08MAR21

Ракување со бришач и прскалка на ветробранско стакло

ЗАБЕЛЕШКА: Наполнете го резервоарот со раствор за миење на ветробранско стакло што не замрзнува за да спречите оштетување на системот за миење при ниски температури.



H117803—UN—28MAR16

Прекинувач

Прекинувач— завртете за работа на брисачот со посакуваната брзина.



H117809—UN—28MAR16

О

ИСКЛУЧЕНО— изберете за да го ИСКЛУЧИТЕ брисачот.



H117810—UN—28MAR16

Испрекинато

Испрекинато— изберете така да брисачот работи испрекинато.



H117811—UN—28MAR16

Измивач на шофершајбна

Прскалка на ветробранско стакло— притиснете за да работи прскалката за ветробранското стакло.



H117812—UN—28MAR16

ВКЛУЧЕН брисач

ВКЛУЧЕН брисач— изберете за да работи брисачот на ветробранското стакло.

PR79369,00003F2-A8-08MAR21

Ракување со вбризгување на етер (ако има во опремата)



H121070—UN—18MAY17

Вбризгување на етер


Вбризгување на етер— притиснете додека го верглате моторот за помош при стартување во ладни временски услови. Ослободете го копчето откако моторот стартувал.

ВНИМАНИЕ: Избегнете лична повреда или оштетување на моторот. Вбризгува течност само кога моторот врти.

ВАЖНО: За да се осигурате дека има правилно подмачкување, моторот нека работи без оптоварување 1-2 минути при ниски вртежи. Овој период продолжете го на 2-4 минути кога работите на температури под точката на мрзнење.

PR79369,00003F3-A8-08MAR21

Операторско седиште ComfortCommand™ (основно седиште)



H117034—UN—28MAR16

Рачка за прилагодување напред/назад

Рачка за прилагодување напред/назад— повлечете нагоре на рачката за да го лизнете седиштето напред или назад за најдобра работна позиција.



H117035—UN—28MAR16

Контрола за ублажување на вертикални нагли движења

Контролата за ублажување на вертикални нагли движења— ја ограничува количината на нагорни задвижувања што ги обезбедува суспензијата на седиштето. Турнете ја контролата напред за меко возење или повлечете ја рачката на назад за тврдо возење. Помеѓу овие две позиции е средна тврдина.



H117861—UN—28MAR16

Рачка за прилагодување на тежина/висина

Рачка за прилагодување на тежина/висина— повлечете нагоре на рачката за да го подигнете седиштето, или притиснете на долу на рачката за да го спуштите седиштето. Прилагодете го седиштето така да се појави зелено обележување кај индикаторот за тежина/висина.



H117037—UN—28MAR16

Индикаторот за тежина/висина

Индикаторот за тежина/висина— употребете ја рачката за прилагодување на тежина/висина за да го прилагодете седиштето така да се појави зеленото обележување на индикаторот.



H117036—UN—28MAR16

Рачка за изолационо прилагодување напред/назад

Рачка за изолационо прилагодување напред/назад— повлечете нагоре на рачката за да ги блокирате движењата на напред и на назад. Притиснете на долу на рачката за да ослободите.



H117042—UN—28MAR16

Прилагодување на висина на наслон за рака

Прилагодување на висина на наслон за рака— извадете го кружното капаче и олабавете ја навртката за да го прилагодете левиот наслон за рака на посакуваната позиција.



H117041—UN—28MAR16

Рачка за прилагодување на агол на наслон за грб

Рачка за прилагодување на агол на наслонот за грб— прилагодете го аголот на наслонот за грб кај седиштето. Повлечете нагоре на рачката и прилагодете го потпирачот за грб во посакуваната позиција и ослободете ја рачката.




H121071—UN—18MAY17

Рачка за вртење на седиштето

Рачка за вртење на седиште - подигнете ја рачката за да овозможите вртење на седиштето. Притиснете на долу на рачката за да го заклучите седиштето во позицијата.

PR79369,00003F4-A8-08MAR21

Операторско седиште ComfortCommand (седиште со премиум платно)



H117034—UN—28MAR16

Рачка за прилагодување напред/назад

Рачка за прилагодување напред/назад— повлечете нагоре на рачката за да го лизнете седиштето напред или назад за најдобра работна позиција.



H117035—UN—28MAR16

Контрола за ублажување на вертикални нагли движења

Контролата за ублажување на вертикални нагли движења— ја ограничува количината на нагорни задвижувања што ги обезбедува суспензијата на седиштето. Турнете ја контролата напред за меко возење или повлечете ја рачката на назад за тврдо возење. Помеѓу овие две позиции е средна тврдина.



H117861—UN—28MAR16

Рачка за прилагодување на тежина/висина

Рачка за прилагодување на тежина/висина— повлечете нагоре на рачката за да го подигнете седиштето, или притиснете на долу на рачката за да го спуштите седиштето. Прилагодете го седиштето така да се појави зелено обележување кај индикаторот за тежина/висина.



H117037—UN—28MAR16

Индикаторот за тежина/висина

Индикаторот за тежина/висина— употребете ја рачката за прилагодување на тежина/висина за да го прилагодете седиштето така да се појави зеленото обележување на индикаторот.



H117039—UN—28MAR16

Рачка за прилагодување на длабочина на долниот дел

Рачката за прилагодување на длабочина на долниот дел— притиснете ја рачката за да го придвижува долниот дел на седиштето на напред или на назад за добивање најдобра работна положба.



H117038—UN—28MAR16

Рачка за прилагодување на агол на долниот дел

Рачка за прилагодување на агол на долниот дел — турнете ја рачката за да го подигнете или спуштите јастучето на седиштето за најдобра работна состојба.



H117036—UN—28MAR16

Рачка за изолационо прилагодување напред/назад

Рачка за изолационо прилагодување напред/назад— повлечете нагоре на рачката за да ги блокирате движењата на напред и на назад. Притиснете на долу на рачката за да ослободите.



H117040—UN—28MAR16

Рачка за прилагодување на странична изолација

Рачка за прилагодување на странична изолација — турнете ја рачката напред за да ги ослободите страничните движења. Повлечете ја рачката на назад за да заклучите.



H117043—UN—28MAR16

Вртливото копче за прилагодување на агол на наслонот за рака

Вртливото копче за прилагодување на агол на наслонот за рака— го прилагодува наслонот за рака нагоре или надолу. Вртете го вртливото копче во насока на стрелките на часовникот за да спуштите и обратно за да подигнете.



H117042—UN—28MAR16

Прилагодување на висина на наслон за рака

Прилагодување на висина на наслон за рака— извадете го кружното капаче и олабавете ја навртката за да го прилагодете левиот наслон за рака на посакуваната позиција.



H117041—UN—28MAR16

Рачка за прилагодување на агол на наслон за грб

Рачка за прилагодување на агол на наслонот за грб— прилагодете го аголот на наслонот за грб кај седиштето. Повлечете нагоре на рачката и прилагодете го потпирачот за грб во посакуваната позиција и ослободете ја рачката.



H121071—UN—18MAY17

Рачка за вртење на седиштето

Рачка за вртење на седиште - подигнете ја рачката за да овозможите вртење на седиштето. Притиснете на долу на рачката за да го заклучите седиштето во позицијата.



H117044—UN—28MAR16

Загревано/вентилирано седиште

Загревано/вентилирано седиште— притиснете го врвот на прекинувачот за да го ВКЛУЧИТЕ греачот на седиштето. Притиснете го долниот дел на прекинувачот за да ја ВКЛУЧИТЕ вентилацијата на седиштето. Прекинувачот во средна позиција ги ИСКЛУЧУВА греачот и вентилацијата на седиштето.

ВНИМАНИЕ: Прегреан греач на седиште може да предизвика повреди со изгореници или оштетување на седиштето. За намалување на ризикот од изгоренеци, бидете внимателни кога го користите греачот на седиштето за подолги временски периоди, особено кога операторот неможе да почуствува разлика во температурата или болка на кожата. Не ставајте предмети на седиштето, како што се ќебе, перница, прекривка или слични работи, кои што можат да предизвикаат греачот на седиштето да прегрее.



H117045—UN—28MAR16

Горна лумбарна поддршка


Горна лумбарна поддршка— притиснете го горниот прекинувач кон симболот (+) плус за зголемување на закривеноста на горната лумбарна поддршка. Притиснете го горниот прекинувач кон симболот (-) минус за намалување на закривеноста на горната лумбарна поддршка.



H117046—UN—28MAR16

Долна лумбарна поддршка

Долна лумбарна поддршка— притиснете го долниот прекинувач кон симболот (+) плус за зголемување на закривеноста на долната лумбарна поддршка. Притиснете го долниот прекинувач кон симболот (-) минус за намалување на закривеноста на долната лумбарна поддршка.




H117047—UN—22JUL21

Контролна конзола на потпирачот за рака

Контролна конзола кај наслонот за рака— олабавете го вртливото копче и лизгајте ја контролната конзола кај наслонот за рака нагоре/напред или надолу/назад во процепот на надворешната плоча. Затегнете го вртливото копче.

PR79369,00003F5-A8-08MAR21

Операторско седиште ComfortCommand™ (кожно седиште Ultimate)



H117034—UN—28MAR16

Рачка за прилагодување напред/назад

Рачка за прилагодување напред/назад— повлечете нагоре на рачката за да го лизнете седиштето напред или назад за најдобра работна позиција.



H117035—UN—28MAR16

Контрола за ублажување на вертикални нагли движења

Контролата за ублажување на вертикални нагли движења— ја ограничува количината на нагорни задвижувања што ги обезбедува суспензијата на седиштето. Турнете ја контролата напред за меко возење или повлечете ја рачката на назад за тврдо возење. Помеѓу овие две позиции е средна тврдина.



H119780—UN—07JUN18

Прекинувач за прилагодување на тежина/висина

Прекинувач за нагодување на тежина/висина - притиснете го горниот дел на прекинувачот за да го подигнете седиштето или притиснете го долниот дел на прекинувачот за да го спуштите седиштето. Прилагодете го седиштето така да се појави зелено обележување кај индикаторот за тежина/висина.



H117037—UN—28MAR16

Индикаторот за тежина/висина

Индикаторот за тежина/висина— употребете ја рачката за прилагодување на тежина/висина за да го прилагодете седиштето така да се појави зеленото обележување на индикаторот.



H117039—UN—28MAR16

Рачка за прилагодување на длабочина на долниот дел

Рачката за прилагодување на длабочина на долниот дел— притиснете ја рачката за да го придвижува долниот дел на седиштето на напред или на назад за добивање најдобра работна положба.



H117038—UN—28MAR16

Рачка за прилагодување на агол на долниот дел

Рачка за прилагодување на агол на долниот дел — турнете ја рачката за да го подигнете или спуштите јастучето на седиштето за најдобра работна состојба.



H117036—UN—28MAR16

Рачка за изолационо прилагодување напред/назад

Рачка за изолационо прилагодување напред/назад— повлечете нагоре на рачката за да ги блокирате движењата на напред и на назад. Притиснете на долу на рачката за да ослободите.



H119781—UN—07JUN18

Рачка за прилагодување на странична изолација

Рачка за прилагодување на странична изолација — турнете ја рачката напред за да ги ослободите страничните движења. Повлечете ја рачката на назад за да заклучите.



H117043—UN—28MAR16

Вртливото копче за прилагодување на агол на наслонот за рака

Вртливото копче за прилагодување на агол на наслонот за рака— го прилагодува наслонот за рака нагоре или надолу. Вртете го вртливото копче во насока на стрелките на часовникот за да спуштите и обратно за да подигнете.



H117042—UN—28MAR16

Прилагодување на висина на наслон за рака

Прилагодување на висина на наслон за рака— извадете го кружното капаче и олабавете ја навртката за да го прилагодете левиот наслон за рака на посакуваната позиција.



H117041—UN—28MAR16

Рачка за прилагодување на агол на наслон за грб

Рачка за прилагодување на агол на наслонот за грб— прилагодете го аголот на наслонот за грб кај седиштето. Повлечете нагоре на рачката и прилагодете го потпирачот за грб во посакуваната позиција и ослободете ја рачката.



H121071—UN—18MAY17

Рачка за вртење на седиштето

Рачка за вртење на седиште - подигнете ја рачката за да овозможите вртење на седиштето. Притиснете на долу на рачката за да го заклучите седиштето во позицијата.



H119782—UN—07JUN18

Загревано/вентилирано седиште

Загревано/вентилирано седиште— притиснете го врвот на прекинувачот за да го ВКЛУЧИТЕ греачот на седиштето. Притиснете го долниот дел на прекинувачот за да ја ВКЛУЧИТЕ вентилацијата на седиштето. Прекинувачот во средна позиција ги ИСКЛУЧУВА греачот и вентилацијата на седиштето.

ВНИМАНИЕ: Прегреан греач на седиште може да предизвика повреди со изгореници или оштетување на седиштето. За намалување на ризикот од изгоренеци, бидете внимателни кога го користите греачот на седиштето за подолги временски периоди, особено кога операторот неможе да почуствува разлика во температурата или болка на кожата. Не ставајте предмети на седиштето, како што се ќебе, перница, прекривка или слични работи, кои што можат да предизвикаат греачот на седиштето да прегрее.



H117045—UN—28MAR16

Горна лумбарна поддршка


Горна лумбарна поддршка— притиснете го горниот прекинувач кон симболот (+) плус за зголемување на закривеноста на горната лумбарна поддршка. Притиснете го горниот прекинувач кон симболот (-) минус за намалување на закривеноста на горната лумбарна поддршка.



H117046—UN—28MAR16

Долна лумбарна поддршка

Долна лумбарна поддршка— притиснете го долниот прекинувач кон симболот (+) плус за зголемување на закривеноста на долната лумбарна поддршка. Притиснете го долниот прекинувач кон симболот (-) минус за намалување на закривеноста на долната лумбарна поддршка.



H117047—UN—22JUL21

Контролна конзола на потпирачот за рака

Контролна конзола кај наслонот за рака— олабавете го вртливото копче и лизгајте ја контролната конзола кај наслонот за рака нагоре/напред или надолу/назад во процепот на надворешната плоча. Затегнете го вртливото копче.

PR79369,00003F6-A8-08MAR21

Сигурносните појаси



H118075—UN—15APR16

Безбедносен ремен

Сигурносните појаси се стандардна опрема и на операторското и на инструкторското седиште. Кружниот тип на сигурносни појаси имаат копче за брзо ослободување и автоматско собирање на појасот за да се дозволи непречено излегување и влегување.

ВНИМАНИЕ: Проверете ги сигурносни појаси и деловите за монтирање на Вашата машина најмалку еднаш годишно. Ако системот на сигурносниот појас, вклучително монатажниот хардвер, токата, појасот или повлекувачкиот дел покажуваат било какви знаци на оштетувања како што се посекотини, изабеност, екстремна и невообичаена износеност, избледеност или абразија, целиот систем на сигурносниот појас треба да се замени веднаш. За ваша безбедност, заменете го системот на сигурносните појаси само со делови за замена што се одобрени за вашата машина. Видете го вашиот John Deer трговец за заменски делови.

PR79369,00003F7-A8-08MAR21

Инструкторско седиште



H118073—UN—15APR16

Седиште за обука

Задниот наслон на седиштето и долниот дел на седиштето може да бидат подигнати или спуштени во посакуваната работна позиција.

⚠ ВНИМАНИЕ: Инструкторското седиште наменето е само за лицата што вршат обука или утврдуваат проблеми кај машината. Држете ги сите други возачи надвор од машината и опремата. Секогаш ги носете ремените на седиштето.

PR79369,00003F8-A8-09MAR21

Контроли за жетва



H117027—UN—28MAR16

Заклучување

Програмабилно заклучување со кратенка - поставува прекинувач со кратенка за да се избегнат случајни промени. Индикаторот свети кога е избран.



H116352—UN—20DEC16

Копче за бирање на брзина на ременот/ролната

Копче за бирање на брзина на ролна/ремен - завртете го копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите брзината на ролната или на ременскиот собирач и поставената точка или спротивно од стрелките на часовникот за да ја намалите брзината на ролната или на ременскиот собирач и поставената точка.



H116347—UN—20DEC16

Бројченик за контрола на притисокот за висина на хедерот/HydraFlex™

Копче за контрола на висина на хедер/притисок на HydraFlex™— изберете позиција на хедерот во однос на подлогата и автоматски вратете во таа позиција. Завртете го копчето во насока на стрелките на часовникот за да го подигнете хедерот и поставената точка (ако во опремата има HydraFlex™, зголемете го притисокот).

Завртете го копчето во насока спротивна на стрелките на часовникот за да го спуштите хедерот и поставете точка (ако сте опремени со HydraFlex™, намалете го притисокот).



H117923—UN—22DEC16

Рикверц на куќиште за достава

Рикверц на куќиште за достава - го префрла

HydraFlex е регистриран заштитен знак на Deere & Company

погонското куќиште на куќиштето за достава во режим за рикверц.



H117924—UN—22DEC16

Чистење на ременски собирач

Чистење на ременски собирач - го одложува повторното вклучување на погонскиот систем на ременот на хедерот.



H117924—UN—22DEC16

Вклучување на хедер

Вклучи хедер - ги вклучува или исклучува функциите на хедерот.



H117925—UN—22DEC16

Вклучување на одделувачот

Вклучи сепаратор - ги вклучува или исклучува функциите на сепараторот.



H117017—UN—28MAR16

Копче за пренасочување на празнењето

Пренасочување на празнењето— ви овозможува брзо да го прилагодите распространувањето на остатоците во спротивна насока за компензирање на влијанието од ветерот кога вртите на краевите од парцелата.

ЗАБЕЛЕШКА: Пренасочувањето е достапно само кога насоката на прилагодување не е во централната позиција.



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

Копче за прилагодување кај наслонот за рака— се користи за зголемување или намалување при прилагодување.

- Завртете го копчето во насока на стрелките на часовникот за да ги зголемите поставките.
- Завртете го копчето во насока спротивна на стрелките на часовникот за да ги намалите поставките.



H117012—UN—28MAR16

Прилагодување на зазорот на вршење

Прилагодување на зазорот на вршење— притиснете за да го активирате копчето кај наслонот за рака за да го изберете посакуваниот зазор.



H117013—UN—28MAR16

Прилагодување на брзината на вршење

Прилагодување на зазорот на вршење— притиснете за да го активирате копчето кај наслонот за рака за да го изберете посакуваниот зазор.



H117011—UN—29MAR16

Прилагодување на брзина на прочистувачкиот вентилатор

Прилагодување на брзина на прочистувачкиот вентилатор— притиснете за да го активирате вртливото копче кај наслонот за рака за да ја изберете посакуваната брзина.



H117014—UN—28MAR16

Прилагодување на вибрирачко гумно

Прилагодување на вибрирачко гумно— притиснете

за да го активирате вртливото копче кај наслонот за рака за да го изберете посакуваниот зазор.



H117015—UN—28MAR16

Прилагодување на сито

Прилагодување на сито— притиснете за да го активирате вртливото копче кај наслонот за рака за да го изберете посакуваниот зазор.



H118063—UN—15APR16

Програмабилни копчиња

Програмабилни копчиња— зависно од машинските опции и типот на хедерот, копчињата се програмабилни за различни функции. (За повеќе информации, види апликација за контролни поставки, кај помошта на екранот.)

PR79369,00003F9-A8-08MAR21

HVAC



N120890—UN—05MAY16

Брзина на вентилаторот

Брзина на вентилатор— притиснете за да ја промените брзината на вентилаторот во кабината.



H117877—UN—29MAR16

Насока на воздушно струење

Управување со воздушно струење— притиснете за да ја изберете посакуваната насока на воздушното струење.



N121549—UN—12MAY16

Контрола на температурата

Контрола на температура— притиснете за да ја промените температурата во кабината.

PR79369,00003FA-A8-09MAR21


Радио



N123514—UN—22SEP16

БАРАЊЕ

Барање— притиснете за да барате радио канали.



N124430—UN—22SEP16

Контрола на јачината на звукот

Контрола за јачина на звук— притиснете за да ја промените гласноста.



H117918—UN—29MAR16

Исклучување на звук— притиснете за да го исклучите микрофонот.

- Притиснете за да го исклучите звукот.
- Притиснете за да ја обновите репродукцијата на звук.

PR79369,00003FB-A8-09MAR21

Мотор и погон за движење



H117023—UN—22DEC16

Менување брзини преку копче

Менување брзини преку копче (ако има во опремата) — притиснете го посакуваното копче (1, 2 или 3) за да ја зголемите или намалите брзината на движење на машината. Индикаторот за избраната брзина свети.



H117917—UN—22DEC16

ProDrive™

ProDrive™ (ако има во опремата)— притиснете го посакуваното копче (1 или 2) за да ја зголемите или намалите брзината на движење на машината. Индикаторот за избраната брзина свети.

ProDrive е заштитен знак на Deere & Company



H117019—UN—28MAR16

Моторна брзина (спора брзина)

Моторна брзина (спора брзина)— притиснете за спора моторна брзина. Индикаторот свети кога е избран.



H117020—UN—28MAR16

Моторна брзина (средна брзина)

Моторна брзина (средна брзина)— притиснете за средна моторна брзина. Индикаторот свети кога е избран.



H117021—UN—28MAR16

Моторна брзина (брза брзина)

Моторна брзина (брза брзина)— притиснете за брза моторна брзина. Индикаторот свети кога е избран.

ЗАБЕЛЕШКА: Доколку има ProDrive™, брзината на моторот се командува динамично кога е во патен режим.



H117022—UN—28MAR16

Исклучување на патен превоз

Исклучување на патен превоз— притиснете пред да ја превезувате машината по пат. Индикаторот свети кога е избран.



H117024—UN—28MAR16

Погон на четири тркала при голема брзина

Погон на четири тркала при голема брзина (ако има во опрема)— притиснете за да ја контролирате брзината кај системот со погон на четири тркала.



H117025—UN—28MAR16

Погон на четири тркала при мала брзина

Погон на четири тркала при мала брзина (ако има во опрема)— притиснете за да ја контролирате брзината кај системот со погон на четири тркала.



H117026—UN—28MAR16

Диференцијална блокада

Диференцијална блокада (ако има во опремата)—притиснете за рачно да ја вклучите/исклучите диференцијалната блокада за да се разрешат проблемите при влечење во полето.



H117028—UN—28MAR16

Сопирачка за паркирање

Паркинг кочница - притиснете за да ја одберете состојбата на паркинг кочницата. Во рачен режим (осветлена икона), паркинг кочницата ќе остане вклучена и машината нема да се движи. Во автоматски режим (иконата не е осветлена), паркинг кочницата автоматски ќе се исклучи/вклучи кога ќе ја поместите повеќефункционалната рачка во/надвор од неутралната положба.

PR79369,00003FC-A8-09MAR21

Светла



H117886—UN—29MAR16

Меморирана поставка за работни светла 1

Меморирана поставка за работни светла 1 - притиснете за да ја изберете мемориранатa поставка за работни светла 1.



H117887—UN—29MAR16

Меморирана поставка за работни светла 2

Меморирана поставка за работни светла 2 - притиснете за да ја изберете мемориранатa поставка за работни светла 2.



H117884—UN—29MAR16

Сигнални светла - притиснете за да ги вклучите сигналните светла, притиснете повторно за да ги исклучите. Индикациското светло е вклучено кога е активен.




H117885—UN—29MAR16

Светло за опасност

Светло за опасност - притиснете за да ги вклучите светлата за опасност, притиснете повторно за да ги исклучите. Индикациското светло е вклучено кога е активен.

PR79369,00003FD-A8-09MAR21

Конзола и екран



H118078—UN—19JAN17

Контролна конзола на потпирачот за рака

Контролна конзола кај наслонот за рака—олабавете го вртливото копче и лизгајте ја контролната конзола кај наслонот за рака нагоре/напред или надолу/назад во процепот на надворешната плоча. Затегнете го вртливото копче за да го заклучите наслонот за рака во позицијата.



N128644—UN—15FEB17

USB Полнење

Полнење преку USB - ви овозможува да полните мобилни уреди. Овие влезови се наоѓаат внатре во конзолата на прегрaдниот дел за складирање. Тие не се поврзани на радиото или на екранот.



N128645—UN—15FEB17

Помошен излез

Помошен излез - се користи за напојување на уреди (12 V). Се наоѓаат внатре во конзолата на прегрaдниот дел за складирање.



H117794—UN—19JAN17

Крак

Рака— вртете ја раката лево/десно во посакуваната работна позиција.

ЗАБЕЛЕШКА: Оваа функција е достапна само на машини кои не се опремени со конфигурации со вртливо седиште.



H117795—UN—15APR16

Дисплеј

Екран— вртете го екранот лево/десно во посакуваната работна позиција.

PR79369,00003FE-A8-09MAR21

Рикверц на куќиште за достава



H127356—UN—26SEP19

Рикверц на куќиште за достава

Се користи за хидраулично префрлање на погонскиот механизам за куќиштето за достава во рикверц режим за да го исчистите затнатото куќиште за достава или хедер.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако работите со високи моторни брзини, ИСКЛУЧЕТЕ го прекинувачот за рикверц на куќиштето за достава и оставете ја гастта на моторот на ниски вртежи во лер.

Постапка за измена:



H127348—UN—26SEP19

Прекинувачот е притиснат

1. Притиснете надолу и држете го прекинувачот.



H127352—UN—26SEP19

Прекинувачот е вклучен

2. Повлечете го назад за да го заклучите прекинувачот.



H127346—UN—26SEP19

Исклучено

3. Притиснете го прекинувачот нанапред откако куќиштето за достава е исчистено.

PR79369,00003FF-A8-09MAR21

Чистење на ременски собирач



H127356—UN—26SEP19

Чистење на ременски собирач

Го одложува повторното вклучување на погонскиот систем на ременот на хедерот што овозможува исфрлените лепливи парчиња повторно да бидат доставени во куќиштето за достава во помали сегменти.

ЗАБЕЛЕШКА: Со цел да почне операцијата за чистење, процесот на вклучување, враќање назад, и повторно вклучување мора да се случи во период од 30 секунди.

Постапка за измена:



H127351—UN—26SEP19

Хедерот е вклучен

1. Турнете ја рачката надолу и напред за да го стартувате хедерот.



H127352—UN—26SEP19

Рикверцот е активиран

2. Повлечете ја назад за да го стартувате модулираниот рикверц на куќиштето за достава.



H127351—UN—26SEP19

Хедерот е вклучен

3. Повторно турнете го прекинувачот напред за да го стартувате хедерот.

PR79369,0000400-A8-09MAR21

Вклучување на хедер



H127356—UN—26SEP19

Вклучување на хедер

Ги вклучува функциите на хедерот.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако вие го напуштите седиштето после вклучувањето, хедерот продолжува да работи пет секунди пред да се исклучи.

Системски побарувања:

- Ангажирањето на одделувачот мора да биде ВКЛУЧЕНО.
- Исклучувањето при патен превоз, мора да биде во позиција за работа во поле.
- Мора да бидете седнати за хедерот да работи.

Постапка за измена:



H127348—UN—26SEP19

Прекинувачот е притиснат

1. Притиснете надолу и држете го прекинувачот.



H127351—UN—26SEP19

Прекинувачот е вклучен

2. Притиснете нанапред за да го заклучите прекинувачот.



H127346—UN—26SEP19

Исклучено

3. Повлечете го прекинувачот наназад за да ги исклучите функциите на хедерот.

PR79369,0000401-A8-09MAR21

Вклучување на одделувачот



H127357—UN—26SEP19

Вклучување на одделувачот

Ги вклучува функциите на сепараторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Одделувачот се исклучува кога брзината на тупалката за празнење падне под 300 вртежи.

Ако го напуштите операторското седиште после стартувањето, ротациониот аларм на одделувачот се огласува и надворешните светла трепкаат за да го предупредат операторот дека го напушта седиштето додека одделувачот сеуште се врти. Светлата остануваат вклучени и звучниот аларм продолжува да се огласува се додека одделувачот не застане целосно.

Системски побарувања:

- Моторот мора да работи со мали вртежи во празен од.
- Исклучувањето при патен превоз, мора да биде во позиција за работа во поле.
- Мора да бидете седнати за одделувачот да работи.

Постапка за измена:



H127347—UN—26SEP19

Прекинувачот е притиснат

1. Притиснете надолу и држете го прекинувачот.



H127350—UN—26SEP19

Прекинувачот е вклучен

2. Притиснете нанапред за да го заклучите прекинувачот.



H127346—UN—26SEP19

Исклучено

3. Повлечете го прекинувачот наназад за да ги исклучите функциите на сепараторот.

PR79369,0000402-A8-09MAR21

Прилагодување на зазорот на вршење

Прилагодувањето на зазорот на вршење ви дозволува да го зголемите или намалите растојанието помеѓу елементите за вршење и конкавниот дел за разни култури и услови.

ЗАБЕЛЕШКА: За поставките за слободен просотор кај вршењето, погледнете го делот за поставки за култура во вашиот прирачник за работа.

Изменете кога:

Зголемете го слободниот просотор кај вршењето за да:

- Подобрите квалитетот на сламата; направете слама со подолго стебло и помалку прекршувања на материјалот.
- Подобрите квалитетот на зрно; намалите делењето и оштетувањето на зрната.
- Намалите потрошувачката на моќност; за лесно вршење на житото.
- Подобрите чистотата на примерок; намалите оптоварувањето од плева врз прочистувачкиот чевел.

Намалете го слободниот просотор кај вршењето за да:

- Намалите загуба кај одделувачот поради не вршење; не олупено зрно или зрно на кочан позади машината.
- Подобрете го примерокот во резервоарот за жито; намалете ги зрната со лушпи или неотворени зрна.

Постапка за измена:



H117012—UN—28MAR16

Прилагодување на зазорот на вршење

1. Притиснете го копчето на наслонот за рака за активирање на вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

2. Користете го вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака за да го одберете посакуваниот зазор за вршење.
   - Завртете го копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.
   - Завртете го копчето за бирање во насока спротивна од стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинската конфигурација, некои вредности може да не се добијат.

ЗАБЕЛЕШКА: Максималната вредност може да не биде остварлива ако се инсталирани густо пакувани елементи.

·Минимално: 0

Максимално: 40

Прираст: 1

PR79369,0000403-A8-09MAR21

Прилагодување на зазорот на вршење

Прилагодувањето на брзината на вршење ви дозволува да ја измените брзината на вршење за разни култури и услови.

ЗАБЕЛЕШКА: За поставките за брзината на вршење, погледнете го делот за поставки за култура во вашиот прирачник за работа.

Изменете кога:

Зголемете ја брзината на вршењето за да:

- Подобрете го одделувањето.
- Подобрете го ракувањето на материјалот.
- Намалете ја количината на неовршени зрна.
- Намалете го ризикот од блокирање.
- Намалете ги загубите кај сепараторот заради недоволна центрифугална сила.

Намалете ја брзината на вршењето за да:

- Подобрувате квалитетот на сламата.
- Намалете го оптоварувањето на прочистувачкиот чевел со плева.
- Намалете ги скршените зрна.
- Намалете ги загубите кај сепараторот заради големо оптоварување со плева.

Постапка за измена:

1. Вклучете го одделувачот и нека работи при високи вртежи во лер.



H117013—UN—28MAR16

Брзина на вршалката

2. Притиснете го копчето на наслонот за рака за активирање на вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

3. Користете го вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака за да ја одберете посакуваната брзина.
   - Завртете копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.
   - Завртете копчето за бирање во насока спротивна на стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.

   Роторот има два опсега на брзина што може да се постават за преносот на роторот.
   - Прв опсег: 210-550 врт/мин
   - Втор опсег: 380-1000 врт/мин

ЗАБЕЛЕШКА: Се препорачува моторот да не работи во многу мали брзини кога е во вториот опсег. На пример, ако целните врт/мин се 400, користете го првиот наместо вториот опсег.

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинската конфигурација, некои вредности може да не се добијат.

·Минимално: 200 врт./мин.

Максимално: 1000 втр./мин.

Прираст: 10 вртежи/мин.

PR79369,0000404-A8-09MAR21

Прилагодување на брзина на прочистувачкиот вентилатор

Прилагодувањето на брзината на прочистувачкиот вентилатор ви дозволува да ја измените брзината на вентилаторот за да ја подобрите чистотата на зрното и да ги намалите загубите на жито.

Моторот за брзина на вентилаторот има термално (топлинско) исклучување кое го запира моторот да не работи ако се случи нешто од следново:

- Прекинувачот се користи континуирано во текот на повеќе од 2 или 3 минути.
- Системот за прилагодување е против запирање додека моторот сеуште се обидува да ја промени брзината.
- Има прекумерно затегнување или влечење кај поврзувањето.

Ако се сомневате во нешто од горе наведената причина, исчистете и прилагодете според потребното.

ЗАБЕЛЕШКА: Дозволете му на моторот да се олади 10 до 15 минути пред да се обидете повторно да го притиснете прекинувачот.

Изменете кога:

Зголемете ја брзината на вентилаторот за да:

- Подобрето го квалитетот на примероците. Намалете ја количината на плева или лесен материјал во резервоарот на жито.
- Намалете ги загубите ако подлогата за култури не е доволно аерирана.

Намалете ја брзината на вентилаторот за да:

- Намалете ја загубата кај прочистувачкиот чевел. Помалите полесните зрна може да бидат изнесено надвор од прочистувачкиот чевел.
- Намалете ја големата количина на слободно жито во системот за остатоци од плева.

ЗАБЕЛЕШКА: За поставките за брзина на вентилатор, погледнете го делот за поставки за култура во вашиот прирачник за работа.

Постапка за измена:

1. Вклучете го одделувачот и нека работи при високи вртежи во лер.



H117011—UN—29MAR16

Прилагодување на брзина на прочистувачкиот вентилатор

2. Притиснете го копчето на наслонот за рака за активирање на вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

3. Користете го вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака за да ја одберете посакуваната брзина.
   - Завртете копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.
   - Завртете копчето за бирање во насока спротивна на стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.

ЗАБЕЛЕШКА: Вредностите за минумум и максимум може да се променат ако машината е опремена со коплетот за успорување на прочистувачкиот вентилатор.

·Минимално: 620 врт./мин.

Максимално: 1350 втр./мин.

Прираст: 10 вртежи/мин.

PR79369,0000405-A8-09MAR21

Прилагодување на вибрирачко гумно

Прилагодувањето на вибрирачкото гумно ви дозволува да го измените отворот на елементите од вибрирачкото гумно за да се подобри чистотата на житото и да се намалат загубите кај прочистувачкиот чевел за различни култури и услови.

ЗАБЕЛЕШКА: За поставките за слободен просотор кај вибрирачкото гумно, погледнете го делот за поставки за култура во вашиот прирачник за работа.

Изменете кога:

Зголемете го слободниот просотор кај вибрирачкото гумно за да:

- Ја намалите загубата кај прочистувачкиот чевел дозволувајќи му на зрното да падне порано, пред избега од прочистувачкиот чевел.
- Дозволете зрното да падне порано пред да биде принудено кон остатоците од плева.

Намалете го слободниот просотор кај вибрирачкото гумно за да:

- Го подобрите квалитетот на примерокот со намалување на количината на поголемите, туѓи тела во резервоарот за жито.
- Намалете ја големата количина на остатоци од плева кога во неа нема слободни зрна.

Постапка за измена:



H117014—UN—28MAR16

Прилагодување на вибрирачко гумно

1. Притиснете го копчето на наслонот за рака за активирање на вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

2. Користете го вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака за да го одберете посакуваниот зазор.
   - Завртете копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.
   - Завртете копчето за бирање во насока спротивна на стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинската конфигурација, некои вредности може да не се добијат.

Општа намена:

·Минимално: 0

Максимално: 22

Прираст: 1

Длабок заб:

·Минимално: 0

Максимално: 30

Прираст: 1

PR79369,0000406-A8-09MAR21

Прилагодување на сито

Прилагодувањето на ситото ви дозволува да го измените отворот на ситото за да се подобри чистотата на житото и управува со волуменот на остатоците за различни култури и услови.

ЗАБЕЛЕШКА: За поставките за слободен просотор кај ситото, погледнете го делот за поставки за култура во вашиот прирачник за работа.

Изменете кога:

Зголемете го слободниот просотор кај ситото за да:

- Намалите остатоците; дозволувајќи повеќе зрна порано да паднат во чистото жито пред да бидат рециклирани во отпадоците.
- Зголемите протокот на воздух на прочистувачкиот вентилатор; зголемувањето на слободниот просотор кај ситото дозволува повеќе воздух од прочистувачкиот вентилатор да помине низ прочешлувачкото гумно.

Намалете го слободниот просотор кај ситото за да:

- Зголемите остатоци на плева; за било која житарица што тешко се врши, го принудува секој не вршен материјал назад низ одделувачот.
- Подобрите квалитетот на примерок; ја намалува количината на туѓите тела во резервоарот за жито.

Постапка за измена:



H117015—UN—28MAR16

Прилагодување на сито

1. Притиснете го копчето на наслонот за рака за активирање на вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака.



H115034—UN—28MAR16

Вртливо копче за прилагодување на наслонот за рака

2. Користете го вртливото копче за прилагодување на наслонот за рака за да го одберете посакуваниот зазор на ситото.
   - Завртете копчето за бирање во насока на стрелките на часовникот за да ја зголемите вредноста.
   - Завртете копчето за бирање во насока спротивна на стрелките на часовникот за да ја намалите вредноста.

ЗАБЕЛЕШКА: Зависно од машинската конфигурација, некои вредности може да не се добијат.

Општа намена:

·Минимално: 0

Максимално: 20

Прираст: 1

Длабок заб:

·Минимално: 0

Максимално: 25

Прираст: 1

PR79369,0000407-A8-09MAR21

Барање



N123514—UN—22SEP16

БАРАЊЕ

Притиснете за да барате радио канали.

- AM/FM/WX/MW/LW: Притиснете го прекинувачот (кратко притискање) за да го смените наместеното.
- AM/FM/WX/MW/LW: Притиснете го прекинувачот (долго притискање) за да БАРАТЕ.
- Сателитско радио SiriusXM™: Притиснете и задржете го прекинувачот за да го промените каналот.
- CD/MP3: Притиснете го прекинувачот за да одите на почетокот на моменталната нумера, на претходната нумера или следната нумера.

PR79369,0000408-A8-09MAR21

Менување брзини преку копче (ако има во опрема)



H117023—UN—22DEC16

Менување брзини преку копче

Притиснете го посакуваното копче (1, 2 или 3)за зголемување или намалување на патната брзина на машината. Индикаторот за избраната брзина свети.

ЗАБЕЛЕШКА: Величините и прописите и кодовите на земјата ја ограничуваат максималната брзина на движење.

Машината мора да биде запрена и повеќе функционалната рачка поместена во неутрална позиција пред да се избере посакуваната брзина.

ВНИМАНИЕ: Менување преку притискање на копче:Кога се притиска прекинувачот за брзо запирање со вклучен одделувач, вие сте одговорни за повлекување назад на повеќе функционалната рачка за да се запре машината.

PR79369,0000409-A8-09MAR21

ProDrive™ (ако има во опрема)



H117917—UN—22DEC16

ProDrive™

Притиснете го посакуваното копче (1 или 2) за зголемување или намалување на патната брзина на машината. Индикаторот за избраната брзина свети.

ЗАБЕЛЕШКА: Величините и прописите и кодовите на земјата ја ограничуваат максималната брзина на движење. Брзината може да биде програмирана од нула до дозволената максимална брзина на движење.

Максималната брзина н адвижење во рикверц е 10 km/h (6.2 mph) и не се менува во било кој режим.

ProDrive™ прекинувачите за режим 1 или 2 на може да се одберат додека машината се движи.

ВНИМАНИЕ: Машини ProDrive™: Притискањето на прекинувачот за брзо запирање со вклучен одделувач прави машината споро да врти до запирањето. Секогаш се препорачува да носите сигурносен појас за да избегнете сериозна повреда.

PR79369,000040A-A8-10MAR21

ProDrive е заштитен знак на Deere & Company

Исклучување на патен превоз



H127518—UN—30SEP19

Исклучување на патен превоз

Притиснете го копчето за исклучување при патен превоз, кога ја превезувате машината по пат. Индикаторот свети кога е избран.

Прекинувачот за исклучување на патен превоз ги спречува следниве функции:

- Вклучување на одделувачот
- Вклучување на хедер
- Подигнување/спуштање на хедер
- Обновување на висина на хедер
- Детекција на висина на хедер
- Странична наваленост
- Подигнување/спуштање на ролна и напред/назад на ролна
- Сврделот за празнење
- Завртување на сврделот
- Преклопен сврдел за празнење (ако има во опрема)
- Капаците на резервоарот за жито (ако има во опремата)
- Погон на четири тркала (ако има во опремата)

После превезувањето на машината по патишта и посакувате да работите во поле, притиснете го прекинувачот за исклучување при превоз во период од две секунди овозможувајќи му на светлото за индикација да се ИСКЛУЧИ и овозможувајчи му на прекинувачот за посакуванта функција повторно да работи.

Ако вашата машина е опремена со преносот ProDrive™ и управување со брзината на моторот, брзината на моторот се контролира динамички кога е вклучен прекинувачот за исклучување на патниот транспорт. Ова ја намалува потрошувачката на гориво при патен транспорт на машината.

PR79369,000040B-A8-09MAR21

Погон на четири тркала (ако има во опремата)

Управува со вклучувањето/исклучувањеот и брзината на системот за погон на четири тркала.

ВАЖНО: НЕ го ВКЛУЧУВАЈТЕ или ИСКЛУЧУВАЈТЕ прекинувачот за погон на четири тркала кога машината е со максимална брзина на движење. Намалете ја брзината или доведете ја машината до мирување.

ИСКЛУЧЕТЕ го погонот на четири тркала пред да одите со брзините надолу.

Во РЕД е да префрлите меѓу поставката за споро (желка) и брзо (зајак) додека машината е во движење.

Постапка за измена:



H117025—UN—28MAR16

Ниска брзина

1. Притиснете за да ВКЛУЧИТЕ кога сакате максимална асистенција за задни тркала.
2. Притиснете за да ИСКЛУЧИТЕ.



H117024—UN—28MAR16

Висока брзина

1. Притиснете за да ВКЛУЧИТЕ кога сакате асистенција за задни тркала и поголеми теренски брзини.
2. Притиснете за да ИСКЛУЧИТЕ.

ВНИМАНИЕ: Теренската брзина се зголемува кога е ИСКЛУЧЕНО и за намалува кога е ВКЛУЧЕНО. Мора да ја прилагодите теренската брзина на машините кои не се опремени со ProDrive™ за да компензирате. Машините опремени со ProDrive™ автоматски ја прилагодуваат теренската брзина.

Машини кои се Без-ProDrive™: Во услови што предизвикуваат висок притисок во хидростатичкиот систем и машината успорува и запира, поместете ја повеќе функционалната рачка во неутрална и префрлете го преносот во пониска брзина.

PR79369,000040C-A8-09MAR21

ProDrive е заштитен знак на Deere & Company

Диференцијална блокада (ако има во опремата)



H117026—UN—28MAR16

Диференцијална блокада

Притиснете за рачно да ја вклучите/исклучите диференцијалната блокада за да се разрешат проблемите при влечење во полето.

ЗАБЕЛЕШКА: Диференцијалната блокада не се вклучува кога прекинувачот за исклучување на патниот превоз е ВКЛУЧЕН. Диференцијалната се исклучува кога сопирачките педали се притиснати.

Вклучувањето е возможно само ако брзината на движење е под 10 km/h (6.2 mph) и автоматски се исклучува кога брзината на движење е над 12 km/h (7.5 mph).

PR79369,000040D-A8-09MAR21

Паркирна сопирачка



H127519—UN—30SEP19

Сопирачка за паркирање

Притиснете за да ја одберете состојбата на паркинг кочницата. Во рачен режим (осветлена икона), паркинг кочницата ќе остане вклучена и машината нема да се движи. Во автоматски режим (иконата не е осветлена), паркинг кочницата автоматски ќе се исклучи/вклучи кога ќе ја поместите повеќефункционалната

рачка во/надвор од неутралната положба.

Автоматски режим: Ако повеќе функционалната рачка е во неутрална положба и брзината е помала од 1.5 km/h (1 mph), тогаш се вклучува паркирната сопирачка. Ако повеќе функционалната рачка се извади од неутралната положба, паркирната сопирачка се ослободува.

Рачен режим: Ако повеќе функционалната рачка е во неутрална положба и брзината е помала од 3.0 km/h (1,9 mph), тогаш се вклучува паркирната сопирачка. Ако повеќе функционалната рачка се извади од неутрална положба или брзината е поголема од 1.5 km/h (1 mph) се огласува аларм.

- Притиснете го копчето за паркирна сопирачка за да ја активирате паркирната сопирачка.

  Индикатор за паркирната сопирачка свети покажувајќи дека паркирната сопирачка е активна.
Пролеаната течност за ДИГ остава бела трага ако се остави да се исуши или ако само се пребрише со крпа. Неисправно исчистената пролеана течност за DEF може да ја попречи дијагностиката на проблеми на протекување кај системи со селективна каталитична редукција (SCR).

ЗАБЕЛЕШКА: Влезниот филтер за DEF и филтерот на дозирачката единица за DEF мора да се менуваат заедно на секои 2000 часови или на секои 36 месеци, кое и да настапи прво.

1. Исчистете ги сите остатоци од површината околу склопот на влезниот филтер за DEF.

ЗАБЕЛЕШКА: Почекајте околу 5 минути за DEF да се исчисти од системот.

2. Извадете и фрлете го чепот за испуштање (A).
3. Исцедете ја течноста DEF во соодветен сад.
4. Отстранете го капакот на филтерот (B).



H125462—UN—06DEC18

A—Склоп на филтерот
B—Филтер

5. Повлечете го склопот на филтерот (A) надолу од телото на DEF.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако е потребно, потчукнете го филтерот за да се олабави. Пластичните јазичиња во капакот на филтерот го прицврстуваат филтерот на неговата позиција.

6. Извадете и фрлете го филтерот (B) од капакот на филтерот.
7. Исчистете ги навоите и спојните површини на склопот со дестилирана вода.



H125463—UN—06DEC18

A—Разделник од пена
B—Заптивка
C—Капак на филтер

8. Извадете и фрлете го разделникот од пена (A) и исфрлете ја заптивката (B) од капакот на филтерот (C).
9. Поставете нов разделник од пена и нова заптивка во претходно изваденият капак на филтерот.



H125464—UN—06DEC18

A—Филтер
B—Тело на DEF

ЗАБЕЛЕШКА: Пластичните јазичиња во капакот го прицврстуваат филтерот на неговата позиција.

10. Вметнете го новиот филтер (A) во капакот на филтерот како што е прикажано, а потоа во телото на DEF (B).
11. Наместете го капакот на филтерот и затегнете го според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Капак на филтер—Вртлив момент	25 N·m (221 lb·in)



H125465—UN—06DEC18

A—О-прстен
B—Засек

12. Поставете го новиот О-прстен (A) во засекот (B) на новиот чеп за испуштање.
13. Поставете го чепот за испуштање во капакот на филтерот и затегнете го според спецификацииите.


Технички податоци (спецификации)

Чеп за испуштање—Вртлив момент. . . . . 4 N·m (35 lb·in)

OUO6075,0004BBA-A8-30MAY19

Одржување — на секои 4500 часа или пет години

Табела за интервал на сервисирање—на секои 4500 часа или пет години




H120324—UN—22DEC16

Легенда	Сервисирање	На секои 4500 часа или на секои пет години
A	Замена на преден амортизер на коленесто вратило на мотор (ниво 2/фаза II)	•

ouo6075,1657722111062-A8-13JUL22

Замена на амортизер на коленесто вратило на мотор (ниво 2/фаза II)



H120325—UN—22DEC16

Само ниво 2/фаза II (стил A / стил B)


ВАЖНО: Склопот на амортизерот против вибрации не може да се поправи и треба да се менува на секои пет години или 4500 работни часа, она што ќе настапи прво.

Нека Вашиот трговец со John Deere опрема го замени придушувачот на коленестата оска на моторот.

ouo6075,1653323944771-A8-13JUL22

Одржување – на секои 6000 работни часа или на шест години

Табела за интервал на сервисирање—на секои 6000 часа или шест години




H119645—UN—13OCT16

ЗАБЕЛЕШКА: ПЛАНИРАНА замена на разладното средство е во интервал од 6 години или 6000 часа ако се користи John Deere Cool-Gard™ II или Cool-Gard™ II PG.

Легенда	Сервисирање	На секои 6000 работни часови или шест години
A и B	Испуштање, измивање и повторно полнење на системот за ладење на моторот	•


OUO6075,0004465-A8-20DEC16

Систем за разладување на моторот



H115825—UN—04SEP15

Ниво 2/фаза II (Стил A)



H115826—UN—04SEP15

Ниво 2/Фаза II (стил B) и Конечно ниво 4/Фаза V

A—Одвод
B—Напливен резервоар

ЗАБЕЛЕШКА: Кога се користи Cool-Gard™ II или COOL-GARD™ II PG, интервалот за празнење е 6 години или 6000 работни часа.

Cool-Gard е заштитен знак на Deere & Company

Доколку се користи течност за ладење поинаква од COOL-GARD™ II или COOL-GARD™ II PG, интервалот на празнење треба да се намали на две години или 2000 работни часа.

Отворете го испустот (A) за да го отстраните разладното средство од радијаторот.


Исплакнете го и одново наполнете го компензациониот сад (B) со правилно средство за ладење и адитив. Погледнете одржување—Според потребното, за повеќе информаци делот за течности кај моторот и филтери. Погледнете во делот за горива и подмачкувачи за препораки во врска со разладното средство.

Проверете го нивото на разладното средство во компензациониот сад при ладен мотор. Нивото мора да биде до "Max Cold" линијата.

OUO6075,00047FF-A8-13NOV17

Одржување — по потреба

Табела за интервал на сервисирање—како што е потребно



H124383—UN—29MAY18

Легенда	Сервис	По потреба
A	Филтер за рециркулација, чистење/замена	•
B	Чистење/замена на филтер за свеж воздух во кабина	•
C	Полнење на резервоарот за прскалка на ветробранско стакло	•
D	Чистење на сито на алтернатор	•
E	Чистење на сензор за влажност (ако има во опрема) Исчистете го сензорот за влажност кај сврделот за заобиколување Исчистете ја камерата ActiveVision кај лифтот за чисто жито (ако има во опремата) Заменете го заштитниот дел на камерата ActiveVision кај лифтот за чисто жито (ако има во опремата)[a]	•
F	Исчистете ја камерата ActiveVision кај системот за плева (ако има во опремата) Заменете го заштитниот дел на камерата ActiveVision кај системот за плева (ако има во опремата)[a]	•
G	Проверка/затегнување на прицврстувачките ленти за противпожарен апарат (ако има во опрема)	•

[a]Ако сезоната на жнеење е завршена, почекајте до почетокот на следната сезона на жнеење за да го продолжите работниот век на заштитниот дел на камерата.

ouo6075,1654116701723-A8-01JUN22

Филтер за рециркулација




H115668—UN—28AUG15

A—Филтер за рециркулација

Отстранете го капакот за да го исчистите или замените рециркулациониот филтер (A).

OUO6075,0004468-A8-21DEC16

Филтер за свеж воздух во кабина



H115664—UN—28AUG15

A—Копче
B—Филтер за свеж воздух

ЗАБЕЛЕШКА: Филтерот за свеж воздух во кабина може да бара порано чистење од предвиденото во прашливи услови.

Завртете го копчето (A) и спуштете го пристапниот капак. Отстранете го филтерот за свеж воздух (B) за да го исчистите или замените.

OUO6075,0004469-A8-21DEC16

Резервоар на системот за миење на ветробранското стакло




H119647—UN—13OCT16

A—Капак

Отворете го капачето (A) и наполнете го резервоарот за прскалка на ветробранско стакло.

OUO6075,000446A-A8-21DEC16

Сито на алтернаторот




H119648—UN—13OCT16

Исчистете го ситото кога е 50% покриен со нечистотија

OUO6075,000469C-A8-21MAR17

Сензор за влажност (ако има во опремата)



H135696—UN—01JUN22

A—Сензор за влажност

ВАЖНО: Статичниот електрицитет може да го оштети модулот на сензорот за влажност. За да избегнете оштетување, осигурете дека секогаш ја допирате металната површина на машината со најмалку една дланка или рака пред да работите или да чистите.

Сензорот за влажност има внатрешни компоненти кои може да се олабават ако се испушти од раце и падне, а можно е тоа да не биде веднаш забележливо. Внимателно ракувајте со сензорот за влажност кога работите со него или го чистите.

Отстранете и исчистете го сензор отза влажност (A) кога работите во плевел, зелени култури или со ситни култури(канола).

- Не користете растворувачи или други средства за чистење кај лицето на сензорот.
- Се препорачува чистење со сува крпа. Ако тоа не


е доволно, тогаш избришете го само со крпа и вода.

- Не мијте го под притисок лицето на сензорот за влажност.

Поставете го сензорот за влажност и направете калибрација на сензорот за влажност. За повеќе информации погледнете за помош кај апликациите за калибрација или помош кај операторската станица.

ouo6075,1654116976282-A8-02JUN22

Свредел за заобиколување на сензорот за влага (по потреба)




H135697—UN—01JUN22

A—Клин (се користат 2)
B—Крајно капаче
C—Свредел

1. Изгасете го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и извадете го контактниот клуч.
2. Извадете ги клиновите (A) и крајното капаче и (B).
3. Извадете го свредлото (C) од заобиколувањето на сензорот за влага.
4. Исчистете го свредлото и површината во заобиколувањето на сензорот за влага.
5. Поставете и порамнете го свредлото.
6. Поставете го крајното капаче и затегнете го со клинови.

ouo6075,1654117011682-A8-09JUN22

Камера ActiveVision кај лифтот за чисто жито (ако има во опремата)



H135694—UN—01JUN22


A—Камера ActiveVision кај лифтот за чисто жито

ЗАБЕЛЕШКА: Честотата на чистење зависи од бројни фактори, вклучително работни услови, времето и условите на културата. Леќите на камерата чистете ги со мека, чиста и навлажнета крпа.

Отворете го резето и исчистете ја камерата ActiveVision кај лифтот за чисто жито (A).

ouo6075,1654117083675-A8-02JUN22

Камера ActiveVision на системот за плева (ако има во опремата)



H135693—UN—01JUN22

Стил A / Стил B


A—Камера ActiveVision на системот за плева

ЗАБЕЛЕШКА: Честотата на чистење зависи од бројни фактори, вклучително работни услови, времето и условите на културата. Леќите на камерата чистете ги со мека, чиста и навлажнета крпа.

Отворете го резето и исчистете ја камерата ActiveVision кај системот за плева (A).

ouo6075,1654117168464-A8-02JUN22

Заштитен дел на камерата ActiveVision (ако има во опремата)



H135698—UN—01JUN22

A—Имбус завртка (се користат 4)
B—Покривна плоча


ВАЖНО: Околу заштитниот дел на камерата може да се наталожува материјал од културата и други остатоци. Проверете и исчистете ја областа околу заштитниот дел пред да извадите.

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажана е камерата ActiveVision кај лифтот за чисто жито. Камерата ActiveVision кај системот за плева е слична.

Заменете го заштитниот дел по потреба - кога се забележува влажност во внатрешниот дел на леќите на камерата.

Ако сезоната на жнеење е завршена, почекајте до почетокот на следната сезона на жнеење за да го продолжите работниот век на заштитниот дел на камерата.

1. Изгасете го моторот, активирајте ја паркирната сопирачка и извадете го контактниот клуч.
2. Извадете ги имбус завртките (A) и покривната плоча (B).




H135699—UN—01JUN22

A—Заштитна кутија (алатка)
B—Засек
C—Заштитен дел

3. Порамнете ја заштитната кутија (A), доставена со заштитниот дел, со засекот (B).

ВАЖНО: Не дозволувајте да навлезе материјал од култура во камерата ActiveVision кога го заменувате заштитниот дел.

4. Извадете го заштитниот дел (C) од камерата ActiveVision.
5. Фрлете го заштитниот дел.



H130390—UN—01JUN20

Заштитна кутија (алатка) и заштитен дел

A—Заштитна кутија (алатка)
B—Заштитен дел

6. Извадете ја заштитната кутија (A) од резервниот заштитен дел (B).
7. Инсталирајте го заштитниот дел во камерата ActiveVision.
8. Порамнете ја заштитната алатка со засекот.
9. Затегнете го заштитниот дел со рака додека не е доволно цврст или според спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)

Заштитен дел—Вртлив момент. . . . . 5 N·m (44 lb·in)


10. Поставете ја покривната плоча врз заштитниот дел и затегнете ја со завртките.
11. Ставете лепак за навој и заптивач (со средна јачина) на инбус завртките.
12. Затегнете ги инбус завртките според спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)

Инбус завртки—Вртлив момент. . . . . 2,5 N·m (22 lb·in)

ouo6075,1654117298504-A8-09JUN22

Прицврстувачки ленти за противпожарен апарат (ако има во опрема)



H123657—UN—02MAR18

ВНИМАНИЕ: Проверувајте ги лентите на противпожарниот апарат и монтираниот хардвер најмалку еднаш годишно. Ако системот на лентите на противпожарниот апарат или монатажниот хардвер покажуваат било какви знаци на оштетувања или невообичаена износеност, избледеност или абразија, целиот склоп на лентата и хардверот треба да се замени веднаш. За ваша безбедност, заменете ги компонентите на противпожарниот апарат само со делови за замена што се одобрени за вашата машина. Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Проверете ги прицврстувачките ленти на противпожарниот апарат

OUO6075,0004983-A8-29MAY18

Исчистете ги прозорците, ретровизорите и светлата

Осигурете се дека има добра видливост во сите насоки. Исчистете ги прозорците, ретровизорите и светлата за да обезбедите добра видливост.

- Не користете растворувачи или други средства за чистење. Се препорачува средството за стакло John Deere Glass Cleaner или негов еквивалент.
- Се препорачува чистење со мека, неабразивна крпа.

OUO6075,0004C88-A8-27FEB20

Одржување — по потреба (течности и филтри на моторот)


Потребни информации поврзани со емисијата на издувни гасови

Услужен сервисер

Даден квалификуван сервисер или лице согласно изборот на сопственикот може да врши одржување, замена или поправка на контролните уреди поврзани со емисијата на издувни гасови и системите, со оригинални или еквивалентни заменски делови. Меѓутоа, гаранцијата, да се потсетиме, и сите други платени услуги од страна на John Deere мора да се врши во овластен сервис центар на John Deere.

DX,EMISSIONS,REQINFO-A8-12JUN15

Задни скали и подест



H95325—UN—11FEB10

A—Рачка
B—Рачка


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Притиснете ја рачката (A) и свртете ги скалите назад се до бравичките на врата.

Користете ја рачката (B) за да ги повлечете скалите назад.

OUO6075,0000588-A8-16FEB10

Капак за пристап до филтерот на моторот



H95353—UN—25AUG10


A—Клин за блокирање
B—Скали
C—Капак

Повлечете го клинот за блокриање (A) и завртете ги скалите (B) нагоре додека скалите не влезат на место.

Повлечете го капакот за пристап до филтер (C) за отворање за отпуштање од магнетот.

OUO6075,000069B-A8-25AUG10

Капаци за пристап до моторот



H118332—UN—04MAY16


A—Блокирачки клин
B—Држач за раце

Повлечете го блокирачкиот клин (A) и завртете го гелендерот (B) нагоре се додека тој да се заклучи во место.

Отворете го капакот за пристап до моторот.

OUO6075,00042D3-A8-04MAY16

Промена на резервоарот за течност за стартување



H116834—UN—08JAN16

A—Резервоар на течноста за стартување

ВНИМАНИЕ: Течноста за стартување е лесно запалива и може да Ви или на другите предизвика повреди или смрт ако случајно се запали. НЕ КОРИСТЕТЕ ја во близина на оган, искри или пламен. Внимателно ги прочитајте информации за контејнерот и зашитете го контејнерот од оштетување.

Отворете го капакот за пристап до моторот. Отстранете го безбедносниот капак и копчето за спреј од садот со течноста за стартување (A). Олабавете го тркалцето за да можете да ги промените садовите, а потоа го затегнете.

ВАЖНО: За да избегнете правот во моторот, секогаш го држете садот во положба.

Заштитете ја течноста за стартување од екстремна топлина или оштетување.

Проверете ја течноста и работата на вентил со инсталирање и притискање прскалката. Ако течноста не излегува, заменете го садот.

ВНИМАНИЕ: За да ги избегнете можжните повреди од експлозијата на контејнерот, не носете дополнителни или празни резервоари во кабината.

OUO6075,00041C6-A8-08JAN16


Не ја менувајте брзината на моторото или системот за гориво/воздух

ВАЖНО: Со зголемување на коњска сила или зголемувањето на било кој аспект на довод на гориво или воздух на цертификувани мотори од емисија над фабрички поставки може да предизвика нивата на емисија над дозволените според правилата за емисија на моторот. Неовластени нагодувања ки кршат правила за емисија применливи на овој мотор и може да резултираат со значителни глоби и казни. Гаранцијата на машината ќе престанува да важи ако нивото на напојување е променето од фабричките спецификации.

Не се обидувајте сами да ги сервисирате пумпата за вбризгување или прскалките за вбризгување. За тоа се потребни специјална обука и алатки. Контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

OUO6075,000058D-A8-11FEB10

Систем на гориво




X9811—UN—23AUG88

ВНИМАНИЕ: Истекувањето на дизел горивото под висок притисок може да ја пробие кожата и да предизвика тешки повреди. Испуштајте го притисокот пред да вршете одвојување на хидраулични или други линии. Затегнете ги сите приклучоци пред повторно да воспоставите притисок во системот. Држете ги рацете и телото подалеку од мали отвори и прксалки кои што можат да исфрлуваат течности под висок притисок. Користете парче картон или хартија за да проверете нешто да не истекува. Не проверувајте со раце.

Ако НЕКОЈА течност продре под кожата, мора по хируршки пат да се отстрани во рок од неколку часови од лекар запознаен со ваков вид на повреда или може да предизвика гангрена.

OUO6075,000058E-A8-11FEB10

Резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF)—полнење (Конечно ниво 4/ фаза V)



H125432—UN—04DEC18

A—Капак
B—Оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF)

ВНИМАНИЕ: Содржина на уреа во течноста за издув на дизел мотор (DEF). Течноста не смее да дојде во допир со очите. Во случај на допир, веднаш започнете со плакнење на очите со голема количина на вода, најмалку 15 минути. Во случај ако ја голтнете, веднаш јавете се кај лекар. Погледнете во Безбедносен технички лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

ВАЖНО: Користењето на неправилни или неодобрени делови за системот за дополнителна обработка може да предизвика оштетување на системот за дополнителна обработка кај возилото и да ја наруши неговата правилна функционалност. Никогаш не разменувајте делови кои се дополнително обработени помеѓу возилата со следнава опрема: привремено ниво 4/ фаза III B и конечно ниво 4/фаза V.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако течноста за издувни гасови од дизел мотори пролее или дојде во контакт со која било површина која не е дел од резервоарот за складирање, веднаш исчистете ја таа површина со чиста вода. DEF е корозивна за обоени и необоени метални површини и може да деформира некои пластични и гумени компоненти.

Капачето (A) не пропушта воздух. Вишокот на воздух се пропушта преку оддишникот (B) на резервоарот на течност за издув на дизел мотор (DEF).

Визуелно прегледајте го оддишникот. Не дозволувајте зголемени количини плева или остатоци да се собираат во одушникот. Доколку оддишникот е покриен со нечистотија, тоа не му дозволува на резервоарот да диши. Отстранете го оддишникот од цревото и исчистете.


Наполнете го резервоарот секогаш кога дотурате гориво во машината. Доколку не можете да го сторите тоа, следете го индикаторот на нивото за течност за издув на дизел мотор (DEF) на страничниот екран и доколку е потребно дополнете го резервоарот. За да избегнете значителни промени во работењето на машината, секогаш одржувајте го нивото на течност над најгорната црвена ознака од индикаторот на ниво. За повеќе информации погледнете ја апликационата помош за преглед на комбајната или операторската станица.

За да го наполните резервоарот:

1. Измијте и исплакнете ги садовите со дестилирана вода за да отстраните какви било загадувачи пред да ја додадете течноста.
2. Избришете ја областа околу капачето пред да го отстраните за да ја намалите можноста од загадување на течноста.
3. Користејќи инка, внимателно налевајте течност во резервоарот, следејќи го нивото низ окното за проверка.
4. Поставете го претходно отстранетото капаче.
5. Внимателно исчистете ги излеаните капки и дамки од течноста со помош на дестилирана вода.

OUO6075,0004A62-A8-04DEC18

Резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF)—дренажа (Конечно ниво 4/ фаза V)



H130128—UN—30APR20

A—Наставка
B—Завртки со машинска глава

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.

ВАЖНО: Не се препорачува долгорочно чување на течностите во возилото (повеќе од 12 месеци). Доколку долгорочното чување е неопходно, се препорачува повремена проверка на течноста за да се осигурате дека концентрацијата на уреа не е под нивото наведено во спецификациите.


Доколку е додадена несоодветна течност, како што е дизел гориво, или разладно средство за мотор, испразнете го резервоарот и исплакнете го со дестилирана вода, а потоа повторно наполнете го. Доколку по чистењето и повторното полнење, системот не работи правилно, контактирајте го вашиот трговец со John Deere опрема за да утврдите како да го исплакните и прочистите системот. Доколку е додадено вода во резервоарот, испразнете го резервоарот, исплакнете го со дестилирана вода и потоа повторно наполнете го со течност за издув на дизел мотор (DEF). Проверете ја концентрацијата на течност по полнењето на резервоарот. Погледнете го делот за горива и мазива за тестирање.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако течноста за издувни гасови од дизел мотори пролее или дојде во контакт со која било површина која не е дел од резервоарот за складирање, веднаш исчистете ја таа површина со чиста вода. Течноста е корозивна за обоени површини и може да оштети некои пластични и гумени делови.

1. Прикачете го цревото на приклучокот (A) на дното на резервоарот.
2. Олабавете ја инбус завртката (B) за да го отворите вентилот за испуштање.
3. Затворете го испусниот вентил и отстранете го цревото веднаш штом течноста е испуштена.

OUO6075,0004E1D-A8-07MAY20

Дозирачки филтер на течноста за издув на дизел мотор (DEF) (Конечно ниво 4/ фаза V)



H125433—UN—04DEC18

Филтер на дозирачка единица на течноста за издув на дизел мотор (DEF)

ВНИМАНИЕ: Избегнувајте контакт со очите. Во случај на допир, веднаш започнете со плакнење на очите со голема количина на вода, најмалку 15 минути. Прочитајте го безбедносно техничкиот лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.


ВАЖНО: Ако течноста за издувни гасови од дизел мотори пролее или дојде во контакт со која било површина која не е дел од резервоарот за складирање, веднаш исчистете ја таа површина со чиста вода. DEF е корозивна за обоени и необоени метални површини и може да деформира некои пластични и гумени компоненти.

Пролеаната течност за ДИГ остава бела трага ако се остави да се исуши или ако само се пребрише со крпа. Неисправно исчистената пролеана течност за DEF може да ја попречи дијагностиката на проблеми на протекување кај системи со селективна каталитична редукција (SCR).

1. ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.
2. Извадете го и заменете го филтерот на дозирачката единица на течноста за издув на дизел мотор (DEF). Видете за замена на филтер на дозирачка единица за течност за издув на дизел мотор (DEF) за подетални информации.

OUO6075,0004A80-A8-14DEC18

Влезен филтер на течноста за издув на дизел мотор (DEF) (Конечно ниво 4/фаза V)



H125446—UN—04DEC18

Влезен филтер на течноста за дизелски издувни гасови (DEF)

ВНИМАНИЕ: Избегнувајте контакт со очите. Во случај на допир, веднаш започнете со плакнење на очите со голема количина на вода, најмалку 15 минути. Прочитајте го безбедносно техничкиот лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

ВАЖНО: Ако течноста за издувни гасови од дизел мотори пролее или дојде во контакт со која било површина која не е дел од резервоарот за складирање, веднаш исчистете ја таа површина со чиста вода. DEF е корозивна за обоени и необоени метални површини и може да деформира некои пластични и гумени компоненти.

Пролеаната течност за ДИГ остава бела трага ако се остави да се исуши или ако само се пребрише со крпа. Неисправно исчистената пролеана течност за DEF може да ја попречи дијагностиката на проблеми на протекување кај системи со селективна каталитична редукција (SCR).

1. ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч.
2. Извадете и заменете го влезниот филтер на течноста за издув (DEF) за дизел мотор. За повеќе информации, видете во Замена на влезен филтер за течност за издув на дизел мотор (DEF).

OUO6075,0004A64-A8-04DEC18

Чистење на резервоарот за течноста за дизел издувни гасови (DEF)

ВНИМАНИЕ: Избегнувајте контакт со очите. Во случај на допир, веднаш започнете со плакнење на очите со голема количина на вода, најмалку 15 минути. Прочитајте го безбедносно техничкиот лист на материјалите (MSDS) за дополнителни информации.

ВАЖНО: Ако течноста за издувни гасови од дизел мотори пролее или дојде во контакт со која било површина која не е дел од резервоарот за складирање, веднаш исчистете ја таа површина со чиста вода. DEF е корозивна за обоени и необоени метални површини и може да деформира некои пластични и гумени компоненти.

Пролеаната течност за ДИГ остава бела трага ако се остави да се исуши или ако само се пребрише со крпа. Неисправно исчистената пролеана течност за DEF може да ја попречи дијагностиката на проблеми на протекување кај системи со селективна каталитична редукција (SCR).

Ако туѓ материјал или течност се додадени во резервоарот за течноста за ДИГ, испразнете го резервоарот за течноста за ДИГ, измијте го и наполнете го со нова течност за ДИГ.

Ако е во прашање квалитетот на течноста за ДИГ, извлечете примерок од резервоарот за течност за ДИГ и ставете го во чист резервоар. Течноста за DEF треба да биде кристално бистра со благ мирис на амонијак. Ако течноста за DEF се замати, има обоена нијанса или силен мирис на амонијак, најверојатно не е во рамките на техничките спецификации. Течноста за DEF во ваква состојба не смее да се користи.

1. Отстранете го испусниот чеп (ако постои) и испуштете ја содржината или излијте ја со сифон лошата течност за ДИГ од резервоарот за течноста за ДИГ.

ЗАБЕЛЕШКА: Чистењето може да се изврши со вграден или отстранет резервоар за течност за DEF.

2. Исчистете го резервоарот за течност за ДИГ со нова течност за ДИГ.

   DEF мора да ги помине визуелните проверки, мирисот , и да се провери неговата концентрација пред моторот да може да работи. За повеќе информации, видете го делот Течност за дизел издувни гасови (ДИГ) - за употреба во мотори опремени со селективна каталитична редукција (СКР) во поглавјето Горива, подмачкувачи и разладни средства.

3. Испразнете го резервоарот за течност за DEF или сифонски излијте ја неговата содржина.

ЗАБЕЛЕШКА: Повторете ги чекорите 2—3 додека резервоарот не биде чист.


4. **Рана верзија:** Замена на филтер на дозирачката единица на DEF и вшмукувачко сито на предниот дел на резервоарот за DEF.

   Доцна верзија: Променете го филтерот на дозирачката единица DEF и линискиот DEF филтер.

5. Ако е отстранет, инсталирајте го чепот за испуст на резервоарот за DEF.
6. Ако е отстранет, инсталирајте го резервоарот за DEF.
7. Наполнете го резервоарот за течност за ДИГ со нова течност за ДИГ.
8. Проверете ја концентрацијата на течноста за DEF со рефрактометар за течноста за DEF, како JDG11594 или JDG11684. Точната концентрација на течноста за ДИГ изнесува 31,8% - 33,2%. Посетете го Вашиот овластен трговец за повеќе информации.
9. Ако течноста за DEF не е во рамките на спецификациите, не изгледа чисто или нема благ мирис на амонијак, контактирајте го Вашиот овластен трговец.

DX,DEF,CLEANTANK-A8-18SEP19

Резервоар за гориво — полнење



H125439—UN—04DEC18

A—Капак на резервоарот за гориво
B—Одушник на резервоарот за гориво

ВНИМАНИЕ: Внимателно ракувајте со горивото. Не полнете ја машината со гориво додека пушите. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да го полните резервоарот.


Не пренаполнувајте го резервоарот за гориво. Може да настане телесна повреда предизвикана од испрскување на гориво. Може да настанат протекувања поради ширењето на горивото. Ако резервоарот е премногу полн и ако е оставен на директна сончева светлина или ако температурата постане премногу висока, резервоарот ќе прелие.

Капакот на резервоарот за гориво (A) нема вентилација. Вишокот воздух се вентилира преку оддишникот (B) на резервоарот за гориво.

Визуелно проверете го одушникот на резервоарот за гориво. Не дозволувајте зголемени количини плева или остатоци да се собираат во одушникот. Ако одушникот е покриен со отпадоци, тоа не дозволува резервоарот за гориво да оддишува. Извадете го одушникот на резервоарот за гориво од цревото и исчистете го.

OUO6075,0004A65-A8-04DEC18

Резервоарот за гориво - испуштање



H95330—UN—21JUN11


A—Чеп

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите работите на одржување.

Отстранете го затнувањето (A) на дното на резервоарот за гориво за да го исцедете горивото.

OUO6075,0000591-A8-16FEB10

Резервоар за гориво - Вентил за прекин на гориво



H95332—UN—30SEP10


A—Вентил

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите работите на одржување.

Затворете го вентилот (A) на дното на резервоарто за гориво кога ги сервисирате филтерите за гориво.


OUO6075,0000913-A8-30AUG10

Главен филтер за гориво на сепараторот за вода — испуштање



H119921—UN—02NOV16

Ниво 2/фаза II (Стил A / Стил B)



H119922—UN—02NOV16

Конечно ниво 4/Фаза V (стил A / стил B).

A—Главен филтер за гориво
B—Одвод


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите работи за одржување.

Кога примарниот филтер за гориво (A) почуствува воде во системот за гориво, се генерира дијагностички код за грешка.

Ако се појави дијагностички код за грешка, испуштете го главниот филтер со користење на одводот (B) и ресетирајте го кодот.


OUO6075,000480C-A8-13NOV17

Филтер на предчистачот за гориво - чистење



H98377—UN—30SEP10

Филтер за предчистачот за гориво



RG11516—UN—10NOV00

Деловите од предчистачот за гориво

A—Сад на предчистачот
B—О-прстен


ЗАБЕЛЕШКА: Не чистете го предчистачот за гориво и прво променете ги примарните и секундарните филтери за гориво на моторот истовремено. Тоа ќе предизвика потешко рестартирање на машината. Направете ја оваа постапка, а потоа моторот нека работи пред да ги смените примарниот и секундарниот филтер за гориво.

Исчистете го филтерот за предчистење на гориво доколку има видливо насобрано материјал на ситото или ако се појави дијагностички код на грешка. Ресетирајте го кодот по чистењето на филтерот.

1. Вклучете го моторот да работи 3—5 минути на ниски брзини во лер, ако машината не работела претходно.
2. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и затворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво за да спречите испустот да врати назад во доводната линија.
3. Темелно исчистете го склопот на предчистачот за гориво и околу него.
4. Отстранете го садот на предчистачот (A).
5. Исчистете го екранот за филтер и садот на предчистачот. Прегледајте го О-прстенот (B).
6. Инсталирајте го екранот и затегнете го садот на предчистачот.
7. Отворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво за да го наполните предчистачот.
8. Стартувајте го моторот и нека работи 3—5 минути на ниски брзини во лер.

OUO6075,000456F-A8-20DEC16

Филтер за предчистење на гориво при тешки работни услови (опција)—Миење



H100500—UN—29JUN11

A—Завртка за испуштање
B—Вентил за испуштање

ЗАБЕЛЕШКА: Не чистете го предчистачот за гориво и прво променете ги примарните и секундарните филтери за гориво на моторот истовремено. Тоа ќе предизвика потешко рестартирање на машината. Направете ја оваа постапка, а потоа моторот нека работи пред да ги смените примарниот и секундарниот филтер за гориво.

Предчистачот на гориво при тешки работни услови треба да биде исплакнат секогаш кога садот е половина полн со вода или кога ќе се појави дијагностички код на грешка. Ресетирајте го кодот по чистењето. Ако кодот е сеуште прикажан, погледнете за Филтерот за предчистење на гориво при тешки услови на работа (опција)—Замена и чистење.

Елементот на филтерот во сепаратор на вода може да се биде повратно измиван најмогу пет пати пред да биде заменет.

1. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и заворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.
2. Отворете ја завртката за испуст (A) на врвот на одделувачот на вода. Овозможете водата и прашината да се испуштат од елементот на филтерот и да се сталожат на дното од садот.

3. Притиснете врз испусниот вентил (B) и свртете спротивно од насоката на стрелките на часовникот за да ја испуштите водата и нечистотијата од садот.

ЗАБЕЛЕШКА: Како што се испушта горивото, водата од садот, се измива повеќе вода и нечистотија од филтерскиот елемент и се собира на дното од ссадот.

4. Затворете го вентилот за испуштање и дозволете водата и прашината повторно да се наталожат.
5. Повторете ги чекорите 3 и 4 сè додека не се отстрани сета прашина и вода.
6. Затворете ја завртката за испуст и отворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.
7. Свртете го клучот на ВКЛУЧЕНО, и нека остане така 60 секунди за да и овозможите на пумпата за гориво да го наполни систем за гориво и проверете да не има истекување.
8. Стартувајте го моторот и нека работи 3—5 минути на ниски брзини во лер. Ако машината не се стартира или престане да функционира, погледајте го одсекот за Пирмарниот и секундарниот елемент на филтер - заменување.


OUO6075,000469F-A8-21MAR17

Филтер за предчистење на гориво при тешки работни услови (опција)—Замена и чистење

Заменување на филтер



RXA0084320—UN—26SEP05



H91103—UN—09APR08

A—Капак
B—Касета со пружина
C—Елемент на филтерот
D—Дихтунг

ЗАБЕЛЕШКА: Откако елементот на филтерот е измиван пет пати, исчистете го филтерот. Заменете го филтерот кога нема да се гледа светло кое е пуштено низ филтерот.

1. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и заворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.
2. Олабавете ги шрафовите на капакот рамномерно според прикажаниот редослед.

ЗАБЕЛЕШКА: Капакот и касетата со пружина повторно се користат, но заменување на елементот на филтерот треба да се инсталира.

3. Отстранете го капакот (A), касетата со пружина (B) и елементот на филтерот (C).
4. Инсталирајте заменување на филтерот и касета со пружина (B) претходно отстранети.
5. Проверете го дихтунгот на капакот (D) и заменете го ако е тоа потребно.
6. Монтирајте го капакот и затегнете според прикажаниот редослед.
7. Отворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.
8. Свртете го клучот на ВКЛУЧЕНО, и нека остане така 60 секунди за да и овозможите на пумпата за гориво да го наполни систем за гориво и проверете да не има истекување.
9. Стартувајте го моторот и нека работи 3—5 минути на ниски брзини во лер. Ако машината не се стартира или престане да функционира, погледајте го одсекот за Пирмарниот и секундарниот елемент на филтер - заменување.

Чистење на филтерот

1. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и заворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.

ЗАБЕЛЕШКА: Користете сад за испуштање при испуштањето на гориво.

2. Отворете го вентилот за испуштање и испуштете го горивото од садот.
3. Олабавете ги шрафовите на капакот рамномерно според прикажаниот редослед.
4. Отстранете го капакот (A), касетата со пружина (B).
5. Подигнете го елементот на филтерот (C) до рачка.

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете го филтерот од оштетувања. Ако е оштетен, инсталирајте го заменскиот филтер.


6. Измијте го филтерот и исчистете го со гориво или минерален алкохол.
7. Инсталирајте го лементот на филтерот и касетата со пружина.
8. Проверете го дихтунгот на капакот (D) и заменете го ако е тоа потребно.
9. Ставете ги капакот и завртките со глава и оставете ги завртките со глава затегнати само со рака.
10. Затегнете ги шрафовите со глава во редоследот кој е прикажан.
11. Отворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.
12. Свртете го клучот на ВКЛУЧЕНО, и нека остане така 60 секунди за да и овозможите на пумпата за гориво да го наполни систем за гориво и проверете да не има истекување.
13. Стартувајте го моторот и нека работи 3—5 минути на ниски брзини во лер.

OUO6075,000456E-A8-20DEC16

Примарен и секундарен филтерски елемент за гориво—замена




TS1343—UN—18MAR92



H95381—UN—16FEB10

Стил A



H115841—UN—10SEP15

Стил B

A—Главен филтер за гориво
B—Второстепен филтер за гориво
C—Вентили за испуштање
D—Сад на сепараторот

ВНИМАНИЕ: Течноста под високиот притисок во цевките за гориво може да предизвика сериозни повреди. Само техничари запознаени со ваков тип на системи треба да извршуваат поправки. Пред да ги одвојувате цевките за гориво, сензорите или кои било други компоненти помеѓу пумпата за гориво под висок притисок и прскалките кај мотори со систем за вбризгување гориво под висок притисок Common Rail (HPCR), почекајте најмалку 15 минути откако моторот ќе престане со работа.

ЗАБЕЛЕШКА: Не чистете го предчистачот за гориво и не променувајте ги главниот и второстепениот филтер за гориво во исто време. Тоа ќе предизвика потешко рестартирање на машината. Извршете ја постапката за чистење на предчистачот на горивото, а потоа нека моторот поработи пред да ги променувате главниот и второстепениот филтер за гориво.

Променете ги главните и второстепените филтри за гориво ако се забележи намалување на перформансите или ако се појави дијагностички код за грешка. Ресетирајте го кодот по заменувањето на филтрите.

1. Вклучете го моторот да работи 3—5 минути на ниски брзини во лер, ако машината не работела претходно.
2. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот и заворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.
3. Темелно исчистете ја надворешноста на филтерските елементи и монтажната област на филтерот.

ВНИМАНИЕ: Горивото во филтрите може да биде под притисок. Не отстранувајте ги филтрите без да го извршите следниов чекор.

ЗАБЕЛЕШКА: Користете сад за прифаќање кога го испуштате горивото и ги отстранувате филтрите за гориво.

4. **Стил А:** Испуштете го загадувавањето кај горивото и ослободете го притисокот од примарниот филтер за гориво (A) и секундарниот филтер за гориво (B) со отварање на испусните вентили (C). Затворете ги вентилите за испуштање и отстранете ги филтрите за гориво.

   Стил В: Испуштете го загадувавањето кај горивото и ослободете го притисокот од примарниот филтер за гориво (A) со отварање на испусниот вентил (C). Затворете го испусниот вентил и отстранете го и сочувајте го садот на одделувачот на вода (D).

ЗАБЕЛЕШКА: Од филтерското куќиште се испушта дополнително количество гориво.

5. Отстранете го главниот филтер за гориво и второстепениот филтер за гориво.


ВАЖНО: НЕ наполнувајте го предвреме со гориво кој било филтер за гориво.

ЗАБЕЛЕШКА: Подмачкајте ги заптивките на филтерот со дизел гориво пред да ги поставувате.

6. **Само Стил Б:** Инсталирајте го претходно отстранетиот сад на одделувачот на вода на заменетиот примарен филтер за гориво.
7. Поставете го склопот на главниот филтер за гориво (A) на моторот. Затегнете го склопот на филтерот за 3/4 круг откако заптивката ќе дојде во контакт со куќиштето на филтерот.
8. Поставете го резервниот второстепен филтер за гориво (B). Затегнете го филтерот за 3/4 круг откако заптивката ќе дојде во контакт со куќиштето на филтерот.
9. Осигурете дека вентилите за испуштање (C) се затворени.
10. Отворете го вентилот на дното од резервоарот за гориво.
11. Свртете го клучот 60 секунди на ВКЛУЧЕНО за да и овозможите на пумпата за гориво да го наполни систем за гориво.
12. Стартувајте го моторот и нека работи 3—5 минути на ниски брзини во лер.


OUO6075,00043C7-A8-20DEC16

Систем за гориво — испуштање




H95383—UN—16FEB10

Ниво 2/фаза II (Стил А)




H95428—UN—19FEB10

Ниво 2/фаза II (Стил В)



H95337—UN—12FEB10

Конечно ниво 4/Фаза V (Стил A)



H95403—UN—17FEB10

Конечно ниво 4/Фаза V (Стил B)

A—Пумпа за гориво

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите работи за одржување.


Може да навлезе воздух во системот за гориво кога се врши менување на филтрите за гориво или кога машината останала без гориво. Воздухот во системот за гориво може да го спречи стартувањето на моторот. Ако моторот не стартува, свртете го клучот на ВКЛУЧЕНО, и нека остане така 60 секунди за да и овозможите на пумпата за гориво (A) да го наполни систем за гориво.

OUO6075,000480D-A8-13NOV17

Систем за ладење — испуштање




TS281—UN—15APR13



H106843—UN—08FEB13

Ниво 2/фаза II (Стил A)



H106844—UN—08FEB13

Ниво 2/Фаза II (стил B)
Конечно ниво 4/Фаза V

A—Вентил за испуштање

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот. Внимавајте да не бидете попарени кога го отворате капакот на напливниот резервоар. Никогаш не отворајте го капакот кога моторот е жежок. Полека отворете го капачето за да го ослободите притисокот.


ЗАБЕЛЕШКА: Испустот на радијаторот е од предната страна на радијаторот.

Кога се користи Cool-Gard™ II или COOL-GARD™ II PG, интервалот за празнење е 6 години или 6000 работни часа.

Доколку се користи течност за ладење поинаква од COOL-GARD™ II или COOL-GARD™ II PG, интервалот на празнење треба да се намали на две години или 2000 работни часа.


Течноста за ладење мора да се испразни и замени. Течноста за ладење мора да се испразни и замени.

Отворете го испусниот вентил (A) на радијаторот.




H104941—UN—28FEB12

Предна страна на моторот (ниво 2/фаза II) (Стил A)




H104942—UN—28FEB12

Над коленесто вратило (Ниво 2/фаза II) (стил B)



H104943—UN—28FEB12

Предна страна на мотор (Конечно ниво 4/Фаза V) (стил A)




H104944—UN—28FEB12

Задна страна на мотор (конечно ниво 4/фаза V) (стил B)

A—Вентил за испуштање

Отворете го испусниот вентил (A) на блокот на моторот.



H105924—UN—05OCT12

A—Капак на напливниот резервоар

Отворете го капакот на напливниот резервоар (A) за да овозможите разладното средство побрзо да се испушти.

Затворете ги одводите на радијаторот и наполнете го системот со чиста вода.

Поставете го капакот на напливниот резервоар и работете со моторот додека не ја постигне работната температура со ВКЛУЧЕН грејач.

ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, внимателно отстранете го капакот на напливниот резервоар и испуштете ја водата пред да се наталожат ’рѓа или талози.

Затворете ги одводите на радијаторот и наполнете го системот со раствор од чиста вода и чистач за системи за ладење John Deere PT500 или негов еквивалент. Следете ги упатствата на чистачот.

По употребата на чистачот, измијте го системот со чиста вода и испуштете.


Затворете го испустот на радијаторот и наполнете го системот. Погледнете систем за разладување—

Cool-Gard е заштитен знак на Deere & Company

Полнење во овој дел за постапката за полнење. Течноста за ладење мора да се испразни и замени.

OUO6075,000480E-A8-13NOV17

Систем за ладење — полнење



H105922—UN—05OCT12

A—Капак на напливниот резервоар
B—Линија Max Cold (макс. ладно)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот. Внимавајте да не бидете попарени кога го отворате капакот на напливниот резервоар. Никогаш не го отварајте капачето кога моторот е жежок и никогаш не го полнете разладниот систем кога моторот е прегреан. Полека отворете го капачето за да го ослободите притисокот. Полнете го бавно разладното средство. Проверете го нивото на разладното средство кога моторот е ладен.

ВАЖНО: На напливниот резервоар и на радијаторот се користи специјален капак. Ако капакот е оштетен или недостига, мора да биде заменет со еквивалентен капак.

Никогаш не полнете ладна вода во врел мотор затоа што може да пукне блокот на цилиндарот или неговата глава. НЕ работете со моторот без разладно средство.

Отстранете го капакот на напливниот резервоар (A) и наполнете додека течноста не дојде до линијата "Max Cold" (B) (макс. ладно).

Поставете го капакот на напливниот резервоар, ВКЛУЧЕТЕ го грејачот и работете со моторот додека не се достигне работната температура.

Внимателно отстранете го капакот од напливниот резервоар и наполнете по потреба. Поставете го капакот на напливниот резервоар.

Кога моторот е ладен, нивото на разладното средство треба да биде на линијата "Max Cold" (макс. ладно).

ЗАБЕЛЕШКА: Нивото на разладното средство мора да биде помеѓу линиите "Max Cold" (макс. ладно) и "Min Cold" (мин. ладно). Ако разладното средство е под линијата "Min Cold" (мин. ладно), додајте разладно средство по потреба.

OUO6075,00041C9-A8-27JAN16

Систем за ладење - Зимски услови


ВАЖНО: Не го цедете системот за ладење за заштита против замрзување. Грејачот не се исшушти во целост, така ќе дојде до штета.

Пред ладно време, осигурајте се системот за ладење да поседува доволно средство против замрзнување. Користете сигурен бренд на постојан вид на етилен гликол антифриз кој содржи инхибитор на рѓа и подмачкувач за пумпата за вода, но не содржи адитив за запирање на истекување. Погледнете за горива и подмачкувачи во овој прирачник за точни препораки.


Откако ќе го додадете антифризот, вклучете го грејачот и оставете го моторот да работи додека ја постигне работната температура. На тој начин се размешува растворот и кружи низ целиот систем.

OUO6075,00043AF-A8-11OCT16

Филтери на прочистувачи за воздух - отстранување



H111135—UN—25APR14



H111136—UN—25APR14

A—Капак против прашина
B—Главен воздушен филтер
C—Безбедносен филтер

ВАЖНО: Кога ги сервисирате филтрите, ИСКЛУЧТЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот за да не навлезе прашина во моторот.

Сервисирајте ги филтрите само кога иконата за филтерот за воздух во машината е прикажана на приказот на потпирачот за раце.

Откачете го капакот против прашина (A) и извадете го примарниот филтер за воздух (B).

Одвртете го безбедносниот филтер (C) во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да го отстраните. Безбедносниот филтер ја спречува нечистотијата да помине преку оштетен главен филтер.

ВАЖНО: Никогаш не ги измивајте, четкајте или чукајте елементите. Ако го издувате главниот елемент, користете сув компримиран воздух (500 kPa; 72.5 psi). Исчистете го елементот од внатре кон надвор обезбедувајќи дека врвот на пиштолот за воздух не дојде во контакт со хартијата на филтерот.

Никогаш не чистете го безбедносниот елемент. Заменете го ако е нечист.

Никогаш не го оставајте моторот да работи ако двата филтри не се на место.

Сервисирајте ги филтрите по потреба.

Поставете го безбедносниот филтер и вртете го со раката, додека не се затегне, во насока на движењето на стрелките на часовникот.

Најпрвин го инсталирајте воздушниот филтер и капакот против прашина.

Проверете ги сите приклучоци во системот за влез на воздух. Погрижете се тие да се прицврстени.


ВАЖНО: Не користете единица за чистење со издувување за да ја издувате плевата од комбајнот. Ако користите ваква единица, филтерот за воздух може да престане да работи, а по него и моторот.

OUO6075,00017D4-A8-25APR14


Систем на воздушен компресор (ако има во опрема)




H112987—UN—20FEB15



H115838—UN—09SEP15



H115575—UN—21AUG15



H112990—UN—20FEB15

A—Резервоар
B—Спојка на црево за воздушен компресор
C—Спојка на црево за воздушен компресор
D—Црево за воздушен компресор/Прачка
E—Црево за воздушен компресор/Прачка

ВАЖНО: Никогаш не ги чистете воздушните моторни филтери или воздушните филтери за заштита на моторот од нечистотија, додека работи моторот на машината.

ЗАБЕЛЕШКА: За оптимални перформанси на воздушниот компресор, моторот мора да работи за да обезбеди постојано снабдување со воздух.

Не се препорачува за пумпање гуми на машината или за работа со со алатки на пневматика.

Не се препорачува да се користат двете поврзувања на спојките истовремено.


Воздушниот компресор е на моторната платформа и резервоарот (A) е од десната страна на машината.

Спојката на цревото на воздушниот компресор (B) е од левата страна на машината и спојката на цревото на воздушниот компресор (C) е на моторната платформа.

На воздушниот компресор цревото/прачката (D) е од левата страна на машината и на воздушниот компресор цревото/прачката (E) е на моторната платформа.

OUO6075,000412E-A8-21MAR16

Одржување и сервис на филтер за дизел честички (конечно ниво 4/фаза V)



H115641—UN—27AUG15

Филтерот на издувните гасови се состои од дизелски оксидациски катализатор и филтер за дизел честички (DPF). DPF е дизајниран за задржување на преостанатата пепел, која е незапалив резултат од адитиви употребени во маслата за подмачкување на картерот и горивото. DPF овозможува многу работни часови без потреба од одржување. Во некој момент, DPF ќе има потреба од професионално сервисирање за да се отстрани акумулираната преостаната пепел. Точниот број на работни часови пред да биде потребно сервисирање ќе варира во зависност од категоријата на моќност на моторот, работниот циклус и работните услови, содржината на пепел во маслото на моторот и квалитетот на горивото. Почитувањето на препораките за масло од John Deere како и на спецификациите за гориво ќе го зголемат бројот на работните часови пред да биде потребно професионално сервисирање на DPF.

3. Лиценца. John Deere со ова ви дава, и вие прифаќате, лиценца без индивидуално ограничување за користење на софтвер кој може да се чита од машина, форма на објектен код, само во земја одобрена од John Deere и само како што е овластено со овој договор и применливите одредби од прирачникот за работа на применливата машина и вие се согласувате внимателно да го разгледате прирачникот пред да го користите софтверот. Софтверот може да се користи само на IPM на која првично бил инсталиран. Вие се согласувате дека нема да доделувате, подлиценцирате, пренесувате, заложувате, изнајмувате или да ги споделувате вашите права според овој договор, освен при можност трајно да ги пренесете сите ваши права според овој договор во врска со продажба на IPM на кој е инсталиран софтверот опфатен со овој договор на нов сопственик само за употреба во земја одобрена од John Deere. Ако го продадете или на друг начин ја пренесете сопственоста на IPM, вие се сложувате дека ќе барате од наследникот на сопственоста да ги прифати одредбите не помалку ограничувачки од оние во овој договор. Во прилог на горенаведеното, вие се согласувате дека нема да го добиете ниту ќе се обидете да го добиете софтверот со користење на погрешни или невистинити информации или без плаќање на соодветни такси и давачки, ниту пак свесно ќе им дозволите на другите да го сторат тоа, и вие се сложувате да ги платите таксите и давачките за било какви дозволи за кои поинаку би било потребно. Никаква друга употреба не е дозолена со овој договор освен како што е наведено во овој параграф 3.

4. Права на John Deere. Вие прифаќате и се согласувате дека софтверот е сопственост на John Deere, или давачот на лиценцата и е заштитен со авторско право. Понатаму вие признавате и се согласувате дека сите права, наслови и интереси околу софтверот, вклучувајќи ги и придружните права на интелектуалната сопственост, се и ќе останат на John Deere и на неговиот давател на лиценцата. Овој договор не пренесува на вас никакво именување ниту корист од или на софтверот, туку само ограничено право кое што

може да се отповика согласно условите во овој договор. Се согласувате дека нема: (a) да го користите IPM со каква било опрема, производи или услуги различни од оние на John Deere, во неговите спецификации, билтени или брошури, назначени дека се компатибилни со IPM; (b) да го користите IPM надвор од земји за кои John Deere нема дадено изрично одобрение; (c) да го преведете, декодирате, растурите, расклопите ниту модифицирате софтверот ниту на друг начин нема да се обидете да го откриете изворниот код на софтверот или да се обидете незаконски да ги отстраните или незаконски да ги заобиколите сите безбедносни мерки, какви било механизми за заштита на авторските права и апликации што ги овозможуваат истите; (c) да го копирање или репродуцирате софтверот; или (d) нема да отстраните ниту уништите какви било известувања за авторски права, трговска марка или други известувања за сопственички права од софтверот, освен кога е изрично дозволено во писмена форма од John Deere или неговите добавувачи или кога е изрично дозволено според важечкиот закон, без оглед на овие ограничувања. Исто така се согласувате да не ѝ дозволите на ниедна трета страна што дејствува под ваш надзор да прави нешто од горенаведеното.

5. Надоместоци за лиценца. Со оглед на лиценците доделени според овој договор, вие се согласувате да ги платите сите применливи такси за лиценца. Таквите такси ќе се плаќаат преку начин на плаќање одобрен од John Deere. Сите разумни трошоци, вклучително но не ограничувајќи се на адвокатски такси, судски трошоци и трошоци за услуги кон John Deere при наплата на плаќање, ќе бидат ваш трошок и ќе бидат наплатени од вас. John Deere може да ги промени условите за плаќање во кое било време. Ако не го извршите плаќањето на која било достасана сума, John Deere нема да биде обврзан да продолжи со работата според овој договор. Ако го купивте или го примивте овој договор од трета страна (како што е John Deere дистрибутер), вие сте одговорни да подмирите неплатени такси за лиценцата наведени овој договор до степенот до кој третата страна не ги платила, John Deere, без оглед дали сте платиле нешто на третата страна за доделување на овој договор. Доколку доспеат даноци и /или казни како резултат на ваше давање на лажни или неточни информации во врска со извршувањето на овој договор или вашата употреба на софтверот, вие се согласувате дека ќе бидете одговорни за плаќање на какви било такви даноци или казни или за рефундирање на таквите даноци или казни, во случај тие веќе да биле преземни од John Deere или кој било од соработниците или добавувачите на John Deere. John Deere го задржува правото да ја препрати вашата сметка на трето лице за наплата во случај на тековно неплаќање.

6. Ограничена гаранција. John Deere гарантира, само во ваша полза но не и за било која друга страна, дека во текот на **"Гарантниот период"** дефиниран подолу, дека софтверот во главно, ќе работи во согласност со применливите функционални спецификации **("Спецификации")** утврдени во документацијата за приемникот. **JOHN DEERE НЕ ГАРАНТИРА ДЕКА РАБОТАТА НА СОФТВЕРОТ ЌЕ БИДЕ БЕЗ ПРЕКИНИ ИЛИ БЕЗ ГРЕШКИ, НИТУ ДЕКА ИСТИОТ ЌЕ ГИ ИСПОЛНИ ВАШИТЕ ПОТРЕБИ.** Ваше единствено правно средство и единствена обврска на John Deere и (согласно применливото) и неговите сервисни партнери во случај на секое барање за гаранција или за било каков недостаток на договор со John Deere или (согласно применливото) неговите сервисни партнери, е тоа дека треба да се користат комерцијалните разумни напори за корекција на таквиот недостаток или, ако корекцијата неможе да се изведе во рок од триесет (30) дена, да се поврати правичниот дел од надоместоците за лиценцата за софтверот утврдено со референците за вашето претходно користење на софтверот и влијанието на недостатокот. Вие прифаќате дека оваа гаранција не се применува онаму каде недостатокот во работењето на софтверот се должи на околности што се надвор од разумната контрола на John Deere и/или е предизвикана од дејство или пропуст на трето лице, вклучувајќи но и не ограничувајќи се, дефектна опрема, Божји дела, удари или други слични причини. "Гарантниот период" е една (1) година од денот кога ќе ја преземете испораката на IPM.

7. ОДРЕКУВАЊЕ НА ГАРАНЦИЈАТА. СЕ СЛОЖУВАТЕ ДЕКА ПОГОРЕ ДОДЕЛЕНАТА ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА ("**ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА**") ПРЕТСТАВУВА ВАШ ЕДИНСТВЕН И ЕКСКЛУЗИВЕН ЛЕК ЗА КАКВИ БИЛО ПРОБЛЕМИ СО СОФТВЕРОТ. ОСВЕН АКО Е ПОИНАКУ ОДРЕДЕНО ВО ОГРАНИЧЕНАТА ГАРАНЦИЈА, СОФТВЕРОТ СЕ ЛИЦЕНЦИРА "КАКО ШТО Е" И "СПОРЕД ДОСТАПНОТО", И JOHN DEERE, НЕГОВИТЕ ПАРТНЕРИ И ДОБАВУВАЧИ-ТРЕТИ СТРАНИ ИЗРИЧНО СЕ ОДРЕКУВААТ И ВИЕ ИЗРИЧНО ИЗЈАВУВАТЕ И СЕ ОДРЕКУВАТЕ ОД СИТЕ ГАРАНЦИИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ВО ОДНОС НА СОФТВЕРОТ, ВКЛУЧУВАЈЌИ, НО НЕ ОГРАНИЧУВАЈЌИ СЕ НА: КАКВА И ДА БИЛО ИМПЛИЦИРАНА ГАРАНЦИЈА ЗА ПОДГОТВЕНОСТА НА ПРОИЗВОДОТ ЗА ПРОДАЖБА ИЛИ ПОДОБНОСТ ЗА ОДРЕДЕНА ЦЕЛ; КАКВА И ДА БИЛО ИМПЛИЦИРАНА ГАРАНЦИЈА ШТО ПРОИЗЛЕГУВА ОД ТЕКОТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО, ВО ТЕКОТ НА РАКУВАЊЕТО ИЛИ ТРГОВСКАТА УПОТРЕБА; КАКВА И ДА БИЛО ГАРАНЦИЈА ЗА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ ИЛИ НЕПРЕКРШУВАЊЕ; И, КАКВА И ДА БИЛО ГАРАНЦИЈА ШТО ПРОИЗЛЕГУВА ОД КОЈА И ДА Е ПРАВНА ТЕОРИЈА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГРАЃАНСКИ ПРЕКРШОК, НЕБРЕЖНОСТ, НЕПОСРЕДНА ОДГОВОРНОСТ, ДОГОВОР ИЛИ

ДРУГА ПРАВНА ИЛИ ПРАВИЧНА ТЕОРИЈА. НИКАКВИ ПРЕТСТАВУВАЊА НИТУ ДРУГИ ПРИКАЖУВАЊА НА ФАКТИ ВКЛУЧИТЕЛНО, НО НЕ ОГРАНИЧЕНО НА ИЗЈАВИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА КАПАЦИТЕТОТ ИЛИ НАМЕНАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ, НЕМА ДА СЕ СМЕТААТ ДЕКА СЕ ГАРАНЦИЈА ОД JOHN DEERE ИЛИ ОД БИЛО КОЈ ОД НЕГОВИТЕ ПАРТНЕРИ ИЛИ ДОБАВУВАЧИ-ТРЕТИ СТРАНИ.

8. ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА. ОСВЕН КАКО ШТО Е НАВЕДЕНО ВО ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА, ПОД НИКАКВИ ОКОЛНОСТИ JOHN DEERE, НЕГОВИТЕ ПАРТНЕРИ ИЛИ ПОНУДУВАЧИ ОД ТРЕТА СТРАНА НЕМА ДА БИДАТ ОДГОВОРНИ ЗА ВАС ИЛИ ЗА НЕКОИ ТРЕТИ ЛИЦА ЗА ДИРЕКТНО, ИНДИРЕКТНО ИЛИ ПОСЛЕДИЧНО ОШТЕТУВАЊЕ ОД БИЛО КАКОВ ВИД, ВКЛУЧУВАЈЌИ БИЛО КАКВА ЗАГУБА ИЛИ ШТЕТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД СОФТВЕРОТ; БИЛО КАКОВ ДЕЛУМЕН ИЛИ ЦЕЛОСЕН ДЕФЕКТ НА СОФТВЕРОТ; ИЗВЕДБАТА, НЕИЗВЕДБАТА ИЛИ ДОЦНЕЊЕТО ВО ПОВРЗУВАЊЕТО СО БИЛО КАКВА ИНСТАЛАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ, ГАРАНЦИЈА ИЛИ ПОПРАВКИ НА СОФТВЕРОТ, ОШТЕТУВАЊА ПОРАДИ ЗАГУБИ ВО ПОСЕВ, ОШТЕТУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ, ОШТЕТУВАЊЕ НА МАШИНАТА, ГУБИТОК НА ПРОФИТ, ГУБИТОК НА БИЗНИС ИЛИ ГУБИТОК НА УГЛЕДОТ, ЗАГУБА ПОРАДИ УПОТРЕБА НА ОПРЕМАТА ИЛИ СЕРВИСИРАЊЕ ОШТЕТУВАЊЕ НА БИЗНИСОТ ИЛИ РЕПУТАЦИЈАТА КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИЗВЕДБАТА ИЛИ НЕИЗВЕДБАТА ОД БИЛО КОЈ АСПЕКТ НА ОВОЈ ДОГОВОР, БИЛО ДА Е СО ДОГОВОР, ДЕЛИКТ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН, И БИЛО ДА Е JOHN DEERE ИЛИ ДА НЕ Е ИСТИОТ, НЕГОВИТЕ ПАРТНЕРИ И ПОНУДУВАЧИ ОД ТРЕТА СТРАНА ШТО БИЛЕ ИЗВЕСТЕНИ ЗА МОЖНОСТА ОД ТАКВИ ШТЕТИ. ВО НИКОЈ СЛУЧАЈ НЕМА КУМУЛАТИВНА ОДГОВОРНОСТ НА JOHN DEERE ЗА ВАС ИЛИ ЗА КАКВА БИЛО ДРУГА СТРАНА ЗА БИЛО КОИ ЗАГУБИ ИЛИ ШТЕТИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ ОД БИЛО КОИ БАРАЊА, ТУЖБИ, БАРАЊА ИЛИ ДЕЛУВАЊА КОИ ПОТЕКНУВААТ ОД ИЛИ ВО ОДНОС НА КОРИСТЕЊЕТО НА СОФТВЕРОТ И ГО НАДМИНУВА ВАШЕТО ВКУПНО ПЛАЌАЊЕ ЗА IPM И ЛИЦЕНЦАТА НА СОФТВЕРОТ.

9. Одржување на софтверот. John Deere може, по сопствен избор, да ви понуди одржување на софтверот, дури и ако гарантниот период е истечен. Таквото одржување може да вклучи обезбедување модификации, корекции или подобрувања (**"Надградби"**) на софтверот и/или применетите пприрачници за работа. John Deere го задржува правото, на сопствена дискреција, да ви наплати за одржувањето (освен во случаи каде корекциите се обезбедени под ограничената гаранција). Вашето прифаќање на овој договор претставува ваш договор дека сите надградби ќе се сметаат за вклучени во софтверот како што е дефинирано со овој договор и дека тие ќе бидат регулирани со условите кои се применуваат на софтверот според овој договор.

10. Траење и престанок.

a. Траење. Овој договор ќе започне од датумот на стапување на сила и ќе истече пред i) работниот век на користење на IPM или ii) датумот кога John Deere го раскинува овој договор согласно условите во овој параграф 10. Овој договор не се обновува автоматски.

b. Престанок. John Deere може да ја раскине лиценцата дадена согласно овој договор по писмено известување за престанок како што ви е обезбедено ако прекршите било каков одредба од материјалот во овој договор кои се однесуваат на вашето користење на софтверот или на John Deere, вклучувајќи ги, без ограничување, горенаведените одредби од деловите 3 и 4.

11. Усогласеност со законот. Се сложувате дека ќе го употребувате софтверот во согласност со законите на Соединетите Американски Држави и законите во земјата во која што се наоѓате во согласност со применливоста, вклучувајќи ги законите и регулативите за контрола на надворешната трговија. Софтверот може да биде предмет на извозни контроли и други контроли на надворешната трговија со кои се ограничува препродажба и/или трансфери до други земји и страни. Со прифаќање на условите на овој договор, вие потврдувате дека разбирате дека софтверот може да биде така контролиран, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на, прописите за извозната администрација, и/или прописите за контрола на надворешната трговија на Министерството за финансии на САД. Софтверот останува предмет на применливите закони на САД.

12. Обесштетување. Вие се согласувате да ги браните, обесштетите и задржите John Deere, неговите партнери и понудувачите од третата страна, и нивните, офицери, директори, вработени, агенти и претставници (секоја **"Обезштетена страна"**), без одговорност и заштитени од сите побарувања, побарувачка постапка, повреди, долгови, загуби или трошоци и надоместоци (вклучително и разумни правни трошоци) донесена од која било трета страна против такви лица кои произлегуваат од или се во врска со вашата злоупотреба на IPM или на софтверот или вашата повреда на било каков термин од овој договор.

13. Заштитена трговска марка. Во продолжението не е доделено никакво право, дозвола или лиценца ниту интерест, и вие се согласувате дека немате такво право, лиценца или интерест што би била потврдена во ваша полза за заштитните знаци на John Deere.

14. Трошоци за парници. Ако било кое барање или дејство е донесено од било која страна во овој договор против другата страна во врска со

предметот на овој закон, страната што ќе преовлада ќе има право на надомест, со секое дополнително олеснување, за разумни адвокатски надоместоци, за арбитри и за централните административни такси за решавање спорови и за трошоците за судските постапки.

15. Салваторна клаузула и одрекување Доколку која било одредба од овој договор биде прогласена за ништовна или неспроведлива од кој било суд со надлежна јурисдикција, таквата декларација нема да влијае врз останатите услови од овој договор. Неможноста некоја од страните да спроведе некое од правата доделени со овој договор или преземањето активности против другата страна во случај на прекршување на договорот нема да се смета за одрекување од таа страна во однос на понатамошното спроведување на правата од понатамошни дејства во случај на идни прекршувања.

16. Клаузула за јазик. Освен ако законите на локацијата во која живеете не бараат поинаку, тогаш страните со ова потврдуваат дека тие бараат овој договор, и сите други документи поврзани со овој договор да се изготвени само на Англиски јазик. Може да постои и преведена верзија на овој договор за лиценца. Доколку постои недоследност или контрадикција помеѓу преведената верзија и Англиската верзија на овој договор, Англиската верзија на овој договор ќе има првосходна контрола освен ако законите на локацијата во која живеете не бараат различна контролна верзија.

17. Доделување од John Deere. John Deere може да го додели овој договор без ваша претходна согласност на било која компанија или на поврзан субјект со John Deere, или со доделувањата поврзани со корпоративно преструктуирање, спојување или стекнување.

18. Меродавно право и суд. Овој договор ќе се регулира и ќе се толкува во согласност со суштинските закони што важат во државата Илиноис, САД. Соодветните судови на Rock Island County, Illinois имаат исклучива надлежност за сите спорови поврзани со овој договор. Правата и обврските на страните според овој договор нема да бидат регулирани со конвенцијата на Обединетите нации за договори за меѓународна продажба на стоки ("CISG"), а страните во оваа насока јасно ја исклучуваат применливоста на CISG кон овој договор за лиценца.

19. Арбитража. ДАЛИ ЌЕ ОСТАНЕТЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ КАДЕ ВО СИЛА СЕ ОДРЕДБИТЕ ОД ДЕЛОТ 18 ЗАВИСИ ОД СТРАНИТЕ ШТО СЕ СОГЛАСУВААТ ДА ЈА ПОТПИШАТ АРБИТРАЦИЈАТА, ТОГАШ КАКВИ БИЛО СПОРОВИ ИЛИ БАРАЊА ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИЛИ СЕ ПОВРЗАНИ СО ОВОЈ ДОГОВОР ТРЕБА ДА СЕ ОДРЕДАТ СО АРБИТРАЦИЈА ВО СОГЛАСНОСТ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ ПРАВИЛА ЗА АРБИТРАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИОТ ЦЕНТАР ЗА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ (**“ICDR”**) СО СТАПУВАЊЕ ВО СИЛА ВО ВРЕМЕТО НА НЕГОВОТО ЗАПОЧНУВАЊЕ. АРБИТРАЖАТА ЌЕ СЕ ОДРЖИ ПРЕД САМО ЕДЕН АРБИТЕР ШТО ЌЕ ГО НАЗНАЧИ ICDR. МЕСТО НА АРБИТРАЖАТА Е ЧИКАГО, ИЛИНОИС, САД, А ЈАЗИКОТ НА АРБИТРАЖАТА Е АНГЛИСКИ.

20. Изјави на корисникот на лиценцата. ПРИФАЌАЈЌИ ГО ОВОЈ ДОГОВОР, ВИЕ: (A) ПОТВРДУВАТЕ ДЕКА СТЕ ГО ПРОЧИТАЛЕ И РАЗБРАЛЕ ОВОЈ ДОГОВОР; (B) ИЗЈАВУВАТЕ ДЕКА ИМАТЕ ОВЛАСТУВАЊЕ ДА ВЛЕЗЕТЕ ВО ОВОЈ ДОГОВОР; (C) СЕ СОГЛАСУВАТЕ ДЕКА ОВОЈ ДОГОВОР Е ПРИМЕНЛИВ ЗА ВАС И ЗА БИЛО КОИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО ГО ДОБИЛЕ СОФТВЕРОТ И ЗА КОИ СЕ УПОТРЕБУВА; (D) ГИ ПРИФАЌАТЕ ОБВРСКИТЕ ОД ОВОЈ ДОГОВОР; И (E) ГИ ПРЕСТАВУВАТЕ И СЕ СОГЛАСУВАТЕ ДЕКА СИТЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ИНФОРМАЦИИ ОД ВАША СТРАНА СЕ ВИСТИНИТИ И ТОЧНИ СПОРЕД НАЈДОБРОТО ВАШЕ ЗНАЕЊЕ.

21. Известувања. Сите известувања до John Deere ќе бидат испратени со заверена или препорачана пошта на заедничките служби на John Deere, Inc., One John Deere Place, Moline, IL 61265 U.S.A. Понатаму, примерок од известувањето треба да се испрати до John Deere Intelligent Solutions Group, ATTN: Модул за обработка на слики John Deere, 9505 Northpark Drive, Urbandale, Iowa 50131, U.S.A. Сите известувања до John Deere ќе бидат ефективни по приемот. Сите известувања треба да ви бидат дадени, по дискреција од John Deere, или да бидат испратени преку заверена или препорачана пошта на адресата дадена на John Deere, трговецот на John Deere, или друг дистрибутивен партнер на John Deere поврзано со купувањето на IPM. Било кој начин на известување што го користи John Deere ќе биде ефективен по испраќањето. Вие се согласувате да го известите John Deere за секоја промена на вашата адреса на начин како што е наведено погоре.

22. Известувања и лиценци за софтвер од трети страни. Авторските права за одредени делови на софтверот може да бидат во сопственост од други трети страни (“Софтвер од трети страни”) и да се користи и дистрибуира под лиценца. Потврдите, известувањата, лиценците и соодветниот изворен код на софтверот на трети страни се достапни во затворен ЦД-РОМ или преку упатствата дадени во делот Известувања и лиценци за софтвер од трети страна во упатството за оператори. Софтверот од трети страни е лиценциран согласно применливата лиценца за софтвер од трети страни без оглед на можните спротивни услови во овој договор за лиценца.

OUO6075,0004F8F-A8-02DEC20

Известувања и лиценци за софтвер од трети страни за модулот за обработка на слики

Авторските права за одредени делови на софтверот може да бидат во сопственост или лиценцирани од други трети страни (“Софтвер од трета страна”) и да се користи и дистрибуира под лиценца. Известувањата од третите страни вклучува признанија, известувања и лиценци за софтверот на третата страна. Софтверот на третата страна е лиценциран според важечката лиценца за софтверот од третата страна, без оглед на спротивното во применетиот лиценциран договор за крајниот корисник. Софтверот на третите страни содржи софтвер заштитен со авторски права кој е лиценциран според GPL/LGPL или други лиценци за копирање. Копии од тие лиценци се вклучени во известувањата од третите страни.

Известувањата од трети страни се достапни електронски со извршување на следниве чекори:

Поврзете мобилен уред користејќи ја функцијата Мобилен со машина на MTG 4G LTE. Упатствата за користење на одликата Мобилен со машина може да се најдат во упатството за употреба на MTG 4G LTE.

Пронајдете ја моменталната IP-адреса на модулот за обработка на слики што може да се види со пристап до дијагностичките адреси на вашиот дисплеј. Одете до дијагностичките адреси GQM и пронајдете го текстот за IP-адреса лоциран во Дијагностичка адреса 8.

Отворете веб прелистувач на вашиот поврзан мобилен уред и одете до IP-адресата прикажана на Дијагностичка адреса 8.


Од нас можете да го добиете комплетниот соодветен изворен код за период од три години по последната испорака на софтверот со испраќање на писмено барање до:

Тим на Deere за усогласеност со отворен извор
P.O. Поле 1202
Молин, ИЛИНОИС 61266-1202 САД

Вклучете го “Изворот на модулот за обработка на слики GQM John Deere” и бројот на верзијата на софтверот во писменото барање. Понудата е важечка за секој што ќе ги добие овие информации.

OUO6075,0004F93-A8-02DEC20

Вредности на вртежниот момент за унифицирана цолови завртки и шрафови



TS1671—UN—01MAY03


Големина на завртка или шраф	SAE степен 1[a]				SAE степен 2[b]				SAE степен 5, 5.1 или 5.2				SAE степен 8 или 8.2			
	Шестоаголна глава[c]		Прирабничка глава[d]		Шестоаголна глава[c]		Прирабничка глава[d]		Шестоаголна глава[c]		Прирабничка глава[d]		Шестоаголна глава[c]		Прирабничка глава[d]	
	N·m	lb·in	N·m	lb·in	N·m	lb·in	N·m	lb·in	N·m	lb·in	N·m	lb·in	N·m	lb·in	N·m	lb·in
1/4	3,1	27,3	3,2	28,4	5,1	45,5	5,3	47,3	7,9	70,2	8,3	73,1	11,2	99,2	11,6	103
													N·m	lb·ft	N·m	lb·ft
5/16	6,1	54,1	6,5	57,7	10,2	90,2	10,9	96,2	15,7	139	16,8	149	22,2	16,4	23,7	17,5
									N·m	lb·ft	N·m	lb·ft				
3/8	10,5	93,6	11,5	102	17,6	156	19,2	170	27,3	20,1	29,7	21,9	38,5	28,4	41,9	30,9
					N·m	lb·ft	N·m	lb·ft								
7/16	16,7	148	18,4	163	27,8	20,5	30,6	22,6	43	31,7	47,3	34,9	60,6	44,7	66,8	49,3
	N·m	lb·ft	N·m	lb·ft												
1/2	25,9	19,1	28,2	20,8	43,1	31,8	47	34,7	66,6	49,1	72,8	53,7	94	69,3	103	75,8
9/16	36,7	27,1	40,5	29,9	61,1	45,1	67,5	49,8	94,6	69,8	104	77	134	98,5	148	109
5/8	51	37,6	55,9	41,2	85	62,7	93,1	68,7	131	96,9	144	106	186	137	203	150
3/4	89,5	66	98	72,3	149	110	164	121	230	170	252	186	325	240	357	263
7/8	144	106	157	116	144	106	157	116	370	273	405	299	522	385	572	422
1	216	159	236	174	216	159	236	174	556	410	609	449	785	579	860	634
1-1/8	305	225	335	247	305	225	335	247	685	505	751	554	1110	819	1218	898
1-1/4	427	315	469	346	427	315	469	346	957	706	1051	775	1552	1145	1703	1256
1-3/8	564	416	618	456	564	416	618	456	1264	932	1386	1022	2050	1512	2248	1658

Големина на завртка или шраф	SAE степен 1[a]				SAE степен 2[b]				SAE степен 5, 5.1 или 5.2				SAE степен 8 или 8.2			
	Шестоаголна глава[c]		Прирабничка глава[d]		Шестоаголна глава[c]		Прирабничка глава[d]		Шестоаголна глава[c]		Прирабничка глава[d]		Шестоаголна глава[c]		Прирабничка глава[d]	
1-1/2	743	548	815	601	743	548	815	601	1665	1228	1826	1347	2699	1991	2962	2185

Номиналните вредности на вртежниот момент се за општа употреба само со претпоставена прецизност од 20%, како на пример рачен клуч за вртежен момент.
НЕ употребувајте ги овие вредности ако различни вредности на моментот на вртење или постапката за затегнување се дадени за специфичната примена.
За сигурносни навртки, за челичните прицврстувачи или за навртките на U-завртки, видете ги упатствата за затегнување за специфичната примена.

Заменете ги прицврстувачите со такви од иста или повисока класа. Ако се користат прицврстувачи од повисока класа, тие треба да бидат затегнати како и оригиналните.

- Осигурете се дека навоите на прицврстувачите се чисти.
- Нанесете тенок слој од Hy-Gard или еквивалентно масло под главата и на навојот на затегнувачот, како што е прикажано на следната слика.
- Не ставајте многу масло за да го намалите потенцијалот за хидрауличено заклучување во слепи дупки поради прекумерно масло.
- Правилно започнете навојот во почетното стегање.




TS1741—UN—22MAY18

[a]Степенот 1 се однесува на шестоаголни шрафови со глава со должина над 6 in. (152 mm), и за сите други видови шрафови и завртки од било која должина.
[b]Степенот 2 се нанесува на завртки со инбус глава (не на машински завртки) се до должина од 6 in. (152 mm).
[c]Вредности на шестоаголната глава се валидни за ISO 4014 и ISO 4017 шестоаголната глава, ISO 4162 инбус и шестоаголните женски навртки на ISO 4032.
[d]Вредности на шестоаголнита глава се валидни за ASME B18.2.3.9M, ISO 4161, или EN 1665 производи од прирабничка глава.

DX,TORQ1(T)-A8-09MAY22

Метрички вредности на моментот на вртење за завртките и шрафовите



TS1742—UN—31MAY18


Големина на завртка или шраф	Класа 4.8				Класа 8.8 или 9.8				Класа 10.9				Класа 12.9			
	Шестоаголна глава[a]		Прирабничка глава[b]		Шестоаголна глава[a]		Прирабничка глава[b]		Шестоаголна глава[a]		Прирабничка глава[b]		Шестоаголна глава[a]		Прирабничка глава[b]	
	N·m	**lb·in**	**N·m**	**lb·in**	**N·m**	**lb·in**	**N·m**	**lb·in**	**N·m**	**lb·in**	**N·m**	**lb·in**	**N·m**	**lb·in**	**N·m**	**lb·in**
M6	3,6	31,9	3,9	34,5	6,7	59,3	7,3	64,6	9,8	86,7	10,8	95,6	11,5	102	12,6	112
									N·m	**lb·ft**	**N·m**	**lb·ft**	**N·m**	**lb·ft**	**N·m**	**lb·ft**
M8	8,6	76,1	9,4	83,2	16,2	143	17,6	156	23,8	17,6	25,9	19,1	27,8	20,5	30,3	22,3
			N·m	**lb·ft**	**N·m**	**lb·ft**	**N·m**	**lb·ft**								
M10	16,9	150	18,4	13,6	31,9	23,5	34,7	25,6	46,8	34,5	51	37,6	55	40,6	60	44,3
	N·m	**lb·ft**														
M12	—	—	—	—	55	40,6	61	45	81	59,7	89	65,6	95	70,1	105	77,4
M14	—	—	—	—	87	64,2	96	70,8	128	94,4	141	104	150	111	165	122

Големина на завртка или шраф	Класа 4.8				Класа 8.8 или 9.8				Класа 10.9				Класа 12.9			
	Шестоаголна глава[a]		Приработничка глава[b]		Шестоаголна глава[a]		Приработничка глава[b]		Шестоаголна глава[a]		Приработничка глава[b]		Шестоаголна глава[a]		Приработничка глава[b]	
M16	—	—	—	—	135	99,6	149	110	198	146	219	162	232	171	257	190
M18	—	—	—	—	193	142	214	158	275	203	304	224	322	245	356	263
M20	—	—	—	—	272	201	301	222	387	285	428	316	453	334	501	370
M22	—	—	—	—	365	263	405	299	520	384	576	425	608	448	674	497
M24	—	—	—	—	468	345	518	382	666	491	738	544	780	575	864	637
M27	—	—	—	—	683	504	758	559	973	718	1080	797	1139	840	1263	932
M30	—	—	—	—	932	687	1029	759	1327	979	1466	1081	1553	1145	1715	1265
M33	—	—	—	—	1258	928	1398	1031	1788	1319	1986	1465	2092	1543	2324	1714
M36	—	—	—	—	1617	1193	1789	1319	2303	1699	2548	1879	2695	1988	2982	2199

Номиналните вредности на вртежниот момент се за општа употреба само со претпоставена прецизност од 20%, како на пример рачен клуч за вртежен момент.
НЕ употребувајте ги овие вредности ако различни вредности на моментот на вртење или постапката за затегнување се дадени за специфичната примена.
За сигурносни навртки, за челичните прицврстувачи или за навртките на U-завртки, видете ги упатствата за затегнување за специфичната примена.

Заменете ги прицврстувачите со такви од иста или повисока класа. Ако се користат прицврстувачи од повисока класа, тие треба да бидат затегнати како и оригиналните.

- Осигурете се дека навоите на прицврстувачите се чисти.
- Нанесете тенок слој од Hy-Gard или еквивалентно масло под главата и на навојот на затегнувачот, како што е прикажано на следната слика.
- Не ставајте многу масло за да го намалите потенцијалот за хидрауличено заклучување во слепи дупки поради прекумерно масло.
- Правилно започнете навојот во почетното стегање.




TS1741—UN—22MAY18

[a] Вредности на шестоаголната глава се валидни за ISO 4014 и ISO 4017 шестоаголната глава, ISO 4162 инбус и шестоаголните женски навртки на ISO 4032.
[b] Вредности на шестоаголнита глава се валидни за ASME B18.2.3.9M, ISO 4161, или EN 1665 производи од прирабничка глава.

DX,TORQ2(T)-A8-09MAY22

Идентификациски броеви на машината

Интерпретирање на серискиот број на машината



H105725—UN—22AUG12

1	Код на производителот	Жетвени производствени објекти	
		CQ - John Deere Horizontina H0 - John Deere Harvester Works EK - John Deere Orenburg KM - Machinenfabrik Kemper GmbH & Co. KG PY - John Deere India Pvt. Ltd	SA - SABO Maschinenfabrik GmbH YC - John Deere (Jiamusi) Agricultural Machinery Co., Ltd. YH - John Deere (Harbin) Agriculture Machinery Co., Ltd Z0 - John Deere Werke Zweibrucken
2	Идентификатор за моделот на машината		
3	Суфикс за идентификација на модел Код за конфигурација на машината Дополнителни информации за машината		Пример: N, T, W, итн.
4	Буква за проверка		Пример: A, B, C, D, итн.
5	Календарска година на производство		Погледнете во табелата за Код за година на производство
6	Дополнителни информации		
7	Производствен сериски број		Пример: 000001, 000127, итн.

Код за година на производство							
Година	**Код**	**Година**	**Код**	**Година**	**Код**	**Година**	**Код**
2008	8	2018	J	2028	W	2038	8
2009	9	2019	K	2029	X	2039	9
2010	A	2020	L	2030	Y	2040	A
2011	B	2021	M	2031	1	2041	B
2012	C	2022	N	2032	2	2042	C
2013	D	2023	P	2033	3	2043	D
2014	E	2024	R	2034	4	2044	E
2015	F	2025	S	2035	5	2045	F
2016	G	2026	T	2036	6	2046	G
2017	H	2027	V	2037	7	2047	H


OUO6075,0004F74-A8-22OCT20

Идентификациски броеви

Вашата машина има овие различни идентификациски плочки. Буквите и броевите отпечатени на тие плочки се со цел да се идентификува компонентата или уредот. СИТЕ овие карактери се потребни кога се порачуваат делови или кога се идентификува машината или компонентите од страна на програмата за поддршка за производи на John Deere. Исто така, тие се потребни и како дел од законските прописи со цел да се пронајде Вашата машина ако некогаш тој биде украден. ПРЕЦИЗНО запишете ги сите карактери во празните места наведени во следните фотографии.


OUO6075,0000BE0-A8-04MAY11

Плочка за идентификација на машината



H134229—UN—27APR21

Плочка за идентификација




H134230—UN—27APR21

Плочка за идентификација

ЗАБЕЛЕШКА: Идентификациската плочка на машината се разликува во зависност од тоа каде машината се испраќа. Лоцирајте ја идентификациската плочка на машината и споредете ја со таму прикажаните информации.

OUO6075,00050B8-A8-27APR21

Локација на плочката за идентификација на машината




H97568—UN—10AUG10

Лоцирана е на десната страна на парапетот за слегување од кабината.

OUO6075,0000BE1-A8-04MAY11

Место на ознака за усогласеност со ЕвроАзиската економска унија



H111494—UN—30JUN14

A—Ознака за усогласеност

ЗАБЕЛЕШКА: Оваа информација се однесува само на производите што носат ознака за EAC усогласеност на државите кои се членки на Евроазиската економска унија.

Етикетата за усогласеност (A) се наоѓа од десната страна на рачката за спуштање кај кабината.

OUO6075,00041B8-A8-12NOV15

Толкување на серискиот број на моторот



H112201—UN—06NOV14

Примерок на плочка со сериски број на мотор

Секој мотор има 13 цифрен John Deere сериски број кој ја идентификува фабриката што произвела, го означува моделот на моторот и 6-то цифрен последователен број.

Сериски број на мотор (A)

Пример за 9.0 L (RG6090U123456)
Пример за 13.5 L (RG6135U123456)

RG . . . . . Фабрички код на произведен мотор
- RG . . . . . Ватерло, Ајова, САД

6090 . . . . . Број на цилиндри и вкупна зафатнина
- 6090 . . . . . 6 цилиндри, 9,0 литри

6135 . . . . . Број на цилиндри и вкупна зафатнина
- 6135 . . . . . 6 цилиндри, 13,5 литри

U . . . . . Потврда за емисија
- B . . . . . Незаверени
- C . . . . . Ниво 1/фаза 1
- D . . . . . Ниво 2/фаза II
- L . . . . . Ниво 3/фаза III A
- R . . . . . Привремено ниво 4/фаза III B
- U или V . . . . . Конечно ниво 4/Фаза IV и Фаза V

123456 . . . . . Сериски број на моторот

Број на модел на мотор (B)

Пример за 9.0 L (6090HFC09)
Пример за 13,5 L (6135HFC09)

6090 . . . . . Број на цилиндри и вкупна зафатнина
- 6090 . . . . . 6 цилиндри, 9,0 литри

6135 . . . . . Број на цилиндри и вкупна зафатнина
- 6135 . . . . . 6 цилиндри, 13,5 литри

H . . . . . Моторно вшмукување
- D . . . . . Атмосферско вшмукување
- T . . . . . Со турбокомпресор
- A . . . . . Турбополнач и меѓуладење, воздух-на-разладно средство
- H . . . . . Турбополнач и меѓуладење, воздух-на-воздух
- S . . . . . Турбополнач и меѓуладење, воздух-на-морска вода

Пример за 9.0 L (6090HFC09)
Пример за 13,5 L (6135HFC09)


F . . . . . Тип на корисник
- F . . . . . OEM (John Deere енергетски системи
- XX . . . . . Другите букви се користат за идентификација на производствените локации за опремата на John Deere

C . . . . . Индустриски
- C . . . . . Индустриски
- G . . . . . Gen-Set

09 . . . . . Конфигурација на мотор
- 09 . . . . . PSS (Серии на турбополначи, DOC/DPF и SCR)
- 94 . . . . . PVX (единечен VGT турбополнач)
- 95 . . . . . PSX (Серии на турбополначи и дополнителна обработка)

OUO6075,0004A29-A8-25SEP18

Сериски број на моторот (Ниво 2/фаза II)



H99413—UN—14DEC10

Стил A



H99437—UN—14DEC10


Стил B

Стил A: сместено на задната страна на машината.

Стил B: сместено на предната страна на машината над стартерот.


OUO6075,00044A4-A8-14NOV16

Сериски број на мотор (конечно ниво 4/ фаза IV)



H99414—UN—14DEC10

Стил А



H99415—UN—14DEC10


Стил В

Стил А: се наоѓа од задната страна на моторот.

Стил В: се наоѓа од предната страна на моторот над стартерот.

OUO6075,000482A-A8-14NOV17

Сериски број на кабината



H121251—UN—24APR17

Се наоѓа во горниот заден десен агол на кабината.

OUO6075,0004716-A8-13APR17

Пумпа на хидростатичката погонска единица




H99421—UN—14DEC10

Машини со механичко менување на брзини/со преносно копче за менување на брзини

Лоцирана на страната на хидростатична погонска пумпа.

OUO6075,0001059-A8-27FEB12

Мотор на хидростатичката погонска единица



H99424—UN—14DEC10


Пиркажаните машини ProDrive

Машини со механичко менување на брзини/со преносно копче за менување на брзини: Лоцирана на врвната страна на хидростатичната погонска пумпа.

Машини ProDrive: Лоцирана на долната страна на хидростатичната погонска пумпа.

OUO6075,0001058-A8-27FEB12

Моторите со погонот на четири тркала од две брзини




H99419—UN—14DEC10

Лоцирана на врвната страна на моторот со погонот на четири тркала.

OUO6075,0000AF4-A8-14APR11

Моторно погонско куќиште




H99418—UN—14DEC10

Се наоѓа од задната страна на моторното погонско куќиште.

OUO6075,00046E7-A8-28MAR17

Погонско куќиште за ротор




H99430—UN—14DEC10

Се наоѓа од левата страна на моторното погонско куќиште за роторот.

OUO6075,00046E8-A8-28MAR17

Пренос



H99426—UN—14DEC10

Прикажан пренос ProDrive

Машини со механичко менување на брзини/со преносно копче за менување на брзини: Лоцирана бочно од преносот

Машини ProDrive: Лоцирана пред преносот

OUO6075,0001056-A8-27FEB12

Реверсер на доставната комора




H99432—UN—14DEC10

Лоцирана на врвната страна на реверсерот на доставната комора.

OUO6075,0000AF9-A8-14DEC10

Повеќе-брзински механизам на куќиштето за достава (ако е опремено)




H99431—UN—14DEC10

Се наоѓа од задната страна на повеќе-брзинскиот механизам за куќиштето за достава.

OUO6075,00046E9-A8-28MAR17

Дробилката (ако е вградено)




H101339—UN—04MAY11

Лоцирана на левата страна на дробилката.

OUO6075,0000C27-A8-04MAY11

Крило на задната врата (делукс, средно и премиум ниво на одложување на остатокот)



H101340—UN—04MAY11

Се наоѓа од левата страна на крилото на задната врата.

OUO6075,0001820-A8-28MAY14

Напредна PowerCast™ задна врата (средно и премиум ниво на одложување на остатокот)




H101342—UN—04MAY11

Се наоѓа од левата страна на напредната PowerCast™ задна врата.

OUO6075,0001821-A8-28MAY14

Задната плоча PowerCast (отпад делукс)




H101343—UN—04MAY11

Лоцирана на левата страна на задната плоча PowerCast.

OUO6075,0000C2A-A8-04MAY11

PowerCast е заштитен знак на Deere & Company

Распрскувач (отпад делукс)



H101344—UN—04MAY11

Лоцирана на десната страна во распрскувачот.

OUO6075,0000C2B-A8-04MAY11

Чувајте го доказот за сопственост




TS1680—UN—09DEC03

1. Држете ги на сигурно место сериските броеви и ажуриран попис на целиот инвентар на производи и компоненти.
2. Редовно проверувајте плочките за идентификација да не се отстранети. Пријавете го секој доказ за фалсификување на надлежните органи и нарачете дупликат плочки.
3. Други чекори кои може да ги преземете:
   - Обележете ја Вашата машина со Ваш сопствен броен систем
   - Сликајте фотографии во боја од повеќе агли на секоја машина

DX,SECURE1-A8-18NOV03

Држете ја машината на сигурно место



TS230—UN—24MAY89

1. Поставете уреди против кражба.
2. Кога машината е складирана:
   - Спуштете ја опремата на тлото
   - Поставете ги тркалата на најширока положба со што ќе го направете оптоварувањето тешко
   - Отстранете ги сите клучови и акумулатори
3. Кога го паркирате во затворен простор, поставете голема опрема пред излезот и заклучете го објектот за складирање.
4. Кога паркирате во отворен простор, добро осветлете го просторот и оградете го.
5. Забележете сомнителна активност и пријавете веднаш каква било кражба на надлежните органи.
6. Известете го Вашиот трговец со John Deere опрема за каква било загуба.

DX,SECURE2-A8-18NOV03

Достапна литература за сервисирање на John Deere

Технички информации

Техничките информации може да се купат од John Deere. Публикациите се достапни во печатена форма во или CD-ROM формат.

Нарачките може да се направат со користење на едно од следново:

- Продавницата за технички информации на John Deere: **www.JohnDeere.com/TechInfoStore**
- Повик на 1-800-522-7448
- Контактирање на вашиот трговец на John Deere опрема

Достапните информации вклучуваат:




TS189—UN—17JAN89

КАТАЛОЗИТЕ ЗА ДЕЛОВИ содржат листа на сервисни делови за вашата машина со расклопен илустриран преглед за да ви помогне во одредувањето на правилните делови. Тоа е исто така корисно при склопување и расклопување.



TS191—UN—02DEC88

ПРИРАЧНИЦИТЕ ЗА РАБОТА обезбедуваат безбедносни, работни информации, како и за одржување и за сервисирање.



TS224—UN—17JAN89

ТЕХНИЧКИТЕ ПРИРАЧНИЦИ ги назначуваат сервисните информации за вашата машина. Вклучени се спецификации, илустрирани склопови и постапки на расклопување, дијаграми за проток на хидраулично масло, и шеми на електрично поврзување. Некои производи имаат одделни прирачници за поправка и дијагностички информации. Некои компоненти, како што е кај моторите, достапни се технички прирачници за одделни компоненти.



TS1663—UN—10OCT97

ОБРАЗОВНАТА ПРОГРАМА вклучува пет сеопфатни серии на книги со детални основни информации безоглед на производителот:

- Сериите на примарното земјоделство ја покрива технологијата за земјоделие и сточарство.
- Сериите за управување со земјоделски бизнис ги проучува проблемите во “реалниот свет” и нуди практични решенија во областите за маркетинг, финансирање, избор на опрема, и усогласување.
- Основите на сервисните прирачници ви покажуваат како да ја поправате и одржувате теренската опрема.
- Основите на машинските прирачници за работа ги објаснуваат машинските капацитети и прилагодувањата, како да ги подобрите перформансите на машината, и како да ги отстраните непотребните работи во поле.
- Основите на прирачниците за компактна опрема обезбедуваат упатства за сервисирањето и

одржувањето на PTO опрема со моќност до 40 коњски сили.

DX,SERVLIT-A8-07DEC16

Сервисот на John Deere ви овозможува постојано да работите

John Deere делови



TS100—UN—23AUG88

Ние Ви помагаме да го намалете губењето на време со тоа што веднаш на рака Ви даваме оригинални John Deere делови.

Затоа ние секогаш имаме широк и разновиден асортиман—за да бидеме еден чекор напред од Вашите потреби.

DX,IBC,A-A8-04JUN90

Вистинските алати




TS101—UN—23AUG88

Прецизните алати и опремата за тестирање овозможуваат нашиот Оддел за сервисирање да ги пронајдат и исправат проблемите со неверојатна брзина . . . за да Ви заштедиме време и пари.

DX,IBC,B-A8-04JUN90

Одлично обучени техничари



TS102—UN—23AUG88

Сервисерите на John Deere постојано се надградуваат со знаење.

Редовно се организира обука за да осигуриме дека нашиот персонал ја знае Вашата опрема и како да ракува со истата.

Резултат?

Искуство на кое можете да сметате!

DX,IBC,C-A8-04JUN90

Брз сервис



TS103—UN—23AUG88

Нашата цел е да овозможиме брза, ефикасна услуга кога сакате и каде сакате.

Може да вршиме поправки кај вас или кај нас, во зависност од околностите: дојдете кај нас, потпрете се на нас.

JOHN DEERE ИМА ОДЛИЧЕН СЕРВИС ЗА КЛИЕНТИ: Кога и да имате потреба, ние сме тука.

DX,IBC,D-A8-04JUN90

Индекс

А

Автоматизација на HarvestSmart™ 45-L-12
Автоматизација на хедер 45-C-13
Автоматска брзина на ременот на драперот 45-C-32
Автоматска брзина на ролната 45-C-31
Автоматска замена 45-B-8
Автоматска контрола на хедер 45-C-12
  Комбинации 95-3
Автоматски тест на хедер на издолжлива платформа 45-K-20
Автоматско прочистување на издувен филтер 45-G-4
Автоматско ротационо светло за ниво на жито 45-D-2
Аголен постамент
  Екран
    Работни проверки за VisionTrak™ 65-65
Агресивност на одзив
  HarvestSmart™ 45-L-11
  Автоматско одржување 45-L-31
Агресивност на реагирање на HarvestSmart™ 45-L-11
Агресивност на реагирање на автоматското одржување 45-L-31
Активни нагодувањеа на автоматско одржување .. 45-L-5
Акумулатор
  Притисок 130-2
Акумулатори
  Безбедно поставување 80-3
  Отстранување и инсталирање 80-6, 80-7
  Поврзување на кабли 80-4
  Поврзување на кабли за палење при празен акумулатор 80-5
  Полнење 80-4
  Прекинувач за исклучување 80-8
  Проверете акумулатори 130-G-12
  Проверување на специфичната тежина 80-5
Аларм
  Рикверц 10-16
Аларм за влага 45-D-5
Аларм за нагодено ниво 45-D-3
Амортизер на коленесто вратило
  Замена 130-M-1
  Проверка 130-J-5
Ангажирање на сврделот за празнење 45-K-17
Антена 20-2
Апликации на дисплејот CommandCenter 45-1
Апликација
  Видео
    Безбедност 80-10
    Прилагодување на камери 80-11
    Способност за видео интерфејс 80-11
Апликација Видео
  Способност за видео интерфејс 80-11
Апликација за видео
  Безбедност 80-10
  Прилагодување на камери 80-11

Б

Баласт
  Течен тег 85-24
  Услови 85-25, 85-26
БАРАЊЕ 45-M-34
Безбедност
  Безбедно поставување на акумулаторот 80-3
  Безбедносни правила за халогенски светилки ... 80-12
  Безбедното одржување, пракса 10-8
  Граничник на доставната комора 55-1
  Гуми, безбеден сервис 10-12
  Загревано и вентилирано операторско седиште 10-7
  Карактеристики на машината 05-1
  Налепници
    Кабина 15-6, 15-21
    Налепници од десно за остатоци (сецкач) 15-16
    Одозгора 15-25
    Остаток на десната страна (распространувач) 15-17
    Остаток на левата страна (распространувач) 15-13
    Положби за заврзување на машината 90-12
    Положби на џеб за дигалка 85-13
    Преден поглед 15-1
    Приказ на куќиштето за достава од лево .. 15-4
    Приказ на мотор 15-14
    Приказ на налепниците на куќиштето за достава од десно 15-23
    Приказ на остатоци од лево (сецкач) 15-12
    Приказ од десно 15-18, 15-21
    Приказ од лево 15-7, 15-10
    Скала за кабина 15-6
  Положби за заврзување на машината 90-12
  Положби на џеб за дигалка 85-14, 90-13
  Противпожарен апарат 20-5, 20-6, 115-3, 115-4
    Листа на проверки 115-1
    Места 20-7, 115-5
    Наплати 115-2
    Противпожарни препораки 115-1
    Работа 115-1
  Рикверц аларм 10-16
  Способност на операторот 10-2
  Транспорт на хедерот 10-3
Безбедност, избегнување течности под висок притисок
  Избегнувајте течности под висок притисок 10-11
Безбедност, подмачкувачи 125-20
Биодизел гориво 125-3

Битер за празнење
Заменување
Ленти за носење 65-46
Одзатнување 65-79
Подмачкување лежишта со маст 130-G-9
Битер за празнење (стандарден)
Заменување
Ленти за носење 65-47
Блок со сечила 45-B-8
Бочно светло на наоѓачот на редови
Заменување 80-21, 80-22
Брзина 45-B-5
Брзина на вентилатор 45-H-2
Брзина на вршење 45-F-9
Брзина на задно вратило на куќиштето за достава, прилагодливи палубни плочи на хедер за пченка (ако има во опрема) 45-M-40
Брзина на задното вратило 45-C-38
Брзина на кревање на куќиштето за достава 45-K-19
Брзина на мерно тркало 45-K-29, 45-K-30
Постапка 45-K-29, 45-K-30
Брзина на навалување 45-C-8
Брзина на подигнување/спуштање 45-C-7
Брзина на ремен на драпер 45-C-35
Брзина на странично навалување на куќиштето за достава 45-K-22
Брзини на патен превоз
Спецификации 110-8

В

Вакуумски вентилатор
Заменување
Погонски ремен (конечно ниво 4/фаза V)
9.0 L 130-Q-9
Погонски ремен (Конечно ниво 4/Фаза V)
9.0 L 130-Q-8
13.5 L 130-R-12
Вентилатор за чистење
Заменување
Ремен 65-54, 65-55
Одржување
Подмачкување лежишта со маст вратило кај прочистувачкиот вентилатор 130-G-9
Подмачкување со маст на варијабилни горни макари на прочистувачкиот вентилатор 130-B-5
Подмачкување со маст на варијабилни долни макари на прочистувачкиот вентилатор 130-B-5
Вентилатор со променлива брзина
Заменување
Погонски ремен (Конечно ниво 4/Фаза V)
9.0 L 130-Q-9
Одржување
Подмачкување со маст на погонски макари со променлива брзина 130-G-3
Вибрации на протокот на маса 45-K-2
Вибрирања на цело тело 145-16
Вибрирачко гумно
Вибрирачко гумно со рамни запци 65-58
Мерење 65-56
Нагодување
Мотор 65-62
Нагодување на двојната зона 65-59
Предно вибрирачко гумно 65-55
Отстранувач на плева со длабок заб 65-57
Премиум прочешлувачко гумно за пченка 65-57
Фиксно предно вибрирачко гумно 65-56
Вибрирачко гумно/сито/склопови на повратната тава
Не може да се сервисира 65-62
Видео за системот за жито 45-L-3
Видови на жнеење 95-1
Висока осетливост 45-C-9
Вишок отпадоци 45-L-26
Вклучување на сепараторот 45-M-29
Вклучување на хедер 45-M-29
Влажност
Табела за стандардна влажност и густина 100-18
Влезен акцелератор
Променување
Брзина на доставниот акцелератор со голема брзина и голем капацитет на достава ... 65-8
Доставен акцелератор со голема брзина и голем капацитет на достава 65-7
Влечење
Машина 90-13
Машината се движи кон наназад 90-15
Машината се движи кон напред 90-15
Внатрешно светло во кабината
Заменување 80-23
Во една точка
Заклучување 55-26
Нагодување
Заклучување 55-29
Во тек е ладење на мотор 45-G-6
Воздушен компресор 45-G-7
Заменување
Ремен (Конечно ниво 4/Фаза V)
9.0 L 130-Q-12
Ремен (Ниво 2/Фаза II)
9.0 L 130-Q-1
13.5 L 130-R-1
Менување
Ремен (Конечно ниво 4/Фаза V)
13.5 L 130-R-12
Одржување
Испуштање вода од боца 130-A-5
Резервоар 130-P-15

Воздушен филтер
Отстранување
Заштита на моторот од нечистотија (конечно ниво 4/фаза V)..... 130-P-17
Воздушни канали 70-11
Враќање на положбата на намотката..... 45-C-26
Враќање на положбата на плочите на платформата 45-C-27
Врати за чистење
Резервоар за зрна..... 75-2
Вредности на вртежен момент за завртките и шрафовите
Метрички..... 145-30
Унифициран цол..... 145-29
Вредности на вртежен момент на хардверот
Метрички..... 145-30
Унифициран цол..... 145-29
Вчитување на жетвени поставки..... 45-F-3
Ефекти при промена на културата..... 45-F-7
Зачувувана наместеност..... 45-F-6
Корисничка наместеност..... 45-F-7
Стандардно фабрички 45-F-6
Меморирана вредност..... 45-F-3
Состојба на слама 45-F-5
Услови при вршење..... 45-F-5

Г

Главен цилиндер
Подмачкувач
Носечки клин на главен цилиндар (HillMaster™ машини)..... 130-A-8
Главна страна на поставки за жетва..... 45-F-1
Главна страница за греење, вентилација и климатизација (HVAC)..... 45-H-1
Главна страница за моторот 45-G-1
Главна страница за пренос..... 45-I-1
Главна страница за хедер 45-C-1
Главна страница на Combine Advisor™ 45-L-1
Главна страница на Преклопување..... 45-E-1
Главна страница на Ракување со жито..... 45-D-1
Главна страница на светлата 45-J-1
Главно моторно погонско куќиште
Промена на масло 130-I-1, 130-J-3
Гориво
Биодизел..... 125-3
Вентил за прекин..... 130-P-7
Дизел 125-2
Заменување
Примарен и секундарен филтер за гориво 130-P-10
Филтер за предчистење на гориво при тешки работни услови (опција) 130-P-9
Измивање
Филтер за предчистење на гориво при тешки работни услови (опција) 130-P-8
Испуштање
Главен филтер на сепараторот на вода 130-P-7
Резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF) (Конечно ниво 4/фаза V)..... 130-P-4
Испуштање од резервоарот 130-P-7
Полнење
Резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF) (Конечно ниво 4/фаза V)..... 130-P-3
Полнење на резервоарот 125-2, 130-P-6
Проверка на оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF) (конечно ниво 4/фаза V)..... 30-5
Проверување на одушникот на резервоарот за гориво 30-4
Проверување на систем 30-3
Ракување и складирање 125-2
Систем за испуштање 130-P-11
Способност за подмачкување..... 125-5
Чистење
Предчистач..... 130-P-8
Филтер за предчистење на гориво при тешки работни услови (опција) 130-P-9
Грав
Поставки за културата..... 100-4
Граничници на решетката..... 65-10
Грашок
Поставки за културата..... 100-9
Гребла за конвергенција на откос 70-5
Грејач
Решавање на проблеми..... 135-23
Грижа за ремен и кондиционирање..... 110-11
Гуар (грозд грав)
Поставки за културата..... 100-6
Гуми
Барања во врска со баластот..... 85-25, 85-26
Вртлив момент на винтот на задното тркало 85-23
Вртлив момент на завртки од погонско тркало .. 85-12
Грижа и сервис за гуми 85-1
Двоглава навртка на стертер за погонот на тркала..... 85-12
Инсталирање
Предни тркала..... 85-19
Информации за задните гуми..... 85-11
Информации за предните гуми 85-11
Код за промена на радиусот на гумата 95-5
Основни информации за гуми 85-2
Отстранување
Предни тркала..... 85-15
Подготвување на двојните тркала за работа 85-13
Подготвување на двојните тркала за траснпортирање или работа..... 85-13
Поместување на тркалата на предниот погон ... 85-13

Проверка на притисокот
HillMaster 85-8, 85-11
Задна гума 85-9, 85-10
Предна гума 85-4, 85-6
Течен тег 85-24
